Службен весник на Република Македонија

Број 83 **8 мај 2018, вторник** **година LXXIV**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

СОДРЖИНА

		Стр.
1466.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата	**3**
1467.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија	**19**
1468.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за судовите	**32**
1469.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија	**37**
1470.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за консолидација на земјоделско земјиште	**46**
1471.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура	**58**
1472.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој	**61**
1473.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за ловството	**63**
1474.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор	**66**
1475.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации	**68**
1476.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за управување со кризи	**68**
1477.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување	**69**
1478.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата	**70**
1479.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за државниот инспекторат за земјоделство	**71**

		Стр.
1480.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција	**72**
1481.	**Закон** за изменување на Законот за стоковните резерви	**73**
1482.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција	**74**
1483.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија	**74**
1484.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам	**75**
1485.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки	**76**
1486.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар	**77**
1487.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност	**78**
1488.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија	**79**
1489.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи	**80**
1490.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурувањето	**81**
1491.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА)	**81**
1492.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати	**82**
1493.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за фондот за осигурување на депозити	**83**
1494.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за девизната инспекција	**84**
1495.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за државната статистика	**84**
1496.	**Закон** за изменување на Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија	**85**
1497.	**Закон** за изменување на Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија	**86**
1498.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за стандардизација	**87**
1499.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата	**87**
1500.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост	**88**
1501.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за акредитација	**89**
1502.	**Закон** за изменување на Законот за технолошки индустриски развојни зони	**90**
1503.	**Закон** за изменување на Законот за комплементарна и алтернативна медицина	**91**
1504.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност	**92**
1505.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција	**93**
1506.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства	**94**
1507.	**Закон** за финансиска поддршка на инвестиции	**95**
1508.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за државен пазарен инспекторат	**111**
1509.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за ревизија	**113**
1510.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност	**117**
1511.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за Кредитно биро	**120**
1512.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони	**124**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1466.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 мај 2018 година.

Бр. 08-2974/1
2 мај 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Горге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Член 1

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 169/15, 226/15, 55/16 и 11/18), во членот 2 став (1) во точката 78 зборовите: „Камп-приколка“ се заменуваат со зборовите: „Приколка за домување“.

Во точката 83 зборовите: „Возило со приколка (камп-возило)“ се заменуваат со зборовите: „Возило за домување“, а зборовите: „сопствено куќиште“ се заменуваат со зборовите: „посебна надградба“.

Точката 104 се менува и гласи:

„ „Возач-почетник“ е секој возач на возило во период од две години по впишувањето на датумот на издавање на категоријата во возачката дозвола, независно дали дозволата ја добил во Република Македонија или во странство и независно дали поседува возачка дозвола за друга категорија;“.

Точката 110 се менува и гласи:

„ „Меѓународна возачка дозвола“ е јавна исправа што ја издава Министерството за внатрешни работи или правно лице за вршење технички преглед на возила овластено од страна на Министерството за внатрешни работи по негово барање, врз основа на приложена македонска возачка дозвола од страна на возачот;“.

Точката 113 се брише.

Член 2

Во членот 14 став (1) по зборовите: „јавен пат“ се додаваат зборовите: „или со изведувањето на градежни работи го менуваат режимот на сообраќај на патот “

Во ставот (5) по зборот „улици“ се додаваат зборовите: „како и продолжувањето на неговата важност“.

Во ставот (11) зборовите: „ставовите (1) и (3)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1), (3) и (8)“.

Член 3

Во членот 26 став (5) зборовите: „автобус или товарно моторно возило“ се бришат.

Член 4

Во членот 66 став (4) бројот „10“ се заменува со бројот „11“.

Во ставот (5) бројот „11“ се заменува со бројот „10“.

Член 5

Во членот 86 став (5) по зборовите: „задната страна и“ се додава зборот „најмалку“, а зборовите: „секоја страна“ се заменуваат со зборовите: „бочните страни“.

Во ставот (8) по бројот „(4)“ се додаваат зборовите: „и (6)“.

Член 6

Во членот 108 став (7) по зборот „ставовите“ се додава бројот „(1),“.

Член 7

Во членот 128 став (4) зборовите: „ставот (1)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1) и (3)“.

Член 8

Во членот 129 став (1) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен моторцикли чија сила на мотор е поголема од 35 киловати.“

Член 9

Во членот 141 став (1) по зборовите: „други вредносни пратки“ се додаваат зборовите: „на специјално возило на силите за заштита и спасување,“.

Член 10

Во членот 155 став (3) зборовите: „две или повеќе општини“ се заменуваат со зборовите: „кое е во делокругот на работа на два или повеќе сектори за внатрешни работи на Министерството за внатрешни работи“.

Член 11

Во членот 169 став (1) зборот „меѓумесен“ се заменува со зборот „меѓуопштински“.

Член 12

Во член 188 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Сообраќајните знаци од ставот (3) на овој член се напишани прво на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а потоа и на останатите јазици од ставот (3) на овој член.“

Член 13

Во членот 220 по зборот „штета“ се додаваат зборовите: „и да извршат увид“.

Во алинејата 5 по зборовите: „возачката дозвола“ се додаваат зборовите: „односно возачката книшка“.

Член 14

Во членот 225 во ставовите (1), (5) и (7) по зборовите: „моторно возило“ се додаваат зборовите: „или со возило на моторен погон“.

Во ставот (6) по зборовите: „моторното возило“ се додаваат зборовите: „или со возилото на моторен погон“.

Член 15

Во членот 228 став (3) по алинејата 6 се додава нова алинеја 7, која гласи:

„- возач кој не поседува возачка дозвола,“.

По ставот (10) се додава нов став (11), кој гласи:

„(11) На возач кој не поседува возачка дозвола, а стори прекршок од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, за кои се изрекува глоба и санкција забрана за управување со моторно возило, покрај глобата му се изрекува и забрана за стекнување на возачка дозвола за истиот временски период предвиден во ставовите (6), (7), (8), (9) и (10) на овој член“.

Член 16

Во член 229 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Спроведувањето на оспособување на кандидат за возач може да го врши и подружница на автошкола по издавање на лиценца на автошколата за подружницата од Министерството за внатрешни работи.“

Во ставот (2) кој станува став (3) зборовите: „ставот (1)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1) и (2)“, а по зборот „автошколата“ се додаваат зборовите: „односно подружницата“.

Во ставот (3) кој станува став (4) зборовите: „ставот (2)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (3)“, а по зборот „автошколата“ се додаваат зборовите: „односно подружницата“.

Член 17

Во членот 231 став (1) алинејата 2 се менува и гласи:

„- да има опремена просторија (училница) од најмалку 20м2 опремена со соодветен уред (камера со сопствен уред за напојување) кој овозможува видео и аудио запис со можност за архивирање и документирање на снимените податоци кои се чуваат во автошколата 90 дена од денот на издавањето на потврдата за оспособеност на кандидатот за возач,“.

Во алинејата 5 сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 6 зборовите: „укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода“ се заменуваат со зборовите: „сообраќајни правила и прописи (теоретски дел)“, а точката се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 6 се додава нова алинеја 7, која гласи:

„- да има акт за организација на работа“.

Член 18

Во членот 232 став (1) алинеите 2 и 3 се менуваат и гласат:

„- најмалку еден предавач и

- најмалку двајца возач-инструктори.“

Во ставот (2) пред алинејата 1 се додаваат три нови алинеи, кои гласат:

„- има завршено високо образование;

- има работен стаж најмалку една година на работи поврзани со оспособување на кандидати за возачи;

- е вработен во автошколата на неопределено време или на определено време со полно работно време;“.

Алинејата 1 која станува алинеја 4 се менува и гласи:

„- има важечка возачка дозвола од категориите за кои автошколата врши оспособување на кандидати за возачи;“.

Во ставот (3) по зборовите: „посебни услови“ се додаваат две нови алинеи, кои гласат:

„- има завршено високо образование;

- е вработен во автошколата на неопределено време или на определено време со полно работно време“.

Во ставот (4) по алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- е вработен во автошколата на неопределено време или на определено време со полно работно време.“

Член 19

Во член 233 став (1) во алинејата 2 по буквата „А1“ се додава буквата „А2“, а зборовите: „и Г“ се бришат.

Во алинејата 3 по зборовите: „кандидатот за возач“ се става запирка и се додаваат зборовите: „освен за категориите „А1“, „А2“, „А“ и националната категорија „Ф“ за кои камерата се поставува во возилото управувано од возачот-инструктор кој ја спроведува обуката“.

Член 20

Во членот 236 став (1) точката 4 се брише.

Во ставот (2) точката 3 се брише.

Член 21

Во член 240 во ставовите (2) и (5) бројот „242“ се заменува со бројот „244“.

Член 22

Во членот 241 став (2) бројот „242“ се заменува со бројот „244“.

Член 23

Во членот 242 став (1) бројот „244“ се заменува со бројот „240“.

Член 24

Во членот 243 став (1) бројот „244“ се заменува со бројот „240“.

Член 25

Во членот 244 став (1) во алинеја 6 по зборот „возила“ се додаваат зборовите: „(сопствени или под закуп)“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Основачот, сопственикот, одговорното лице, раководителот, контролорот, претседателот и членовите на комисијата за полагање на возачкиот испит вработени во испитниот центар не смеат да ги извршуваат своите работни задачи во испитниот центар, доколку тие, нивните сопружници и членовите на нивните семејства по права линија до прв степен, се основачи, сопственици или вработени во автошкола, односно подружница која врши оспособување на кандидати за возачи на подрачјето на кое испитниот центар е овластен да врши работи на организирање и спроведување на возачки испит.“

Во ставот (4) зборовите: „согласно со посебен закон“ се заменуваат со зборовите: „заверена на нотар“.

Член 26

Во членот 245 по зборовите: „вработени во испитниот центар“ се додаваат зборовите: „на неопределено време или определено време со полно работно време“.

Член 27

Во членот 246 став (1) зборовите: „покрај општите услови за засновање на работен однос ги исполнува и следниве посебни“ се заменуваат со зборовите: „ги исполнува следните“, а пред алинејата 1 се додаваат четири нови алинеи, кои гласат:

„- има завршено високо образование;

- има живеалиште во Република Македонија;

- поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение;

- да е вработен во испитниот центар на неопределено време или на определено време со полно работно време;“.

Во алинејата 4 која станува алинеја 8 по зборовите: „кандидати за возачи“ се става запирка и се додаваат зборовите: „или работен стаж како и контролор или раководител на испитен центар.“

Во ставот (2) зборовите: „покрај општите услови за засновање на работен однос ги исполнува и следниве посебни“ се заменуваат со зборовите: „ги исполнува следните“, а пред алинејата 1 се додаваат четири нови алинеи, кои гласат:

„- има завршено високо образование;

- има живеалиште во Република Македонија;

- поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение;

- да е вработен во испитниот центар на неопределено време или на определено време со полно работно време;“.

Во алинејата 3 која станува алинеја 7 по зборовите: „кандидати за возачи“ се става запирка и се додаваат зборовите: „или работен стаж како контролор или раководител на испитен центар.“

Во ставот (3) зборовите: „покрај општите услови за засновање на работен однос ги исполнува и следниве посебни“ се заменуваат со зборовите: „ги исполнува следните“.

Во алинејата 1 зборот „најмалку“ се брише.

По алинејата 1 се додаваат три нови алинеи, кои гласат:

„- има живеалиште во Република Македонија;

- поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение;

- да е вработен во испитниот центар на неопределено време или на определено време со полно работно време“.

Во алинејата 2 која станува алинеја 5 зборовите: „испитниот центар“ се заменуваат со зборовите: „испитната комисија“.

Во алинејата 5 која станува алинеја 8 по зборовите: „кандидати за возачи“ се става запирка и се додаваат зборовите: „или работен стаж како контролор или раководител на испитен центар.“

Во ставот (4) зборовите: „покрај општите услови за засновање на работен однос ги исполнува и следниве посебни“ се заменуваат со зборовите: „ги исполнува следните“, а пред алинејата 1 се додаваат четири нови алинеи, кои гласат:

„- има завршено високо образование;

- има живеалиште во Република Македонија;

- поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение;

- да е вработен во испитниот центар на неопределенео време или на определено време со полно работно време;“.

Во алинејата 1 која станува алинеја 5 зборовите: „испитниот центар“ се заменуваат со зборовите: „испитната комисија“.

Во ставот (5) зборовите: „покрај општите услови за засновање на работен однос ги исполнува и следниве посебни“ се заменуваат со зборовите: „ги исполнува следните“, а пред алинејата 1 се додаваат четири нови алинеи, кои гласат:

„- има завршено најмалку средно образование;

- има живеалиште во Република Македонија;

- поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение;

- да е вработен во испитниот центар на неопределено време или на определено време со полно работно време;“.

Член 28

Во член 251 во ставовите (1), (2) и (3) точката 4 се брише.

Во ставот (4) зборовите: „ставовите (1) и (2)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1), (2) и (3)“.

Член 29

Во член 252 во ставот (5) зборот „повторното“ се брише.

Во ставот (6) зборовите: „ставовите (3) и (5)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (3)“.

Во ставот (7) зборовите: „ставот (5)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (4) и (5)“.

Во ставот (10) зборовите: „ставовите (3) и (5)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (3), (4) и (5)“.

Член 30

Во членот 253 став (1) бројот „251“ се заменува со бројот „252“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Во случај кога при вршењето на надзорот од ставот (1) на овој член се утврди дека раководителот и контролорот на испитниот центар, согласно делокругот на нивната организациска надлежност утврдена во актот за организација и работа од член 244 став (1) алинеја 2 овозможиле возачкиот испит да се спроведе спротивно на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, Министерството за внатрешни работи со решение ќе им ги одземе соодветните лиценци кои ги поседуваат.“.

Во ставот (2) која станува став (3) зборовите: „случај од ставот (1)“ се заменуваат со зборовите: „случаите од ставовите (1) и (2)“.

Ставот (3) се брише.

Во ставот (5) зборовите: „ставови (1)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1) и (2)“.

Член 31

Во член 254 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Министерството за внатрешни работи води евиденција на издадени уверенија за положен стручен испит, која содржи: реден број, датум на полагање на стручниот испит, датум на издавање на уверението, лично име, адреса на живеалиште, број на лична карта и забелешка. Податоците содржани во евиденцијата се чуваат трајно.“.

Ставовите (6), (7), (8), (9) и (10) стануваат ставови (7), (8), (9), (10) и (11).

Во ставот (7) кој станува став (8) зборовите: „ставот (6)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (7)“.

Член 32

Во членот 256 став (3) по зборот „опремена“ зборот „за“ се брише.

Член 33

Во членот 265 став (2) во алинејата 2 зборовите: „член 255 став (2)“ се заменуваат со зборовите: „член 254 став (4)“.

Член 34

Во членот 268 по ставот (3) се додаваат ОСУМ нови ставови, кои гласат:

„(4) Со приложување на диплома за завршено специјалистичко образование за занимање возач - инструктор од категоријата „А“ во дозволата за возач - инструктор покрај категоријата „А“ ќе му бидат запишани и категориите „А1“ и „А2“.

(5) Со приложување на диплома за завршено специјалистичко образование за занимање возач - инструктор од категоријата „А2“ во дозволата за возач - инструктор покрај категоријата „А2“ ќе му биде запишана и категоријата „А1“.

(6) Со приложување на диплома за завршено специјалистичко образование за занимање возач - инструктор од категоријата „Ц“ во дозволата за возач - инструктор покрај категоријата „Ц“ ќе му биде запишана и категоријата „Ц1“.

(7) Со приложување на диплома за завршено специјалистичко образование за занимање возач - инструктор од категоријата „Д“ во дозволата за возач - инструктор покрај категоријата „Д“ ќе му биде запишана и категоријата „Д1“.

(8) Со приложување на диплома за завршено специјалистичко образование за занимање возач - инструктор од категоријата „ЦЕ“ во дозволата за возач - инструктор покрај категоријата „ЦЕ“ ќе му биде запишана и категоријата „Ц1Е“.

(9) Со приложување на диплома за завршено специјалистичко образование за занимање возач - инструктор од категоријата „ДЕ“ во дозволата за возач - инструктор покрај категоријата „ДЕ“ ќе му биде запишана и категоријата „Д1Е“.

(10) Со приложување на диплома за завршено специјалистичко образование за занимање возач - инструктор од категориите „Б“ и „ЦЕ“ во дозволата за возач - инструктор покрај категориите „Б“ и „ЦЕ“ ќе му бидат запишани и категориите „БЕ“ и „Ц1Е“.

(11) Со приложување на диплома за завршено специјалистичко образование за занимање возач - инструктор од категориите „ЦЕ“ и „Д“ во дозволата за возач - инструктор ќе му бидат запишани категориите „Д1Е“ и „ДЕ“.

(12) Министерството за внатрешни работи води евиденција на издадени дозволи за возач - инструктор, во хартиена и во електронска форма.

(13) Евиденцијата од ставот (11) на овој член, ги содржи следните податоци: реден број, лично име, име на родител, датум и место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, ознака на категориите на возила со кои возачот - инструктор има право да управува, датум и место на полагање на возачки испит и забелешки.“.

Член 35

Во членот 269 став (1) во алинеја 3 по зборовите: „прекршочна санкција“ зборот „на“ се заменува со зборовите: „забрана за“, а по зборовите: „прекршочната санкција“ се додаваат зборовите: „сметано од денот на впишување на истата“.

Член 36

Во членот 272 став (2) во алинејата 1 зборовите: „националните категории „Ф“ и „Г“ се заменуваат со зборовите: „националната категорија „Г“.

По алинеја 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

„- 17 години за управување со возила од националната категорија „Ф“;“.

Во алинејата 2 која станува алинеја 3 бројот „17“ се заменува со бројот „18“.

Во ставот (6) зборовите: „моторно возило“ се заменуваат со зборовите: „возило на моторен погон“.

Член 37

Во членот 276 став (1) алинеја 3 по зборовите: „за управување со“ се додаваат зборовите: „мобилна машина, лесен четирицикл,“.

Член 38

Во член 277 ставовите (2) и (3) се менуваат и гласат:

„Возач - почетник од категориите „АМ“, „А1“, „А2“, „А“ и „Б“ не смее да управува возило во патниот сообраќај во времето од 23,00 часот до 5,00 часот, освен возач - почетник од категоријата Б ако со него во возилото на предното седиште се наоѓа лице - возач, од соодветната категорија кое е постаро од 25 години и за кое не трае прекршочна санкција забрана на управување со моторно возило.

Возачот од ставот (1) на овој член, кој поседува возачка дозвола од „А“ категорија, не смее да управува со возило чија сила на моторот е поголема од 40 киловати, а доколку поседува возачка дозвола од „А2“ категорија, не смее да управува со возило чија сила на моторот е поголема од 25 киловати.“.

По ставот (4) се додаваат два нови ставови (5) и (6), кои гласат:

„(5) На правното лице кое ќе нареди или дозволи на возач - почетник да постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 1.400 евра во денарска противвредност.

(6) За прекршокот од ставот (5) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице.“

Ставот (5) станува став (7).

Член 39

Во член 279 во ставот (1) зборот „моторно“ се брише, зборовите: „една година“ се заменуваат со зборовите: „шест месеци“ и зборот „моторното“ се брише.

Член 40

Во членот 280 став (1) зборовите: „Моторно возило“ се заменуваат со зборот „Возило“.

Член 41

Во членот 281 став (7) во алинејата 2 бројот „242“ се заменува со бројот „232“.

По ставот (12) се додаваат четири нови ставови(13), (14), (15) и (16), кои гласат:

„(13) Надзор над работата на Црвениот крст на Република Македонија, односно овластената здравствена установа во однос на исполнувањето на пропишаните услови за работа, начинот на оспособување на кандидатите за возачи и обврската за воспоставување и водење на евиденциите утврдени со овој закон, врши Министерството за здравство.

(14) Во случај кога при вршењето на надзорот од ставот (13) на овој член се утврди дека Црвениот крст на Република Македонија, односно овластената здравствена установа не ги исполнува пропишаните услови за работа, кандидатите за возачи не ги оспособува според наставниот план или на пропишан начин или не ги води евиденциите утврдени со овој закон, Министерството за здравство со решение го одзема овластувањето за вршење на оспособување на кандидати за возачи-укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода.

(15) Решението од ставот (14) на овој член, е конечно и против него може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

(16) Поведувањето на управен спор од ставот (15) на овој член не го одлага извршувањето на решението.“.

Член 42

По членот 281 се додава нов член 281-а, кој гласи:

„Член 281-а

(1) Трошоците за оспособување на кандидатите за возачи од членот 281 став (6) од овој закон и издадената потврда за оспособеност за укажување на прва помош се на товар на кандидатот кој треба да биде оспособен, во висина на реално направените трошоци.

(2) Реалните трошоци од ставот (1) на овој член се состојат од трошоци за:

- стручниот кадар;
- работните простории;
- опремата за спроведување на наставната програма и
- издавање на потврдата за оспособеност за укажување на прва помош.

(3) Висината на трошоците од ставот (2) на овој член ја утврдува министерот за здравство во согласност со министерот за внатрешни работи.

(4) Црвениот крст на Република Македонија или здравствената установа од членот 281 став (6) од овој закон се должни наплатата на средствата од кандидатите за возачи, да ја вршат согласно утврдената висина на реални трошоци.

(5) На Црвениот крст на Република Македонија, односно на овластената здравствена установа која постапува спротивно на одредбата од ставот (4) на овој член ќе и се изрече глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност.

(6) За прекршокот од ставот (5) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во Црвениот крст на Република Македонија, односно овластената здравствена установа во износ од 30% од одмерената глоба за Црвениот крст на Република Македонија, односно овластената здравствена установа.“

Член 43

Во членот 282 став (2) зборовите: „се спроведува“ се заменуваат со зборовите: „ја спроведува предавачот од автошколата“.

Во ставот (5) зборовите: „и печат на автошколата“ се бришат.

Член 44

Во членот 284 став (1) во алинејата 2 бројот „241“ се заменува со бројот „231“.

Член 45

Во член 285 во ставот (2) зборот „моторно“ се брише.

Во ставот (3) по зборовите: „автоматски менувач.“, на крајот од реченицата се додава нова реченица која гласи: „Потврдата содржи податоци за автошколата, реден број на матична книга, име, име на еден родител односно старател, презиме, година на раѓање, адреса на живеалиште односно престојувалиште, времетраење на наставата, категорија на возило, број на наставни часови, име и презиме на предавачот односно возачот-инструктор, име и презиме на стручен раководител.“

Член 46

Во членот 288 став (1) по зборот „два“ се додава зборот „наставни“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Возачот - инструктор кога оспособува кандидат за возач на пат, е должен со себе да ги носи и истите да ги покаже на барање на униформиран полициски службеник:

- возачката дозвола;
- дозволата за возач-инструктор;
- лиценцата;
- потврдата за задолжени посебни (L) таблици;
- потврдата за извршена проверка за познавање на правилата на сообраќајот на патиштата и сообраќајните знаци за онаа категорија за која истата е предвидена согласно одредбите од овој закон;
- картонот за евидентирање за оспособување на кандидатите за возачи од практичниот дел и
- наставниот план и програма за оспособување на кандидатите за возачи од практичниот дел.“

Член 47

Во членот 289 став (3) зборот „министерот“ се заменува со зборот „министерството“.

Член 48

По членот 290 се додава нова точка и нов член 290-а, кои гласат:

„5.4 Оспособување за управување на моторно возило на дете

Член 290-а

(1) Дете може да се стекне со право на оспособување за управување со возило, доколку ги исполнува следниве услови:

1) да наполнило 17 години и шест месеци возраст за „Б“ категорија, 16 години и шест месеци за националната категорија „Ф“ и 16 години возраст за категориите „АМ“, „А1“ и националната категорија „Г“;

2) да поседува лична карта;

3) да е здравствено и психофизички способно да управува со возило;

4) да има завршено најмалку основно образование и

5) да има согласност од двајцата родители, законскиот застапник или старателот, заверена на нотар.

(2) Оспособувањето за управување со возило на дете се врши согласно одредбите од овој закон, со бројот на наставни часови од теоретскиот и практичниот дел на наставната програма.“.

Член 49

Во членот 291 став (1) бројот „285“ се заменува со бројот „281“.

Во ставот (3) по зборовите: „забрана на вршење на дејност на испитниот центар“ се додаваат зборовите: „како и во случај кога лиценцата на испитниот центар е истечена,“.

Член 50

Во членот 295 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Прекршочен платен налог во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе им се издаде на претседателот и на членовите на испитната комисија кои постапуваат спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.“.

Член 51

Во членот 297 став (1) зборовите: „став (2)“ се заменуваат со зборовите: „став (3)“.

Во ставот (4) по зборовите: „24 часа“ се додаваат зборовите: „и му доставува примерок од решението“.

Член 52

Во членот 301 став (23) зборовите: „и четирицикли“ се бришат, а по зборовите: „21 година“ се додаваат зборовите: „како и со четирицикли“.

Член 53

Во член 304 ставот (5) се менува и гласи:

„Возачка дозвола може да се издаде или нејзината важност може да се ограничи и на рокови пократки од роковите утврдени во ставовите (1), (2) и (4) на овој член, врз основа на наодот и мислењето на здравствената установа, содржани во уверението за здравствената и психофизичката способност на лицето.“

Член 54

Во член 305 ставот (5) се менува и гласи:

„Прекршочен платен налог со глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.“

Член 55

Во член 307 по ставот (1) се додаваат четири нови ставови (2), (3), (4) и (5), кои гласат:

„(2) Возачката книшка од ставот (1) на овој член се издава на образец чија форма, содржина, боја, вид и квалитет на материјалот се еднообразни за територијата на Република Македонија.

(3) Образецот на возачката книшка од ставот (1) на овој член се печати на македонски јазик и неговото кирилско писмо и податоците во него се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

(4) На граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на нивно лично барање, образецот на возачката книшка од ставот (1) на овој член се печати и податоците во неа се запишуваат и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот.

(5) На граѓаните кои зборуваат јазик различен од службениот јазик, на нивно лично барање, податоците за личното име што се внесуваат во возачката книшка од ставот (1) на овој член се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот.“

Член 56

Во членот 308 став (1) по зборовите: „заради поништување“ се додаваат зборовите: „со перфорирање (дупчење).“ и се додава нова реченица која гласи: „Поништената возачка дозвола се враќа на возачот“.

Член 57

Во членот 313 став (2) зборовите: „алинеи 1 и 2“ се заменуваат со зборовите: „алинеја 1“.

Во ставот (6) по зборовите: „е истечен“ се додава зборот „не“.

Член 58

Во член 315 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Податоците во образецот на меѓународната возачка дозвола се запишуваат на основното латинично писмо (ICAO Doc.9303).“.

Ставовите (6) и (7) стануваат ставови (7) и (8).

Во ставот (8) кој станува став (9) бројот „6“ се заменува со бројот „7“.

Во ставот (9) кој станува став (10) бројот „8“ се заменува со бројот „9“.

По ставот (10) се додава нов став (11) кој гласи:

„(11) Висината на цената на образецот на меѓународната возачка дозвола што Министерството за внатрешни работи ќе го издава на овластените правни лица за вршење технички преглед од ставот (3) на овој член ја утврдува министерот за внатрешни работи со решение.“.

Член 59

Во членот 316 став (1) по зборот „регистар“ се додаваат зборовите: „во хартиена и во електронска форма“.

Член 60

Во членот 317 став (13) зборовите: „ставот (11)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (12)“.

Член 61

По членот 323 се додава нов член 323-а, кој гласи:

„Член 323-а

(1) Трошоците за здравствен преглед и издаденото уверение за здравствена и психофизичка способност на кандидат за возач или возачот на товар на кандидатот за возач, односно на возачот во висина на реално направените трошоци.

(2) Реалните трошоци од ставот (1) на овој член се состојат од трошоци за:

- стручниот кадар;
- работните простории;
- опремата за вршење на прегледите и
- издавање на уверението.

(3) Здравствената установа од членот 322 став (3) од овој закон е должна наплатата на средствата од кандидатите за возачи, односно возачи наплатата да ја врши согласно утврдената висина на реални трошоци.

(4) На здравствената установа која постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член ќе и се изрече глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност.

(5) За прекршокот од ставот (4) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во здравствената установа во износ од 30% од одмерената глоба за здравствената установа.“.

Член 62

Членот 324 се менува и гласи:

„Уверението за здравствена и психофизичка способност на возач и на кандидатот за возач не смее да биде постаро од 18 месеци во следните случаи:

- во времето на оспособување со моторно возило;
- при полагање на возачки испит;
- кога се поднесува барање за издавање на возачка дозвола за првпат и кога се поднесува барање за продолжување на важноста на возачката дозвола за категориите: „C1“, „C1E“, „C“, „CE“, „D1“, „D1E“, „D“, „DE“ и „T“;
- кога се врши заверка на нова категорија во возачката дозвола;
- кога возачот на моторното возило навршил 70 години возраст;
- при секое продолжување на важноста на дозволата за возач - инструктор;
- при запишување на нова категорија во дозволата за возач - инструктор и
- кога на возачот на моторно возило му е издадена возачка дозвола со пократок рок на важност заради здравствена состојба.“

Член 63

Главата „VII. ОСПОСОБУВАЊЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И СТЕКНУВАЊЕ ПРАВО НА УПРАВУВАЊЕ СО МОТОРНО ВОЗИЛО И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА ЗА ДЕЦА“ и членовите 331, 332, 333, 334 и 335 се бришат.

Член 64

Во членот 336 став (3) по зборовите: „возачот - инструктор“ се додаваат зборовите: „кога постојат оправдани причини од технички карактер (техничка неисправност, недостаток на уред и слично), како и кога возачот или возачот - инструктор“, а зборот „кој“ се брише.

Член 65

Во членот 340 став (1) бројот „337“ се заменува со бројот „339“.

Член 66

Во членот 341 став (1) по зборовите: „привремено ќе“ се додаваат зборовите: „го исклучи од сообраќај и ќе“, а зборовите: „и ќе го исклучи од сообраќај“ се заменуваат со зборот „на“.

Во алинејата 2 зборовите: „став (2)“ се заменуваат со зборовите: „ставови (2) и (3)“.

Алинејата 3 се менува и гласи:

„- ќе утврди дека му е изречена прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило, а забраната не е запишана во возачката дозвола, односно во возачката книшка;“.

Во алинејата 4 зборот „нема“ се заменува со зборовите: „не поседува возачка дозвола односно нема“.

Во алинејата 8 зборовите: „членот 333 став (1) од овој закон“ се заменуваат со зборовите: „членот 277 ставови (2), (3) и (4) од овој закон, како и кога влече приклучно возило или врши организиран превоз на деца“.

Ставот (8) се брише.

Ставовите (9), (10) и (11) стануваат ставови (8), (9) и (10).

Во ставот (10) кој станува став (9), зборовите: „ставот (9)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (8)“.

Во ставот (11) кој станува став (10), зборовите: „ставовите (9) и (10)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (8) и (9)“.

Член 67

Во членот 342 став (1) по зборовите: „возачката дозвола“ се додаваат зборовите: „односно во возачката книшка“, а бројот „389“ се заменува со бројот „391“.

Член 68

Во членот 348 став (2) алинеја 4 зборовите: „во објекти (освен индивидуални објекти) и на“ се заменуваат со зборовите: „објектите од алинеја 11 на овој став“ .

Алинејата 5 се менува и гласи:

„- поставување, заменување, дополнување и отстранување на сообраќајни знаци и заштитна опрема на постојните и новоизградените јавни патишта и улици;“.

Алинејата 11 се менува и гласи:

„- приклучување на придружно услужни објекти и содржини на патот на изградени државни или општински патишта и улици, согласно со важечкиот урбанистички план или урбанистички проект (автобуски стојалишта, стојалишта за возила, јавни паркиралишта покрај патот, одморалишта, бензински станици, автосервиси, мотели и автокампови, бази за одржување и пунктови за одржување на патот и бази за помошни информации), како и станици за технички преглед на возила;“.

Алинејата 12 се брише.

Во ставот (3) зборовите: „За приклучување на објектите согласно со ставот (2) алинеја 11“ се заменуваат со зборовите: „За утврдување на режимот на сообраќај од ставот (2)“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„По исклучок од ставот (3) на овој член, режимот на сообраќај на постојни патишта и улици кои не се предвидени или изградени согласно важечки урбанистички план или урбанистички проект, ќе се утврдува согласно одобрен основен сообраќаен проект, во кој нема да бидат прикажани приклучувањата на постојните објекти и објектите предвидени за градба.“.

Член 69

Во членот 350 став (1) по зборовите: „во согласност со“, зборовите: „Министерството за внатрешни работи и“ се бришат и по зборовите: „државни патишта“ зборовите: „по претходна согласност од Министерството за внатрешни работи“ се бришат.

Во ставот (2) зборовите: „во согласност со Министерството за внатрешни работи“ се бришат.

Член 70

Членот 352 се брише.

Член 71

Во членот 358 став (1) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „за кои е предвидена глоба до 50 евра во денарска противвредност“.

Член 72

Во член 364 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Во случај кога полициски службеник извршува службени дејствија од член 369 став (3) од овој закон, притоа не загрозувајќи ја безбедноста на другите учесници во сообраќајот не се применуваат одредбите од членовите 35 и 36 од овој закон.“.

Член 73

Во членот 374 став (2) бројот „15“ се заменува со бројот „30“, а по зборовите: „регулирање на сообраќајот на патиштата“ се додаваат зборовите: „согласно потребите и барањата од Министерството за внатрешни работи“.

Член 74

Во член 383 по ставот (5) се додаваат два нови ставови (6) и (7), кои гласат:

„(6) Ако сторителот на прекршокот од ставот (1) на овој член нема или не е предвидено да има возачка дозвола, а сторил прекршок за кој согласно одредбите на овој закон е предвидено издавање на мандатен платен налог, за сторениот прекршок ќе му биде врачен прекршочен платен налог во износ на глобата предвидена за тој прекршок.

(7) Ако сторителот на прекршокот од ставот (1) на овој член е странец, а сторил прекршок за кој согласно одредбите на овој закон е предвидено издавање на мандатен платен налог, за сторениот прекршок ќе му биде врачен прекршочен платен налог во износ на глобата предвидена за тој прекршок.“.

Член 75

Во членот 384 став (2) зборовите: „а за правно лице, назив, седиште и даночен број“ се бришат.

Член 76

Во членот 385 став (1) по зборовите: „278 став (3)“ се додаваат зборовите: „295 став (4), 305 став (5),“ а зборовите: „341 став (8)“ се бришат.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Доставувањето на писмената изготвени од Комисијата од ставот (1), се врши согласно одредбите од Законот за прекршоците и Законот за општата управна постапка.“.

Ставот (3) станува став (4).

Ставот (4) кој станува став (5) се брише.

Член 77

Во членот 386 став (1) зборовите: „333 став (2)“ се бришат, а по зборовите: „од овој закон“ се додаваат зборовите: „како и во случаите од член 383 ставови (6) и (7)“.

Член 78

По членот 386 се додава нов член 386-а, кој гласи:

„Член 386-а

На возачот кој согласно со одредбите од овој закон сторил прекршок во сообраќајот на патиштата со кој е предизвикана сообраќајна незгода, полициските службеник ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, без да му предложи на сторителот на прекршокот забрзана постапка за порамнување.“.

Член 79

Во членот 387 став (1) по зборовите: „281 ставови (9), (10), (11) и (12)“ се додаваат зборовите: „281-а ставови (5) и (6)“, зборовите: „315 ставови (8) и (9)“ се заменуваат со зборовите: „315 ставови (9) и (10)“, по збо-

ровите: „323 ставови (4) и (5)“ се додаваат зборовите: „323-а ставови (5) и (6)“, а по зборовите: „надлежниот суд“ се става запирка и се додаваат зборовите: „без да му предложи на сторителот на прекршокот забрзана постапка за порамнување“.

Ставот (2) се брише.

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (2) и (3).

Член 80

Во членот 390 став (1), по зборот „глобата“ се додаваат зборовите: „зголемен двојно од предвидениот износ“, а по зборовите: „моторни возила“ се додаваат зборовите: „односно возила на моторен погон“.

Во ставот (2) зборот „најмалку“ се заменува со зборовите: „шест месеци до“.

Член 81

Во членот 391 став (1) по зборот „возило“ се додаваат зборовите: „и забрана за стекнување на возачка дозвола“.

Во ставот (2) по зборот „неговата“ се додаваат зборовите: „возачка дозвола, односно“.

Член 82

Во членот 392 став (4) зборовите: „престанокот на важењето“ се заменуваат со зборовите: „предавањето односно одземањето“.

Во ставот (5) зборовите: „на начин и под услови утврдени со овој закон“ се заменуваат со зборовите: „односно полага теоретски и практичен дел од возачки испит“.

Член 83

По членот 393 се додаваат два нови члена 393-а и 393-б, кои гласат:

„Член 393-а

(1) Кога полициски службеник ќе утврди дека е сторен прекршок од страна на дете ќе постапи согласно со посебен закон.

(2) За прекршоците сторени од страна на дете надлежен е суд.

Член 393-б

За сите прашања поврзани со учеството на возачи - деца во сообраќајот на патиштата соодветно се применуваат одредбите од овој закон.“.

Член 84

Во членот 394, алинеите 9 и 10 се бришат.

Во алинејата 15 која станува алинеја 13, зборовите: „и минимална цена за спроведување на возачки испити во испитен центар“ се бришат, а зборовите: „(член 229)“ се заменуваат со зборовите: „(член 289)“.

Алинејата 19 која станува алинеја 17 се менува и гласи:

„- формата и содржината на обрасците на барањата за издавање на меѓународна возачка дозвола и одобрение за управување со туѓо моторно возило во странство, формата и содржината на образецот на меѓународната возачка дозвола и одобрението за управување со туѓо моторно возило во странство, како и начинот на нивно издавање и заменување и начинот на водење на евиденцијата на издадени меѓународни возачки дозволи и одобренија за управување со туѓо моторно возило во странство (членови 315, 316 и 317);“.

Во алинејата 20 која станува алинеја 18 зборовите: „начинот на водење на евиденција за издавање на меѓународни возачки дозволи и одобренија за управување со туѓо моторно возило во странство од страна на овластените правни лица“ се заменуваат со зборовите: „што треба да ги исполнуваат овластените правни лица за вршење технички - преглед на возила кои издаваат меѓународни возачки дозволи и одобренија за управување со туѓо моторно возило во странство“.

Во алинејата 26 која станува алинеја 24, зборовите: „(член 257)“ се заменуваат со зборовите: „(член 297)“.

Алинејата 28 која станува алинеја 26 се брише.

Член 85

(1) Во член 398 во алинејата 2 сврзникот „и“ се заменува со точка запирка.

(2) Во алинејата 3 бројот „(254)“ се заменува со бројот „(267)“, а точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

(3) По алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- висината на трошоците за проверка на стручноста на возачот - инструктор (член 270).“

Член 86

Во членот 399 алинеја 3 сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка и се додава нова алинеја која гласи:

„- висината на надоместокот за вршење здравствени прегледи на кандидати за возачи и возачи на моторни возила и висината на надоместокот за спроведување на настава за кандидати за возачи за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода;“.

Член 87

Во член 406 ставот (1) се менува и гласи:

„Издадените дозволи за возач - инструктор од категориите „А“, „Б“, „Ц“, „Д“ и „Е“ ќе бидат заменети со нови дозволи за возач - инструктор по истекот на рокот на важење наведен во истите.“

Во ставот (2) зборовите: „категориите „А1“ и „А2““ се заменуваат со зборовите: „категориите „А1“, „А2“ и „А“.“

Член 88

Во членот 409 став (2) зборовите: „членовите 232 став (2) алинеи 3 и 4, став (3) алинеја 2“ се заменуваат со зборовите: „членовите 232 став (2) алинеи 6 и 7, став (3) алинеја 4“, а бројот „2017“ се заменува со бројот „2019“.

Член 89

Во член 410 по ставот (2) се додаваат два нови ставови (3) и (4), кои гласат:

„(3) Условот за вршење на работите на организирање и спроведување на возачки испит за кандидат за возач од страна на испитните центри од членот 244 став (1) алинеја 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 169/15, 226/15, 55/16 и 11/18), кој се однесува на тоа испитниот центар задолжително да има сообраќаен автодром (полигон) во седиштето во сопственост или под закуп, за постојните, односно испитните центри кои имаат лиценца издадена согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 54/2007, 84/2007, 86/2008, 98/2008, 64/2009, 161/2009, 36/11, 51/11, 114/12 и 27/14) ќе започне да се применува од 30 ноември 2018 година.

(4) Условот за вршење на работите на организирање и спроведување на возачки испит за кандидат за возач од страна на испитните центри, што се однесува на лиценците за стручниот кадар од членот 246 став (1) алинеи 2 и 3, став (2) алинеја 2, став (3) алинеи 3 и 4, став (4) алинеја 2 и став (5) алинеја 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 169/15, 226/15, 55/16 и 11/18), ќе започне да се применува од 30 ноември 2019 година.“

Член 90

Кандидатите за возачи кои отпочнале со оспособување или со полагање на возачкиот испит, согласно одредбите од членовите 272 став (2), 279 став (1) и 331 став (1) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 169/15, 226/15, 55/16 и 11/18), ќе ја завршат постапката согласно условите кои важеле пред донесувањето на овој закон.

Член 91

Одредбите од членот 55 ставови (4) и (5) од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 октомври 2019 година.

Член 92

Одредбата од членот 405 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” број 169/15, 226/15, 55/16 и 11/18), нема да се применува до 1 јануари 2019 година.

На граѓаните кои имаат положено возачки испит за категориите „АМ“, „А2“ и „Т“ до 1 јануари 2019 година, Министерството за внатрешни работи им издава потврда за положен возачки испит со право за управување возило во сообраќајот за овие категории.

Потврдата од ставот 2 на овој член се издава со важност до 1 јануари 2019 година.

Формата и содржината на образецот на потврдата од ставот 2 на овој член ќе ја пропише министерот за внатрешни работи во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 93

За возач инструктор кој до денот на влегување во сила на овој закон се стекнал со дозвола за возач инструктор, ќе се применуваат одредбите од членот 34 од овој закон.

Член 94

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 95

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I G J
- проекција за слободни судиски места и запазување на принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија,
- следење на препораките и предложените мерки од анализите на тримесечните и годишните извештаи за работата на судовите,
- други работи од областа на неговата надлежност за кои ќе оцени дека треба да бидат содржани во Годишната програма за работа на Советот.“

Член 9

Во член 33 во ставот 6 по зборовите: „води записник“ точката се брише и се додаваат зборовите: „ и се снима тонски запис.“

Член 10

По членот 35 се додава нов член 35-а, кој гласи:

„Член 35-а

Член на Советот додека трае неговиот мандат, не може да биде избран за судија, за судија во повисок суд или за претседател на суд.“

Член 11

Во член 39 во ставот 2 по зборот „стопанска“ се става запирка и се додава зборот „управна“

Член 12

Членот 45 се менува и гласи:

„Доколку по спроведена постапка за избор на судија или претседател на суд, Советот утврди дека нема пријавено кандидат или сите пријавени кандидати во двете редовни последователни оценувања се оценети со негативна оценка, ќе донесе одлука за повторно огласување на избор на судија, односно претседател на суд.“

Член 13

Во член 54 во ставот 1 зборовите: „по барање на член на Советот, претседателот на судот, претседателот на повисокиот суд или општата седница на Врховниот суд на Република Македонија “ се бришат.

Член 14

Членот 56 се менува и гласи:

„Поднесеното барање за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд се доставува до членот на Советот-известител (во натамошниот текст:известителот) кој оценува дали барањето е навремено и целосно.

Доколку барањето е ненавременото и нецелосното, известителот со предлог-одлука го доставува до Советот на натамошно постапување, кој ненавременото или нецелосното барање ќе го отфрли со одлука, а доколку барањето е навремено и целосно, Советот од членовите со право на глас по пат на ждрепка формира Комисија за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд (во натамошниот текст: Комисијата) составена од претседател и два члена, водејќи сметка во составот на Комисијата да има застапеност на членови на Советот избрани од судиите и од страна на Собранието на Република Македонија .

Доколку член на Советот е подносител на барањето, истиот не може да биде известител ниту член на Комисијата од ставот 2 на овој член.

Доколку Советот утврдува одговорност на судија или претседател на суд кој припаѓа на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, во Комисијата еден член мора да биде припадник од заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.“

Член 15

Во член 60 во ставот 4 по зборот „истиот“ се додаваат зборовите: „не присуствува на расправата пред Советот и “.

Член 16

Во член 96 ставот 2 се менува и гласи:

„ Совет за одлучување по жалба (во натамошниот текст:Советот за жалба) е составен од девет члена, од кои тројца судии на Врховниот суд на Република Македонија, четворица судии од апелационите судови и двајца судии од судот од кој е судијата против кој е водена постапката и членовите се бираат јавно по систем на ждрепка на општа седница на Врховен суд на Република Македонија односно седница на сите судии на односниот суд, најдоцна во рок од 10 дена од денот на приемот на жалбата .“

По ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

„Советот за жалба најдоцна во рок од 30 дена од неговото формирање одлучува по жалбата на начин што може да го потврди или укине решението на Советот.

Советот во повторената постапка донесува конечна одлука, ценејќи ги напатствијата на Советот за жалба.“.

Ставот 3 кој станува став 5, се менува и гласи:

„Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и судија/претседател на суд учесник во постапката пред Советот не може да биде член на Советот за жалба од ставот 2 на овој член.“

Ставот 4, кој станува став 6, се брише.

Член 17

Пред членот 97 се додава нов наслов кој гласи:

„Повторување на постапка по повод конечна пресуда на Европскиот суд за човекови права во Стразбур“.

Член 18

Член 97 се менува и гласи:

„Кога Европскиот суд за човекови права ќе утврди повреда на човеково право или основните слободи предвидени со Европската конвенција за заштита на основните човековите права и основни слободи и Дополнителните протоколи на Конвенцијата, кои Република Македонија ги ратификувала во согласност со

Уставот на Република Македонија, во постапка пред Советот и Врховниот суд на Република Македонија судијата или претседателот на судот чие право е повредено во постапките, може во рок од 30 дена но најдоцна во рок од три години од конечноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права да поднесе барање до Советот за повторување на постапката.

За поднесеното барање Советот ја известува Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права, согласно со Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права.

Советот е должен во повторената постапка да ги почитува правните ставови изразени во конечната пресуда на Европскиот суд за човекови права со која е утврдена повредата на човековите права и основни слободи.

Советот согласно со член 25 од Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права може да ја повтори постапката за отстранување на повредата и последиците кои настанале од повредата.

Советот од своите редови во рок од 15 дена формира Комисија од претседател и два члена за постапување по поднесеното барање за повторување на постапката во која не можат да бидат членовите на Советот кои се членови на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права .

Комисијата цени дали поднесеното барање е навремено, целосно и дозволено.

Доколку барањето е нецелосно, ненавремено или недозволено, Комисијата ќе му предложи на Советот да го отфрли.

Доколку Комисијата утврди дека барањето е навремено, целосно и дозволено Комисијата предметот го доставува на натамошно постапување до Советот кој предметот најдоцна во рок од три дена го доставува на надлежно постапување до Советот за жалба при Врховниот суд на Република Македонија.

Советот за жалба е должен во рок од 15 дена од приемот на предметот да постапи и да ја укине својата одлуката и одлуката на Советот, водејќи се од правните ставови изразени во конечната пресуда на Европскиот суд за човекови права со која е утврдена повредата и предметот веднаш, а најдоцна во рок од три дена, да го врати на Советот на повторно постапување.

Повторената постапка во делот на утврдената повреда се води согласно одредбите од овој закон за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд, во која можат да бидат предлагани и изведувани нови докази .

Против одлуката донесена во повторената постапка, незадоволната странка има право на жалба до Советот за жалби во рок од 15 дена од приемот на одлуката.“

Член 19

Членот 98 се менува и гласи:

„Следењето на работата на судијата и претседателот на суд се врши преку редовно и вонредно оценување.

Судијата се оценува според вкупните резултати од постигнатата успешност во работењето преку утврдените квалитативни и квантитативни критериуми согласно одредбите од овој закон.“

Член 20

Членот 100 се менува и гласи:

„Редовното оценување на судијата и претседателот на суд се врши еднаш на две години, заклучно со крајот на јуни во тековната година, за работата на судот, судиите и претседателот на судот во претходните две години.

Вонредното оценување на работењето на судијата и претседателот на суд се врши во случај кога судијата конкурира за избор на судија во повисок суд, односно за избор на претседател на суд.

Ако судијата или претседателот на судот конкурираат за судија на повисок суд или за претседател на суд, во тековната година за претходната година за која се веќе оценети преку редовното оценување, во тој случај не се врши нивно вонредно оценување.“

Член 21

Членот 103 се менува и гласи:

„Квалитативните критериуми за оценување на работата на судијата се :

- квалитет на работата на судијата во делот на бројот на укинати одлуки заради сторена битна повреда на постапката во однос на вкупниот број на решени нормирани предмети,
- квалитет на работата на судијата во делот на број на преиначени одлуки во однос на вкупен број решени нормирани одлуки,
- квалитет во водење на судската постапка (почитување на законските рокови за преземање на процесни дејствија во постапката, почитување на законски рокови за донесување, објавување и изготвување на одлуките, времетраење на судската постапка и почитување на начелото на судење во разумен рок),
- квалитет на донесена одлука кој се утврдува преку увид во пет предмети по случаен избор од страна на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети и пет предмети определени од судијата, во периодот на оценување и
- изречена дисциплинска мерка.“

Член 22

Членот 104 се менува и гласи:

„Квалитетот на работа на судијата во делот на укинати и преиначени одлуки се оценува преку увид во автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети при што се зема во предвид само бројот на одлуките против кои се дозволени и се изјавени правни средства и истите се укинати заради сторена битна повреда на постапката.

Квалитетот во водење на судската постапка се оценува преку увид во податоците од автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети од кој се гледа активното работење на предметот и преземањето на сите процесни дејствија и почитување на законските рокови.

Квалитетот на донесена одлука се утврдува преку увид во пет предмети по случаен избор од страна на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети и пет предмети определени од судијата, во периодот на оценување, при што се цени способноста за усно и писмено изразување што се огледа и преку судиското стручно дејствување (примена на правна теорија и пракса, сложеност на предмет и слично), од страна на трочлени комисии формирани по пат на ждрепка, на седница на судии од надлежниот повисок суд, односно на општата седница на Врховниот суд на Република Македонија.

Изречена дисциплинска мерка писмена опомена, укор или намалување на плата се вреднува со негативни бодови само за еден период на оценување.“

Член 23

Во член 105 во ставот 2 по зборот „Советот“ зборовите: „со акт ја пропишува методологијата“ се заменуваат со зборовите: „донесува методологија со индикатори“, а точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и ја објавува на својата веб страница.“

Во ставот 3 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „врз основа на мислење на седница на судии, односно општата седница на Врховниот суд на Република Македонија.“

Член 24

Членот 106 се менува и гласи:

„Како основа за пресметување на оцената за работата на судијата се зема збирот на резултатите добиени од квалитативните и квантитивните критериуми.

Квалитативните критериуми во однос на квантитативните се во сооднос 60% наспроти 40 % при формирањето на конечната оценка.

При пресметувањето на оцената за работата на судијата се зема предвид ефективното време на работа. Начинот на пресметување на ефективното време на работа на судијата го пропишува Совет и истото се објавува на веб страница на Советот.“

Член 25

Членот 107 се менува и гласи:

„За квантитативни критериуми судијата може да добие максимум 80 бода.

Доколку бројот на решени предмети по одделни видови предмети во однос на предвидениот ориентационен број изнесува 100%, се смета дека судијата ги исполнил квантитативните критериуми и се вреднува со 60 бода.

Поголемиот или помалиот број на решени предмети во однос на предвидениот ориентационен број на предмети се вреднува на начин што за секој започнат 1% повеќе или помалку, бројот на бодови од ставот 2 на овој член се зголемува, односно намалува за 0,5 бода.“

Член 26

Членот 108 се менува и гласи:

„За квалитативните критериуми од член 103 од овој закон судијата може да добие максимум 120 бода.“

Член 27

Пред членот 109 се додава наслов кој гласи:

„Бодирање на квалитативни критериуми“.

Член 28

Членот 109 се менува и гласи:

„Квалитетот на работата на судијата во делот на бројот на укинати одлуки во однос на вкупниот број на решени нормирани предмети во периодот во кој се оценува, се бодува согласно следната табела:

Процент на укинати одлуки во однос на вкупниот број решени нормирани предмети	Бодови
До 3%	50
Од 3% до 6%	40
Од 6% до 15%	30
Од 15% до 20%	20
Повеќе од 20%	0

Квалитетот во водење на судската постапка (почитување на законските рокови за преземање на процесни дејствија во постапката, почитување на законски рокови за донесување, објавување и изготвување на одлуките, времетраење на судската постапка и почитување на начелото на судење во разумен рок), се бодува согласно следната табела:

	Бодови
- ги почитувал роковите во повеќе од 90% до 100% од предметите	30
- ги почитувал роковите во повеќе од 70% до 90% од предметите	20
- ги почитувал роковите во повеќе од 50% до 70% од предметите	10
- ги почитувал роковите во помалку од 50% од предметите	0

Квалитетот на работата на судијата во делот на бројот на преиначени одлуки во однос на вкупниот број на решени предмети во периодот во кој се оценува, се бодува согласно следната табела:

Процент на преиначени одлуки во однос на вкупниот број решени нормирани предмети	Бодови
До 5%	20
Од 5% до 10%	15
Од 10% до 15%	10
Од 15% до 20%	7
Од 20% до 30%	4
Повеќе од 30%	0

Квалитетот на донесена судска одлука се бодува согласно следната табела:

Средна оценка од Комисијата за квалитет на донесена судска одлука	Бодови
Од 8 – 10	20
Од 5 – 8	15
Од 3 - 5	10
Под 3	0

По основ на квалитативните критериуми судијата при оценувањето може да добие дополнително 5 бода за објавени стручни трудови или изработени образовни материјали за потребите на Академијата за судии и јавни обвинители.

Судијата бодовите од ставот 5 на овој член ќе ги добие доколку збирот на бодовите по основ на квантитативни и квалитативни критериуми изнесува најмалку 140 бода.

На судијата на кој при спроведена дисциплинска постапка му е изречена дисциплинска мерка, во периодот за кој се оценува бројот на бодовите утврдени врз основа на критериумите утврдени со овој закон му се намалува за секоја изречена мерка според следната табела:

Писмена опомена	5 бода
Јавен укор	10 бода
Упатување на дополнителни часови стручна обука	20 бода
Намалување на плата	30 бода

На судијата во периодот за кој се оценува бројот на бодовите утврдени врз основа на критериумите утврдени со овој закон му се намалуваат за 10 бода, доколку како резултат на неговото постапување е донесена пресуда од страна на Европскиот суд за човекови права со која е утврдена повреда на правото на правично судење согласно со членот 6 од Европската конвенција за човековите права и основни слободи или е донесена одлука на Врховниот суд на Република Македонија со која е утврдена повреда на правото за судење во разумен рок.

На судијата во периодот за кој се оценува, бројот на бодовите утврдени врз основа на критериумите утврдени со овој закон му се намалуваат по 5 бода за секој застарен предмет, доколку до застарувањето дошло како резултат од постапувањето на судијата.“

Член 29

Членовите 110, 111, насловот пред членот 112 и членовите 112 и 113 се бришат.

Член 30

Во член 114 во ставот 1 зборовите: „па само поради таа причина не може да биде оценуван по критериумите од членовите 110 и 111 на овој закон, истиот се оценува според критериумите од ставот 2 на овој член , за што може да добие 100 бода“ се заменуваат со зборовите: „судијата ќе добие максимални 90 бодови по критериумите од членот 109 ставовите 1 и 3, од овој закон, а ќе биде оценет по критериумот од член 109 став 2 од овој закон.“

Ставовите 2 и 3 се бришат.

Член 31

Членот 116 се менува и гласи:

„Врз основа на добиениот збир на бодови по квалитативните и квантитативните критериуми за следење и оценување на работата на судиите, Советот ги оценува судиите со следниве оценки:

1) позитивна оцена, која се состои од три степени:

- задоволителна, ако судијата добие од 75,5 до 105 бода,
- добра, ако судијата добие од 105,5 до 140 бода,
- многу добра, ако судијата добие над 140,5 бода и

2) негативна оценка, незадоволува доколку судијата добие помалку од 75 бода.“

Член 32

Членот 117 се менува и гласи:

„ Следењето и оценувањето на работата на претседателот на судот кој презел обврска за судење на предмети се врши согласно одредбите од овој закон кои се однесуваат на критериумите и постапката за следење и оценување на работата на судијата, со тоа што во однос на оценување на квантитативниот критериум од член 107 став 2 од овој закон, ориентационата норма се вреднува на 70% .

Бодовите добиени од оценувањето за работата како судија на претседателот на судот, му се додаваат на бодовите добиени при неговото оценување како претседател на суд, доколку како претседател на суд е оценет најмалку со оцена добар, со тоа што вкупниот број бодови не може да надмине 200 бода.“

Член 33

Насловот пред членот 118 и членот 118 се менуваат и гласат:

„Квантитативни критериуми за оценување на работата на претседател на суд

Член 118

Квантитативни критериуми за оценување на работата на претседател на суд како претседател на суд се процент на решени предмети на ниво на судот и процент на решени предмети, постари од три години, кои се добиваат преку автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети.”

Член 34

Пред членот 119 се додава нов наслов кој гласи:

„Квалитативните критериуми за оценување на работата на претседателот на судот“.

Член 35

Членот 119 се менува и гласи:

„Квалитативните критериуми за оценување на работата на претседателот на судот се:

1. реализирана програма за работа;
2. доследна примена на Судскиот деловник (Годишен распоред за работа, изземање на судии, прераспоредување на предмети и сл.);
3. функционирање на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети;
4. квалитет на донесена одлука во судска управа и
5. односи со јавноста и транспарентност во работењето.

Податоците за утврдување на резултатите од ставот 1 на овој член се обезбедуваат од годишниот извештај за работата на судот кој е разгледан на општа седница од страна на Врховниот суд на Република Македонија, програмата за работа на претседателот на судот, извештаите од редовните и вонредни контроли од страна на повисокиот суд, Советот и Министерството за правда.“

Член 36

Членот 120 се менува и гласи:

„Квалитативните критериуми за оцена на работата на претседателот на судот, како претседател на суд се:

- реализирана програма за работа која се оценува преку увид во поднесената програма за работа при изборот за претседател на судот,
- доследна примена на Судскиот деловник, особено во однос на постапката за донесување и изменување на Годишен распоред за работа, почитување на специјализација на судии, постапка за изземање на судија, прераспоредување на предмети и сл), која се оценува преку увид во извештаите од редовните и вонредни контроли од страна на повисокиот суд, Советот и Министерството за правда,
- функционирање на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети кое се оценува преку увид во извештаите од редовните и вонредни контроли од страна на повисокиот суд, Советот и Министерството за правда,
- квалитет на донесена одлука во судска управа, кој се утврдува преку континуиран увид во пет предмети по случаен избор од страна на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети и пет предмети определени од претседателот на судот, во периодот на оценување, при што се цени законскиот основ, разбирливоста и јасноста на јазикот во одлуката, јасна аргументираност на сите факти, околности и докази и
- односи со јавноста и транспарентност во работењето, кои се оценуваат преку увид во веб страницата на судот (соопштенија за работа на судот, објавени одлуки, анализи и извештаи за работата на судот и сл.) и слободен пристап до информации од јавен карактер.“

Член 37

Насловот пред членот 121 се менува и гласи:

„Пресметување на оценатa за работата на претседател на суд“.

Член 38

Членот 121 се менува и гласи:

„Како основа за пресметување на оценатa за работата на претседател на суд се зема збирот на резултатите добиени од квалитативните и квантитивните критериуми. Квалитативните критериуми во однос на квантитативните се во сооднос 60% наспроти 40 % при формирањето на конечната оценка.

При пресметувањето на оценатa на работата на претседателот на судот се зема предвид вкупното ефективно работно време на сите судии во судот во периодот на оценување, поделено со вкупно 11 работни месеци по година, во периодот на оценувањето.”

Член 39

Насловот пред членот 122 се менува и гласи:

„Бодирање на квантитативни критериуми“.

Член 40

Членот 122 се менува и гласи:

„Процентот на решени предмети на ниво на судот во однос на ориентациониот број на предмети се определува преку збирот на квантитативните бодови на сите судии во судот, поделено со просечниот број на судии во периодот на оценување, за што работата на претседателот на судот се бодува како претседател на суд се бодува според следната табела:

Процент на решени предмети во однос на ориентациониот број на предмети	Бодови
Повеќе од 130%	40
Од 111% до 130%	25
Од 91% до 110%	15
Од 70% до 90%	10
Под 70%	0

Процент на решени стари предмети се определува како однос помеѓу бројот на решени стари предмети постари од три години во однос на вкупниот број стари предмети постари од три години во судот, според следната табела:

Процент на решени предмети постари од три години	Бодови
Повеќе од 60%	40
50% - 60%	25
40% - 50%	15
15% - 40%	10
Под 60%	0

Член 41

Насловот пред членот 123 се менува и гласи:

„Бодирање на квалитативни критериуми“.

Член 42

Членот 123 се менува и гласи:

„Реализираната програма за работа на претседател на судот се бодува согласно проценката на комисијата за оценување за процент на реализирани активности по години, според следната табела:

Процент на реализирана програма за работа	Бодови
Повеќе од 90%	40
80% - 90%	30
60% - 80%	20
40% - 60%	10
Под 40%	0

Доследната примена на Судскиот деловник (Годишен распоред за работа, изземање на судии, прераспоредување на предмети и сл) се бодува согласно следната табела:

Доследна примена на Судскиот деловник	Бодови
Нема констатирани недоследности во извештаите од редовните и вонредни контроли од страна на повисокиот суд, Судскиот совет и Министерството за правда	20
Има констатирани недоследности во извештаите од редовните и вонредни контроли од страна на повисокиот суд, Судскиот совет и Министерството за правда и истите се надминати согласно препораките и роковите од извештаите	10

Функционирањето на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети се бодува согласно со следнава табела:

Функционирање на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети	Бодови
Доследно законско функционирање на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети	20
Минимални недоследности во законско функционирање на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети	10

Квалитетот на донесена одлука во судска управа (се цени законскиот основ, разбирливоста и јасноста на јазикот во одлуката, јасна аргументираност на сите факти, околности, докази) се бодува согласно следната табела:

Квалитет на донесена одлука во судска управа	Бодови
Од 7 – 10 предмети	20
Од 4 – 7 предмети	10
Под 4 предмети	0

Критериумот односи со јавноста и транспарентност во работењето се бодува согласно следната табела:

Односи со јавноста и транспарентност во работењето	Бодови
Од 7 – 10 информации (објави, барања и сл.)	20
Од 4 – 7 информации (објави, барања и сл.)	10
Под 4 информации (објави, барања и сл.)	0

Претседателот на судот за остварен квалитет во работата како претседател на суд се оценува со максимум 120 бодови.“

Член 43

Членот 124 се менува и гласи:

„Оцената на Советот за работата на претседателот на судот може да биде позитивна или негативна.

Врз основа на добиениот збир на бодови по сите критериуми за следење и оценување на работата на претседателот на судот, Советот го оценува претседателот на судот како претседател на суд со следниве оцени:

1) позитивна оцена, која се состои од три степени:

- задоволителна, ако добие од 141-155 бода,
- добра, ако добие од 156-180 бода и
- многу добра, над 181 и

2) негативна оцена, доколку добие помалку од 140 бода.“

Член 44

Во членовите 126 и 127 по зборовите: „се избираат“ се додаваат зборовите: „по пат на ждрепка“.

Член 45

Во член 129 ставот 3 се брише.

Член 46

Во член 132 во ставот 1 по зборот „ судиите“ се додаваат зборовите: „ со најмалку 15 години судиски стаж “.

Член 47

Во член 135 во ставот 2 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „ на веб страницата на Советот“.

Во став 3 во алинејата 1 по зборот „разрешените“ се додаваат зборовите: „претседатели на судови,“

Во алинејата 2 зборовите: „дисциплински постапки“ се заменуваат со зборовите: „постапки за утврдување на одговорност,“

Алинеја 5 се менува и гласи:

„-за состојбата во судовите согласно годишните извештаи за нивната работа.“

Алинејата 6 се брише.

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Извештајот содржи и податоци за степенот на реализација на Годишната програма за работа на Советот по ставки.“

Ставовите 5, 6 и 7 стануваат ставови 6, 7 и 8.

Член 48

Во член 136 во ставот 1 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „која врши административни, стручно-технички, организациски, информатички и финансиски работи.“

Член 49

По членот 137 се додава нов член 137-а, кој гласи:

„Член 137-а

Во Советот се формира Центар за информацискокомуникациска технологија, аналитика и статистика, кој е одговорен за чување на базата на податоци за електронски досиеја на судии, кандидатски листи за избор на судии и претседатели на судови, оценување на судии и претседатели на судови и базата на податоци за финансиско и материјално работење на единките корисници на судскиот буџет.

Центарот е одговорен за чување и на реплицирана база на податоци за Судскиот информатички систем која е сместена во Врховниот суд на Република Македонија и истата се користи согласно одредбите од овој закон.

Центарот ги координира активностите на другите центри за информатика во судството со цел подобрување на софтверските и хардверски решенија во судството.“

Член 50

Подзаконските акти предвидени со овој закон Советот е должен да ги донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 51

Одлуката за утврдување на бројот на слободни судиски места за основните судови во Република Македонија донесена во рокот утврден во членот 38 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 60/2006, 150/10, 100/11, 20/15, 61/15 и 197/17), за 2018 година, Академијата за судии и јавни обвинители ќе ја спроведе по 30 септември 2018 година.

Член 52

Започнатите постапки за избор на судија или претседател на суд до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 60/2006, 150/10, 100/11, 20/15, 61/15 и 197/17).

Започнатите постапки за разрешување на судија или претседател на суд до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно одредбите од овој закон.

Започнатите постапки за утврдување на дисциплинска одговорност на судија или претседател на суд до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно одредбите од овој закон .

Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети ќе се усогласи согласно одредбите од овој закон за оценување на судиите и претседателите на судовите во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Вонредното оценување на судиите и претседателите на судовите до усогласувањето на Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети во судот ќе се спроведе согласно одредбите од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 60/2006, 150/10, 100/11, 20/15, 61/15 и 197/17) .

Оценувањето на судиите и претседателите на судовите ќе се спроведе во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Центар за информациско-комуникациска технологија, аналитика и статистика, во Советот ќе се формира најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 53

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I G J
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR KËSHILLIN GJYQËSOR TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

Neni 1

Në Ligjin për Këshillin Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 60/2006, 150/10, 100/11, 20/15, 61/15 dhe 197/17) në nenin 1 fjalët: “procedura disiplinore për konstatim të përgjegjësisë disiplinore të gjyqtarëve procedura për” zëvendësohen me fjalët: “procedura për përcaktim të përgjegjësisë së gjyqtarit ose kryetarit të gjykatës,”.

Neni 2

Neni 8 ndryshohet si vijon:

“Me punën e Këshillit udhëheq kryetari.

Kryetari i Këshillit ka zëvendës, i cili e zëvendëson në mungesë të tij.

Kryetari i Këshillit dhe zëvendësi i tij zgjidhen nga radhët e anëtarëve të Këshillit me shumicë të votave prej anëtarëve me të drejtë vote, me votim të fshehtë.

Mandati i kryetarit të Këshillit dhe i zëvendëskryetarit të Këshillit zgjat dy vite pa të drejtë rizgjedhjeje.

Për kryetar dhe zëvendëskryetar të Këshillit nuk mund të zgjidhen ministri i Drejtësisë dhe kryetari i Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë.”

Neni 3

Në nenin 12 paragrafi 2 në alinenë 3 fjalët: “tre vitet e fundit” zëvendësohen me fjalët: “dy vlerësime të rregullta të njëpasnjëshme”.

Neni 4

Në nenin 26 pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: “përveç gjyqtarit ose prokurorit publik i cili në momentin e konkurist kryen funksion të gjyqtarit ose prokurorit publik.”.

Neni 5

Në nenin 30 paragrafi 1 pika 4) ndryshohet si vijon:

“nëse është i gjykuar me aktgjykim të plotfuqishëm për vepër penale keqpërdorim të detyrës zyrtare dhe autorizimit në kryerjen e funksionit ose vepër tjetër penale me dënim me burg pa kusht prej së paku gjashtë muajsh që e bën të padenjë për kryerje të funksionit anëtar të Këshillit."

Neni 6

Pas nenit 30 shtohen titull i ri dhe nen i ri 30-a, si vijojnë:

“Largimi i përkohshëm nga kryerja e funksionit anëtar i Këshillit

“Neni 30-a

Anëtari i Këshillit mund të largohet nga kryerja e funksionit anëtar i Këshillit, nëse:

- është miratuar aktakuzë në rastet nga neni 30 paragrafi 1 pika 4) e këtij ligji.

Vendim për largim të përkohshëm nga funksioni anëtar i Këshillit miraton Këshilli me dy të tretën e shumicës së votave nga numri i përgjithshëm i anëtarëve me të drejtë vote me ç’rast nga mbledhja dhe votimi përjashtohet anëtari i Këshillit kundër të cilit është ngritur procedura."

Neni 7

Në nenin 31 paragrafi 1 në alinenë 13 pas fjalëve: “nga kryerja e funksionit të gjykatësit si gjykatës” zëvendësohen me fjalët: “dhe anëtarit të këshillit nga kryerja e funksionit anëtar i Këshillit.”

Pas paragrafit 3 shtohet paragraf i ri 4, si vijon:

“Këshilli miraton program vjetor për punë me plan aksional më së voni deri më 15 dhjetor të vitit rrjedhës për vitin e ardhshëm."

Neni 8

Pas nenit 31 shtohen titull i ri dhe nen i ri 31-a, si vijojnë:

“Programi vjetor për punë

Neni 31-a

Programi vjetor për punë të Këshillit përmban:

- masa dhe aktivitete për avancimin e pavarësisë së gjyqësorit,
- masa dhe aktivitete për rritjen e efikasitetit të gjyqësorit,
- plan për përcjellje të vazhdueshme të punës së gjykatave,
- projekt për vende të lira të gjykatësit dhe respektim të parimit të përfaqësimit të drejtë dhe adekuat të pjesëtarëve të bashkësive të cilat nuk janë shumicë në Republikën e Maqedonisë,
- përcjellje të rekomandimeve dhe masave të propozuara nga analizat e raporteve tremujore dhe vjetore për punën e gjykatave,
- punë tjera nga fusha e kompetencës së vet për të cilat do të vlerësojë që duhet të jenë pjesë e Programit vjetor për punë të Këshillit.”

Neni 9

Në nenin 33 në paragrafi 6 pas fjalëve: “mban procesverbal” pika shlyhet dhe shtohen fjalët: “dhe incizohet regjistrim i zërit.”

Neni 10

Pas nenit 35 shtohet nen i ri 35-a, si vijon:

“Neni 35-a

Anëtari i Këshillit derisa zgjat mandati i tij, nuk mund të zgjidhet për gjykatës, për gjykatës në gjykatë më të lartë ose për kryetar gjykate."

Neni 11

Në nenin 39 në paragrafin 2 pas fjalës “ekonomike” vihet presje dhe shtohet fjala “administrative”.

Neni 12

Neni 45 ndryshohet si vijon:

“Nëse pas procedurës së zbatuar për zgjedhje të gjykatësit ose kryetarit të gjykatës, Këshilli përcakton se nuk ka kandidat të paraqitur ose të gjithë kandidatët e paraqitur në dy vlerësimet e rregullta të njëpasnjëshme janë vlerësuar me notë negative, do të merr vendim për shpallje të sërishme të zgjedhjes së gjykatësit, përkatësisht kryetarit të gjykatës.”

Neni 13

Në nenin 54 në paragrafin 1 fjalët: “me kërkesë të anëtarit të Këshillit, kryetarit të gjykatës, kryetarit të gjykatës më të lartë ose seancës së përgjithshme të Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë” shlyhen.

Neni 14

Neni 56 ndryshohet si vijon:

“Kërkesa e parashtruar për përcaktim të përgjegjësisë së gjykatësit ose kryetarit të gjykatës dërgohet te anëtari i Këshillit-raportuesi (në tekstin e mëtejmë: raportuesi) i cili vlerëson nëse kërkesa është e parashtruar me kohë dhe e plotë.

Nëse kërkesa nuk është parashtruar me kohë dhe është e pakompletuar, raportuesi me propozim-vendim e parashtron në Këshillin për veprim të mëtejmë, i cili kërkesën e parashtruar jo në kohë dhe të pakompletuar do ta hedh poshtë me vendim, e nëse kërkesa është e parashtruar me kohë dhe e plotë, Këshilli, prej anëtarëve me të drejtë vote nëpërmjet shortit formon Komision për përcaktim të përgjegjësisë së gjykatësit ose kryetarit të gjykatës (në tekstin e mëtejmë: Komisioni) të formuar prej kryetarit dhe dy anëtarëve, duke mbajtur llogari që në përbërjen e Komisionit të ketë përfaqësim të anëtarëve të Këshillit, të zgjedhur nga gjykatësit dhe nga ana e Kuvendit të Republikës së Maqedonisë.

Nëse anëtar i Këshillit është parashtrues i kërkesës, i njëjti nuk mund të jetë raportues e as anëtar i Komisionit nga paragrafi 2 i këtij neni.

Nëse Këshilli përcakton përgjegjësi të gjykatësit ose kryetarit të gjykatës që u përket bashkësive që nuk janë shumicë në Republikën e Maqedonisë, në Komision një anëtar doemos duhet të jetë pjesëtar i bashkësive të cilat nuk janë shumicë në Republikën e Maqedonisë.”

Neni 15

Në nenin 60 në paragrafin 4 pas fjalëve: “i njëjti” shtohen fjalët: “nuk merr pjesë në debat para Këshillit dhe”.

Neni 16

Në nenin 96 paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Këshilli për vendimmarrje për ankesë (në tekstin e mëtejmë: Këshilli për ankesë) përbëhet prej nëntë anëtarëve, prej të cilëve tre gjykatës të Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë, katër gjykatës të gjykatave të apelit dhe dy gjykatës nga gjykata prej të cilës vjen gjykatësi kundër të cilit mbahet procedura dhe anëtarët zgjedhen publikisht me sistem të tërheqjes së shortit në seancë të përgjithshme të Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë përkatësisht seancë të të gjithë gjykatësve të gjykatës përkatëse, më së voni në afat prej 10 ditëve nga dita e pranimit të ankesës."

Pas paragrafit 2 shtohen dy paragrafë të rinj 3 dhe 4, si vijojnë:

“Këshilli për ankesë, më së voni në afat prej 30 ditëve nga formimi i tij vendos për ankesën në mënyrë që mund ta konfirmojë ose anulojë aktvendimin e Këshillit.

Këshilli në procedurën e përsëritur miraton vendim final, duke i vlerësuar udhëzimet e Këshillit për ankesa.".

Paragrafi 3 që bëhet paragraf 5, ndryshohet si vijon:

"Kryetari i Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë dhe gjykatësi/kryetari i gjykatës pjesëmarrës në procedurë para Këshillit nuk mund të jetë anëtar i Këshillit për ankesë nga paragrafi 2 i këtij neni."

Paragrafi 4, që bëhet paragraf 6, shlyhet.

Neni 17

Para nenit 97 shtohet titull i ri si vijon:

“Përsëritje e procedurës me rastin e aktgjykimit final të Gjykatës Evropiane për të Drejtat e Njeriut në Strazbur.”

Neni 18

Neni 97 ndryshohet si vijon:

“Kur Gjykata Evropiane për të Drejtat e Njeriut do të konstatojë shkelje mbi të drejtën e njeriut ose liritë themelore të parapara me Konventën evropiane për mbrojtjen e të drejtave dhe lirive themelore të njeriut dhe Protokollet Plotësuese të Konventës, të cilat Republika e Maqedonisë i ka ratifikuar në pajtim me Kushtetutën e Republikës së Maqedonisë, në procedurë para Këshillit dhe Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë, gjykatësi ose kryetari i gjykatës, e drejta e të cilit është shkelur në procedurat, në afat prej 30 ditëve por më së voni në afat prej tre viteve nga finaliteti i aktgjykimit të Gjykatës Evropiane për të Drejtat e Njeriut mund të parashtrojë kërkesë në Këshillin për përsëritje të procedurës.

Për kërkesën e parashtruar, Këshilli e njofton Komisionin ndërresorial për zbatimin e vendimeve të Gjykatës Evropiane për të Drejtat e Njeriut, në pajtim me Ligjin për zbatimin e vendimeve të Gjykatës Evropiane për të Drejtat e Njeriut.

Këshilli është i obliguar në procedurën e përsëritur t’i respektojë qëndrimet juridike të shprehura në aktgjykimin final të Gjykatës Evropiane për të Drejtat e Njeriut me të cilën është konstatuar shkelja mbi të drejtat themelore dhe liritë themelore të njeriut.

Këshilli në pajtim me nenin 25 të Ligjit për zbatimin e vendimeve të Gjykatës Evropiane për të Drejtat e Njeriut mund ta përsërist procedurën për mënjanimin e shkeljes dhe pasojat të cilat janë shfaqur nga shkelja.

Këshilli nga radhët e tij në afat prej 15 ditëve formon Komision me kryetar dhe dy anëtarë për veprim për kërkesë të parashtruar për përsëritje të procedurës në të cilin nuk mund të jenë anëtarët e Këshillit të cilët janë anëtarë të Komisionit ndërresorial për zbatimin e vendimeve të Gjykatës Evropiane për të Drejtat e Njeriut.

Komisioni vlerëson nëse kërkesa është parashtruar me kohë, e plotë dhe e lejuar.

Nëse kërkesa nuk është e plotë, me kohë dhe e lejuar, Komisioni do t'i propozojë Këshillit ta hedh poshtë.

Nëse Komisioni konstaton se kërkesa është parashtruar me kohë, e plotë dhe e lejuar, Komisioni lëndën e dërgon në veprim në mëtutjeshëm në Këshillin, i cili lëndën më së voni në afat prej tri ditëve e parashtron në veprim kmpetent në Këshillin për ankesë të Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë.

Këshilli për ankesë është i obliguar në afat prej 15 ditëve nga pranimi i lëndës të veprojë dhe ta anulojë vendimin e vet dhe vendimin e Këshillit, duke u nisur nga qëndrimet juridike të prezantuara në aktgjykimin final të Gjykatës Evropiane për të Drejtat e Njeriut me të cilin është konstatuar shkelje dhe lëndën menjëherë, ndërkaq më së voni në afat prej tri ditëve, ta kthej në Këshill për veprim të sërishëm.

Procedura e përsëritur në pjesën e shkeljes së konstatuar mbahet në pajtim me dispozitat e këtij ligji për përcaktim të përgjegjësisë së gjykatësit ose kryetarit të gjykatës, në të cilën mund të propozohen edhe prezantohen dëshmi të reja.

Kundër aktvendimit të miratuar në procedurën e përsëritur, pala e pakënaqur ka të drejtë për ankesë në Këshillin për ankesa në afat prej 15 ditëve nga dita e pranimit të vendimit.”

Neni 19

Neni 98 ndryshohet si vijon:

“Përcjellja e punës së gjykatësit dhe kryetarit të gjykatës bëhet nëpërmjet vlerësimit të rregullt dhe të jashtëzakonshëm.

Gjykatësi vlerësohet sipas rezultateve të përgjithshme nga suksesi i arritur në punë, nëpërmjet kritereve të caktuara cilësore dhe kuantitative në pajtim me dispozitat e këtij ligji.”

Neni 20

Neni 100 ndryshohet si vijon:

“Vlerësimi i rregullt i gjykatësit dhe kryetarit të gjykatës bëhet një herë në dy vite, përfundimisht me fundin e qershorit në vitin rrjedhës, për punën e gjykatës, gjykatësve dhe kryetarit të gjykatës në dy vitet paraprake.

Vlerësimi i jashtëzakonshëm në punën e gjykatësit dhe kryetarit të gjykatës bëhet në rast kur gjykatësi konkuron për zgjedhje të gjykatësit në gjykatë më të lartë, përkatësisht për zgjedhje të kryetarit të gjykatës.

Nëse gjykatësi ose kryetari i gjykatës konkurrojnë për gjykatës në gjykatë më të lartë ose për kryetar të gjykatës, në vitin rrjedhës për vitin paraprak për të cilin janë vlerësuar tanimë nëpërmjet vlerësimit të rregullt, në atë rast nuk bëhet vlerësim i jashtëzakonshëm i tyre."

Neni 21

Neni 103 ndryshohet si vijon:

“Kriteret cilësore për vlerësimin e punës së gjykatësit janë:

- cilësia e punës së gjykatësit në pjesën e numrit të vendimeve të anuluara për shkak të shkeljes së kryer thelbësore të procedurës në lidhje me numrin e përgjithshëm të lëndëve të normuara të zgjidhura,
- cilësia e punës së gjykatësit në pjesën e numrit të vendimeve të ndryshuara në lidhje me numrin e përgjithshëm të vendimeve të normuara të zgjidhura,
- cilësia në mbajtjen e procedurës gjyqësore (respektim i afateve ligjore për marrje të veprimeve procesuale në procedurë, respektim i afateve ligjore për miratim, publikim dhe përpilim të vendimeve, kohëzgjatja e procedurës gjyqësore dhe respektimi i parimit të gjykimit në afat racional),
- cilësia e vendimit të miratuar që përcaktohet nëpërmjet këqyrjes në pesë lëndë me zgjedhje të rastit nga ana e sistemit të automatizuar kompjuterik për menaxhim me lëndë gjyqësore dhe pesë lëndë të caktuara nga gjykatësi, në periudhën e vlerësimit dhe
- masa e shqiptuar disiplinore.”

Neni 22

Neni 104 ndryshohet si vijon:

“Cilësia e punës së gjykatësit në pjesën e vendimeve të anuluara dhe ndryshuara vlerësohet nëpërmjet këqyrjes në sistemin e automatizuar kompjuterik për menaxhim me lëndë gjyqësore me ç’rast merret parasysh vetëm numri i vendimeve kundër të cilave janë të lejuara dhe janë deklaruar mjete juridike dhe të njëjtat janë të anuluara për shkak të shkeljes së kryer thelbësore të procedurës.

Cilësia në zbatimin e procedurës gjyqësore vlerësohet nëpërmjet këqyrjes në të dhënat e sistemit të automatizuar kompjuterik për menaxhim me lëndë gjyqësore nga i cili shihet përpunimi aktiv i lëndës dhe ndërmarrja e të gjitha veprimeve procedurale dhe respektimi i afateve kohore.

Cilësia e vendimit të miratuar verifikohet nëpërmjet këqyrjes së pesë lëndëve me zgjedhje të rastit nga sistemi i automatizuar kompjuterik për menaxhim me lëndë gjyqësore dhe pesë lëndë të caktuara prej gjykatësit, në periudhën e vlerësimit, me ç’rast vlerësohet aftësa për shprehje me gojë dhe me shkrim që vërehet edhe nëpërmjet veprimit profesional të gjyqtarit (aplikim i teorisë dhe praktikës juridike, kompleksiteti i lëndës dhe ngjashëm), nga ana e komisioneve treanëtarëshe të formuara me tërheqje të shortit, në seancë të gjykatësve të gjykatës kompetente më të lartë, përkatësisht në seancën e përgjithshme të Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë.

Masë e shqiptuar disiplinore vërejtje me shkrim, qortim ose zvogëlim i pagës vlerësohet me pikë negative vetëm për një periudhë të vlerësimit."

Neni 23

Në nenin 105 në paragrafin 2 pas fjalës “Këshilli” fjalët: “me akt e përcakton metodologjinë” zëvendësohen me fjalët: “miraton metodologji me indikatorë”, ndërkaq pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: “dhe e publikon në ueb faqen e vet".

Në paragrafin 3 pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: “në bazë të mendimit nga seanca e gjykatësve, përkatësisht seanca e përgjithshme e Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë.”

Neni 24

Neni 106 ndryshohet si vijon:

“Si bazë për përllogaritje të vlerësimit për punë të gjykatësit merret totali i rezultateve të fituara prej kritereve cilësore dhe kuantitative.

Kriteret cilësore në raport me ato kuantitative janë në korrelacion 60% përkundër 40% gjatë formimit të notës finale.

Gjatë përllogaritjes së notës për punën e gjykatësit merret parasysh koha e punës efektive. Mënyrën e përllogaritjes së kohës së punës efektive të gjykatësit e përcakton Këshilli dhe e njëjta publikohet në ueb faqen e Këshillit."

Neni 25

Neni 107 ndryshohet si vijon:

“Për kritere cilësore gjykatësi mund të fitojë maksimum 80 pikë.

Nëse numri i lëndëve të zgjidhura për lloje të veçanta të lëndëve në raport me numrin e paraparë orientues është 100%, konsiderohet se gjykatësi i ka plotësuar kriteret kuantitative dhe vlerësohet me 60 pikë.

Numri më i madh ose më i vogël i lëndëve të zgjidhura në raport me numrin e paraparë orientues të lëndëve vlerësohet në mënyrë që për çdo 1% të filluar më tepër ose më pak, numri i pikëve nga paragrafi 2 i këtij neni rritet, përkatësisht zvogëlohet për 0,5 pikë.”

Neni 26

Neni 108 ndryshohet si vijon:

“Për kritere cilësore nga neni 103 të këtij ligji, gjykatësi mund të fitojë 120 pikë.”

Neni 27

Para nenit 109 shtohet titull i ri si vijon: “Vlerësimi për kritere cilësore".

Neni 28

Neni 109 ndryshohet si vijon:

“Cilësia e punës së gjykatësit në pjesën e numrit të vendimeve të anuluara në lidhje me numrin e përgjithshëm të lëndëve të normuara të zgjidhura në periudhën për të cilën i bëhet vlerësimi, vlerësohet në pajtim me tabelën vijuese:

Përqindja e vendimeve të anuluara në raport me numrin e përgjithshëm të lëndëve të normuara të zgjidhura	Pikë
Deri 3%	50
Prej 3% deri 6%	40
Prej 6% deri 15%	30
Prej 15% deri 20%	20
Më shumë se 20%	0

Cilësia në udhëheqjen e procedurës gjyqësore (respektimi i afateve ligjore për ndërmarrje të veprimeve procesuale të procedurës, respektimi i afateve ligjore për miratim, publikim dhe përpilim të vendimeve, kohëzgjatja e procedurës gjyqësore dhe respektimi i parimit të gjykimit në afat racional), vlerësohet në pajtim me tabelën në vijim:

	Pikë
- ka respektuar afatet në më tepër se 90% deri 100% të lëndëve	30
- ka respektuar afatet në më tepër se 70% deri 90% të lëndëve	20
- ka respektuar afatet në më tepër se 50% deri 70% të lëndëve	10
- ka respektuar afatet në më pak se 50% deri të lëndëve	0

Cilësia e punës së gjykatësit në pjesën e numrit të vendimeve të ndryshuara në lidhje me numrin e përgjithshëm të lëndëve të normuara të zgjidhura në periudhën në të cilën i bëhet vlerësimi, vlerësohet sipas tabelës vijuese:

Përqindja e vendimeve të ndryshuara në raport me numrin e përgjithshëm të lëndëve të normuara të zgjidhura	Pikë
Deri 5%	20
Prej 5% deri 10%	15
Prej 10% deri 15%	10
Prej 15% deri 20%	7
Prej 20% deri 30%	4
Më shumë se 30%	0

Cilësia e vendimit të miratuar gjyqësor vlerësohet sipas tabelës në vijim:

Nota mesatare nga Komisioni për cilësi të vendimit të miratuar gjyqësor	Pikë
Prej 8 - 10	20
Prej 5 - 8	15
Prej 3 - 5	10
Nën 3	0

Në bazë të kritereve cilësore, gjykatësi gjatë vlerësimit mund të fitojë 5 pikë shtesë për punime profesionale të publikuara ose materiale të përpiluara arsimore për nevojat e Akademisë për Gjykatës dhe Prokurorë Publikë.

Gjykatësi, pikët nga paragrafi 5 i këtij neni do t'i fitojë nëse përmbledhja e pikëve në bazë të kritereve kuantitative dhe cilësore është së paku 140 pikë.

Gjykatësit të cilit gjatë procedurës së zbatuar disiplinore i është shqiptuar masë disiplinore, në periudhën për të cilën vlerësohet, numri i pikëve të caktuara në bazë të kritereve të caktuara me këtë ligj i zvogëlohet për çdo masë të shqiptuar në bazë të tabelës në vijim:

Vërejtje me shkrim	5 pikë
Qortim publik	10 pikë
Dërgim për orë plotësuese për trajnim profesional	20 pikë
Zvogëlimi i pagës	30 pikë

Gjykatësit, në periudhën për të cilën vlerësohet, numri i pikëve të konstatuara në bazë të kritereve të caktuara me këtë ligj i zvogëlohen për 10 pikë, nëse si rezultat i veprimit të tij është miratuar aktgjykim nga ana e Gjykatës Evropiane për të Drejtat e Njeriut me të cilin është konstatuar shkelje e të drejtës në gjykim të drejtë në pajtim me nenin 6 të Konventës evropiane për të drejtat e njeriut dhe liritë themelore ose është miratuar vendim i Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë me të cilën është konstatuar shkelje mbi të drejtën për gjykim në afat racional.

Pullat - etiketat kontrolluese të lëshuara për material faror dhe për mbëltim të vëna në tregti deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, do të vlejnë deri në skadimin e afatit të shënuar në paketim.

Neni 38

Autorizohet Komisioni Juridik-ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë të përpilojë tekst të spastruar të Ligjit për material faror dhe për mbëltim për bimët bujqësore.

Neni 39

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në „Gazetën Zyrtare të Republikës se Maqedonisë“.

1470.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за консолидација на земјоделско земјиште,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 мај 2018 година.

Бр. 08-2979/1
2 мај 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Горге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Во Законот за консолидација на земјоделско земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 187/13 и 61/16), во членот 7 став (2) зборот „земјоделско“ се брише.

Во ставот (3) зборот „претставува“ се заменува со зборовите: „заедно со земјиштето под патната и каналската инфраструктура, како и природните неплодни земјишта во консолидационото подрачје претставуваат“.

Ставот (4) се брише.

Член 2

Во членот 8 став (1) алинејата 1 се менува и гласи:

„- спроведување на постапка за консолидација со распределба на земјоделско земјиште внесено во консолидационата маса со промена на границите на катастарските парцели (во натамошниот текст: постапка за консолидација со распределба со промена на граници);“.

По алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

„- спроведување на постапка за консолидација со распределба на земјоделско земјиште внесено во консолидационата маса без промена на границите на катастарските парцели (во натамошниот текст: постапка за консолидација со распределба без промена на граници) и“.

Во ставот (4) зборовите: „алинеја 2“ се заменуваат со зборовите: „алинеи 2 и 3“.

Член 3

Во членот 9 став (2) се менува и гласи:

„За изработка на студија за оправданост на спроведување на постапка за консолидација како и за извршување на геодетски работи во функција на консолидацијата предвидени со овој закон кога постапката се спроведува по службена должност, Министерството ангажира трговец поединец - овластен геодет или трговско друштво за геодетски работи кое е запишано во Регистарот на вршители на работи во функција на консолидација.“.

Член 4

По членот 9 се додава нов член 9-а, кој гласи:

„Член 9-а

Регистар на вршители на работи во функција на консолидација

(1) Трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи за да можат да вршат работи од членот 9 став (2) од овој закон треба да се запишани во Регистарот на вршители на работи во функција на консолидација кој се води во Министерството (во натамошниот текст: Регистарот).

(2) Во Регистарот од ставот (1) на овој член можат да се запишат трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи кои покрај условите утврдени во Законот за катастар на недвижности, треба да имаат ангажирано со договор на неопределено или определено време:

- едно лице дипломиран градежен инженер со работно искуство во струката од најмалку три години,
- едно лице дипломиран агроном со работно искуство во струката од најмалку три години и
- едно лице дипломиран правник со работно искуство во струката од најмалку три години.

(3) Трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи за упис во Регистарот треба да достават барање до Министерството.

(4) Кон барањето од ставот (3) на овој член се доставува:

- доказ дека е регистриран во Централен регистар на Република Македонија,
- доказ дека е лиценциран за вршење на работи од областа на геодетски работи и
- доказ дека ги исполнуваат условите од став (2) на овој член.

(5) Службеното лице од Министерството кое ја води постапката по службена должност прибавува доказ дека подносителот на барањето е регистриран во Централен регистар на Република Македонија, во рок од три работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

(6) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од ставот (5) на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(7) Министерството донесува решение за одобрување на барањето, односно одбивање на барањето во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(8) Трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи за секоја промена на податоците во однос на исполнување на условите од став (2) алинеи 1, 2 и 3 на овој член, се должни во рок од 15 дена од денот на промената да поднесат барање до Министерството за промена на податоците во Регистарот.

(9) Трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи кои ќе престанат да ги исполнуваат условите од ставот (2) на овој член, кои нема да поднесат барање за промена во рокот утврден во ставот (8) на овој член и кои ќе поднесат барање за бришење од Регистарот, се бришат од Регистарот со решение на Министерството.

(10) Против решението за одбивање на барањето за упис во Регистарот и против решението за бришење од Регистарот, подносителот на барањето има право да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работни односи во втор степен.

(11) Формата и содржината на барањата од ставовите (3), (8) и (9) на овој член, како и потребната документација и начинот на водење на Регистарот ги пропишува министерот.“.

Член 5

Во член 10 по ставот 1 се додаваат три нови става (2), (3) и (4), кои гласат:

„(2) Постапката за консолидација со распределба по службена должност или по барање се спроведува по претходно изготвена студија за оправданост на спроведување на постапка за консолидација во консолидационото подрачје.

(3) Студијата од ставот (2) на овој член особено содржи:

- генерален опис на консолидационо подрачје кој содржи социо - економски и демографски информации и географски карактеристики на консолидационото подрачје,
- податоци за правата на сопственост и другите стварни права во даденото консолидационото подрачје,
- структура на земјоделско производство,
- преглед на постојна инфраструктура со препораки за реорганизација или подобрување на инфраструктурата,

- идентификација на потребите и интересите на сопствениците на земјоделско земјиште во рамки на консолидационото подрачје,“.

- проценети трошоци на проектот за консолидација и

- препорака за спроведување на соодветен вид на постапка за консолидација.

(4) Постапката за консолидација со распределба може да се спроведува со промена на границите на катастарските парцели во консолидационото подрачје и без промена на границите на катастарските парцели во консолидационото подрачје.“

Член 6

Во членот 11 став (1) по зборовите: „и кога“ се додаваат зборовите: „согласно студијата од членот 10 од овој Закон“.

Во ставот (2) по зборот „Министерството“ се додаваат зборовите: „врз основа на студијата од членот 10 од овој Закон“.

Во ставот (3) во точката 4) зборовите: „хидромелиоративни работи“ се заменуваат со зборовите: „инвестициски работи“.

Член 7

Во членот 12 став (1) по зборот „барањето“ се додаваат зборовите: „заедно со студијата од членот 10 од овој Закон“.

Член 8

Во членот 13 став (2) алинејата 4 се брише.

Член 9

Во член 14 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Одлуката од ставот (1) на овој член може да се изменува или дополнува во текот на постапката за консолидација, особено доколку настанат промени во Јавната книга на недвижности во однос на титуларот и катастарските податоци за земјиштето опфатено со одлуката.“.

Член 10

Во членот 15 став (2) зборовите: „доставување на покана по пошта со препорачана пратка и со обезбедување на доказ дека поканата е уредно примена од најмалку 70% од сопствениците на земјоделското земјиште на подрачјето на кое се спроведува консолидацијата кои поседуваат во сопственост најмалку 50% од површината во консолидационото подрачје“ се заменуваат со зборовите: „јавна објава објавена согласно Законот за општата управна постапка“.

Во ставот (5) по точката се додава нова реченица која гласи: „Кога во консолидационото подрачје има земјиште во државна сопственост, претставникот на Министерството ја застапува Република Македонија во Собранието на учесници.“.

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Претставникот од ставот (5) на овој член има должност да обезбеди распределба на државното земјоделско земјиште во рамките на консолидационото подрачје согласно вредноста на истото намалена за одбитоците за инвестициски работи.“.

Ставовите (6), (7) и (8) стануваат ставови (7), (8) и (9).

Во ставот (9) кој станува став (10) по зборовите: „раководи со собранието“ се додаваат зборовите: „и истите се архивираат во архивата на Министерството“.

Во ставот (10) кој станува став (11) зборовите: „Министерството со учесниците во консолидацијата и Комисија за процена на вредноста на земјиштето во консолидационото подрачје“ се заменуваат со зборовите: „Комисијата за спроведување на постапка за консолидација“.

Член 11

Во членот 16 став 1 алинејата 2 се брише.

По ставот 1 се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Собранието на учесници освен надлежностите од став (1) на овој член, има надлежност да донесува и одлуки за:

- формирање на одбор на учесници во консолидацијата;

- избор на овластен проценител и на трговец поединец и трговско друштво за геодетски работи кога постапката за консолидација е започната по барање и

- усвојување на предлогот за распределба на земјиштето.“.

Член 12

Членот 17 се менува и гласи:

„(1) По формирањето на телото од членот 15 став (11) од овој Закон, Министерството формира Комисија за спроведување на постапка за консолидација (во понатамошниот текст: Комисијата).

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од претседател и два члена. Претседателот и членовите се административни службеници вработени во Министерството со работно искуство од најмалку три години во областа на управување со земјоделско земјиште.

(3) Комисијата од ставот (1) на овој член ги врши следниве работи:

- организира јавен увид кога тоа е предвидено со овој закон,

- разгледува забелешки од учениците во консолидацијата,

- изготвува и доставува предлог за донесување на решение за распределба до Министерството и

- врши надзор врз спроведувањето на процесот на консолидација со распределба.

(4) Министерството како заинтересирана странка, по предлог на Комисијата, може да бара да се изврши премер на земјоделското земјиште во консолидационото подрачје кое е со незапишани права и да поднесе пријава за упис на незапишаните права врз основа на елаборат или друг правен основ, со цел запишување на правото на сопственост во катастарот на недвижностите.“.

Член 13

Членот 18 се менува и гласи:

„(1) По формирање на Комисијата од членот 17 од овој Закон се пристапува кон процена на вредноста на земјишните парцели во консолидационата маса.

(2) Консолидационата маса е предмет на процена на вредноста на земјишните парцели по сопственик. Консолидационата маса во текот на постапката за консолидација со промена на границите се проценува два пати и тоа прв пат на постоечката состојба и втор пат во новата состојба прикажана во нацрт предлог планот за распределба.

(3) Проценатa на вредноста на земјиштето од консолидационото подрачје ја врши овластен проценител согласно Методологијата за процена на вредноста на средствата во земјоделството донесена согласно Законот за процена.

(4) Додадената вредност на земјиштето во консолидационото подрачје добиена со мерки за заштита, зголемување на плодноста, подобрување на квалитетот на земјоделското земјиште, уредување на земјоделското земјиште или инвестиции во основни средства, во повеќегодишни насади или друг тип на инвестиции ја утврдува овластен проценител согласно Методологијата од ставот (3) на овој член.

(5) При изработката на нацрт предлог планот за распределба проценетата вредност согласно ставот (3) на овој член без проценетата додадена вредност согласно ставот (4) на овој член, се смета за проценета вредност на поединечната катастарска парцела.

(6) Учесник во постапката за консолидација може да се стекне со сопственост на земјоделско земјиште со додадена вредност само со изречна негова согласност и согласност на учесникот во постапката кој е сопственик на земјиштето со додадена вредност дадени на нотар најдоцна до усвојување на планот за распределба.

(7) Учесникот во постапката за консолидација кој согласно решението за распределба се стекнал со сопственост на земјиште со додадена вредност, должен е на претходниот сопственик да му ја плати проценетата додадена вредност.

(8) Учесникот во постапката кој треба да ја плати проценета додадена вредност согласно ставот (7) на овој член, не може да се стекне со владение врз земјиштето пред плаќањето на целокупниот износ на проценетата додадена вредност.“.

Член 14

Во членот 19 ставовите (1) и (2) се бришат.

Во ставот (3) кој станува став (1) по зборот „консолидација“ се додаваат зборовите: „со распределба со промена на границите“, а бројот „100“ се заменува со бројот „20“.

По ставот (4) кој станува став (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Доколку постојат повеќе сопственици кои ги исполнуваат условите од ставот (2) на овој член предност има најмладиот сопственик.“.

Во ставот (5) кој станува став (4) зборовите: „ставот (4)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1), (2) и (3).“.

По ставот (4) се додаваат пет нови става (5), (6), (7), (8) и (9) кои гласат:

„(5) Во постапката за консолидација со распределба без промена на границите, земјоделското земјиште во државна сопственост по завршување на постапката не треба да биде со помала вредност од вредноста на земјиштето внесено во консолидационата маса.

(6) Доколку во консолидационото подрачје постои земјоделско земјиште во државна сопственост издадено под закуп, на закупецот на земјоделското земјиште во државна сопственост кое е предмет на распределба му се доделува во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост во консолидационото подрачје со иста вредност или му се дава соодветен надомест на штета проценета од страна на овластен проценител доколку нема земјоделско земјиште во државна сопственост во консолидационото подрачје со иста вредност кое може да му се додели во закуп.

(7) Доколку закупецот при спроведување на договорот за закуп на земјоделското земјиште во државна сопственост создал додадена вредност на земјиштето од ставот (6) на овој член, на закупецот му следува надомест на создадената додадена вредност.

(8) Надоместокот од став (7) на овој член должен е да го плати учесникот во постапката кој согласно решението за распределба се стекнал со сопственост на тоа земјиште во рок од пет дена од денот на уписот на правото на сопственост во јавната книга на недвижности.

(9) Учесникот во постапката кој треба да го плати надоместокот согласно ставот (8) од овој член, не може да се стекне со владение врз земјиштето пред плаќањето на целокупниот износ на надоместокот.“.

Член 15

Членот 20 се менува и гласи:

„Член 20

Јавен увид

(1) По завршување на проценатa на вредноста на земјиштето од консолидационото подрачје Комисијата организира јавен увид на податоците од проценатa.

(2) За времето и местото на одржување на јавниот увид Комисијата ги известува учесниците во постапката со доставување на известување до секој учесник во постапката односно негов полномошник или повереник.

(3) Учесниците во консолидацијата за времетраењето на јавниот увид може да достават забелешки до Комисијата.

(4) Забелешките на учесниците во консолидацијата ги разгледува Комисијата.

(5) По барање на учесник во консолидацијата постапката за процена за поединечна земјишна парцела може да биде предмет на повторна процена во присуство на сопственикот, по што за измените се информираат засегнатите страни.“.

Член 16

Членот 21 се менува и гласи:

„Именување на повереник во постапка на консолидација со распределба со промена на граници

(1) Министерството во постапка на консолидација со распределба со промена на граници по предлог на едно од лицата кој согласно Законот за наследување може да бидат наследници од прв наследен ред на имотот на починато лице на кое се води земјоделско земјиште во консолидационо подрачје (во натамошниот текст: овластени предлагачи), со решение именува повереник.

(2) За повереник согласно ставот (1) на овој член може да биде именуван кој било полнолетен наследник од прв наследен ред на имотот на починато лице на кое се води земјоделско земјиште во консолидационо подрачје и на кој не му е одземена или ограничена деловната способност.

(3) Доколку предлог за именување на повереник поднесат повеќе овластени лица, за различен повереник, Министерството го именува повереникот по доставување на спогодба за именување на повереник заверена на нотар постигната помеѓу лицата кои го доставиле предлогот.

(4) Министерството, со решение ќе го укине решението за именување на повереник доколку во текот на постапката некој од овластените предлагачи достави нов предлог за именување на повереник. Новиот повереник се именува во постапка согласно ставот (3) на овој член. Министерството, со решение ќе го укине решението за именување на повереник и кога во текот на постапката за консолидација со распределба во оставинската постапка ќе бидат прогласени наследниците на имотот на починатото лице.

(5) Предлогот од ставот (1) на овој член содржи лични податоци (име и презиме, адреса на живеење, број на лична карта и сродство со починатото лице) за предлагачот како и за лицето кое се предлага за повереник. Кон предлогот за именување на повереник, наследникот доставува смртовница или извод од матична книга на умрените за починатото лице во кој е содржан податок за сродството за предлагачот и за лицето кое се предлага за повереник.

(6) По исклучок од ставот (1) на овој член, кога до почетокот на јавниот увид од членот 20 од овој Закон нема да биде доставен предлог за именување на повереник од овластен предлагач, како и кога не може да се утврди носителот на правото на сопственост, живеалиштето или престојувалиштето на носителот на правото на сопственост е непознато, носителот на правото на сопственост или неговиот законски застапник во Република Македонија се наоѓаат во странство, а истите немаат назначено полномошник, Министерството по службена должност со решение именува повереник.

(7) За повереник согласно ставот (6) на овој член може да биде именуван административен службеник вработен во Министерството со работно искуство од најмалку три години во областа на управување со земјоделско земјиште.

(8) Повереникот именуван согласно ставовите (1) и (6) на овој член е овластен да ги штити интересите на овластените предлагачи во постапката за консолидација до завршување на оставинската постапка и на носителите на правото на сопственост и во нивно име и за нивна сметка да ги презема сите правни дејствија согласно овој закон кој може да ги презема секој учесник во постапката.

(9) Министерството ќе го укине решението за именување на повереник доколку во текот на постапката престанат причините за негово именување од ставот (6) на овој член.“.

Член 17

Членот 23 се менува и гласи:

„Нацрт предлог план за распределба

(1) По завршување на јавниот увид од членот 20 од овој Закон, Комисијата во соработка со избраниот трговец поединец овластен геодет или трговско друштво за геодетски работи согласно членот 9-а од овој Закон, подготвува нацрт предлог план за распределба на земјиштето на консолидационата маса.

(2) Нацрт предлог планот за распределба на земјиштето на консолидационата маса во постапка за распределба со промена на границите се подготвува во насока на нова состојба на земјишните парцели која во однос на земјиштето што е внесено во консолидационата маса треба да овозможи:

- поголемо групирање на фрагментираните земјишни парцели со поправилна форма,
- што поедначква вкупна вредност на земјиштето во однос на вредноста на внесеното земјиште во консолидационата маса или зголемена вредност по учесник и
- приближно еднакви услови за пристап до инвестициските вложувања.

(3) Нацрт предлог планот за распределба од ставот (2) на овој член ја утврдува приближната форма и положба на новите парцели распределени по корисници, имајќи ги предвид целите на консолидацијата и предлозите на учесниците во консолидацијата.

(4) Нацрт предлог планот за распределба од ставот (2) на овој член особено содржи:

- граници на консолидационото подрачје на кој е прикажана постојната положба на патната и каналската мрежа за наводнување и одводнување, други инвестициски вложувања, долгогодишните насади и изградените објекти, како и катастарски план за положбата на катастарските парцели пред консолидацијата,
- лични податоци за учесникот, број на катастарските парцели пред и после завршување на постапката за консолидација, површина и вредност на секоја парцела пред и после завршување на постапката за консолидација и други податоци важни за консолидацијата на земјиштето (запишани други стварни права како хипотеки, реални товари, службености, како и запишани ограничувања и прибележувања на факти од влијание за катастарските парцели),
- граници на консолидационото подрачје на кој е прикажана положба на патната и каналската мрежа за наводнување и одводнување по завршување на постапката за консолидација, други инвестициски вложувања долгогодишните насади и изградените објекти, нова состојба на распоредените парцели после завршување на постапката за консолидација и
- финансиска пресметка за инвестициските вложувања.

(5) Нацрт предлог планот за распределба на земјиштето во консолидационата маса во постапка за распределба без промена на границите се подготвува во насока на постигнување на нова состојба на земјишните парцели која во однос на земјиштето што е внесено во консолидационата маса треба да овозможи поголемо групирање на фрагментираните земјишни парцели.

(6) Нацрт предлог планот за распределба од ставот (5) на овој член особено содржи:

- граници на консолидационото подрачје и катастарски план за положбата на катастарските парцели пред консолидацијата,
- граници на консолидационото подрачје на кој е прикажана постојната положба на патната и каналската мрежа за наводнување и одводнување, други инвестициски вложувања, долгогодишните насади и изградените објекти, како и катастарски план за положбата на катастарските парцели пред консолидацијата,
- лични податоци за учесникот, број на катастарските парцели пред и по завршување на постапката за консолидација, површина и вредност на секоја парцела пред и по завршување на постапката за консолидација и други податоци важни за консолидацијата на земјиштето (запишани други стварни права како хипотеки, реални товари, службености, како и запишани ограничувања и прибележувања на факти од влијание за катастарските парцели) и
- нова состојба на распоредените парцели после завршување на постапката за консолидација.

(7) При подготовката, нацрт предлог планот за распределба на земјиштето во консолидационата маса се усогласува со учесниците во консолидацијата преку непосредни консултации.“.

Член 18

Во членот 24 став (1) по зборовите: „од консолидационата маса“ се додаваат зборовите: „во постапка за консолидација со распределба со промена на границите“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Вкупната вредност на земјиштето кое го добива сопственик застапувано од повереник именуван согласно член 21 од овој закон и сопственик на земјиште врз кое има воспоставено хипотека, во постапка за консолидација со распределба изнесува 100% од вкупната вредност на земјиштето што го внел во консолидационата маса.“.

Во ставот (3) зборовите: „ставовите (1) и (2)“ се заменуваат со зборовите: „став (1)“.

Член 19

Членот 25 се брише.

Член 20

Членот 26 се менува и гласи:

„Усвојување на предлог план за распределба на земјиштето

(1) Нацрт предлог планот за распределба на земјиштето Комисијата го става на јавен увид во времетраење од 15 дена во катастарската општина каде што се врши консолидацијата.

(2) За времето и местото на одржувањето на јавниот увид Комисијата ги известува сите учесници во постапката со доставување на известување по пошта со препорачана пратка и со обезбедување на доказ дека поканата е уредно примена од секој учесник во постапката или од негов полномошник или повереник.

(3) Учесникот во консолидацијата може најдоцна до завршување на јавниот увид да стави забелешка до Комисијата. Комисијата по однос на забелешките се произнесува во предлогот за донесување на решение за распределба.

(4) По завршување на јавниот увид Комисијата и избраниот трговец поединец овластен геодет или трговско друштво за геодетски работи согласно член 9-а од овој закон, подготвуваат предлог план за распределба на земјиштето на консолидационата маса и го доставуваат на разгледување и усвојување до собранието на учесници.

(5) Собранието на учесници во постапка за консолидација со распределба со промена на границите го усвојува предлог планот за распределба на земјиштето со мнозинство од најмалку 70% гласови од вкупниот број на членови на собранието кои поседуваат во сопственост најмалку 50% од површината во консолидационото подрачје.

(6) Собранието на учесници го усвојува предлог планот за распределба на земјиштето во постапка со распределба без промена на границите со согласност на сите учесници кај кои се предвидени промени во однос на сопственоста со предлог планот за распределба.

(7) По усвојувањето на предлог планот од ставовите (5) и (6) на овој член, Комисијата обезбедува изјави за согласност со планот за распределба од брачните другари на учесниците во постапката кои не се застапувани од повереник именуван согласно овој закон.

(8) По усвојување на предлог планот од став (5) на овој член се забранува располагање со недвижностите кои се предмет на постапката за консолидација во постапка со распределба со промена на границите од страна на сопствениците.

(9) По усвојување на предлог планот за распределба од став (5) на овој член, Министерството во рок од три дена по службена должност без надоместок до Агенцијата за катастар на недвижности ја доставува по електронски пат одлуката за започнување на постапката за консолидација, заради прибележување на забрана за располагање со недвижностите предмет на одлуката.“.

Член 21

Членот 27 се менува и гласи:

„Решение за распределба на консолидационата маса во постапка за консолидација со промена на границите

(1) По усвојувањето на предлог планот за распределба на земјиштето од страна на собранието на учесници, трговецот поединец овластен геодет или трговското друштво за геодетски работи врз основа на податоците од предлог планот за распределба на земјиштето, најдоцна во рок од четири месеци изработува геодетски елаборат за посебни намени за консолидацијата, со сите потребни податоци за донесување на решение за распределба на земјиштето од консолидационата маса. Трговецот поединец овластен геодет или трговското друштво за геодетски работи при изготвување на геодетскиот елаборат е должен да ги користи податоците од катастарот на недвижности. Геодетскиот елаборат се доставува до Агенцијата за катастар на недвижности на заверка, одобрување и спроведување.

(2) Трговецот поединец овластен геодет или трговското друштво за геодетски работи во геодетскиот елаборат од став (1) на овој член земјиштето во консолидационата маса го евидентира под култура земјоделско земјиштето и земјиште под инфраструктура согласно податоците од планот за распределба на земјиштето.

(3) Врз основа на податоците од геодетскиот елаборат од став (1) на овој член Комисијата во рок од 30 дена до Министерството доставува предлог за донесување на решение за распределба на консолидационата маса.

(4) Министерството донесува решение за распределба на консолидационата маса најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на предлогот од став (3) на овој член.

(5) Решението од став (4) на овој член особено содржи:

- име, презиме, ЕМБГ и место на живеење, односно назив, ЕМБС и седиште на учесникот на консолидацијата,
- податоци за сите недвижности кои секој учесник ги внел во консолидационата маса и кои ги има на консолидационото подрачје (број на парцели, култура, класа, површина и друго) со податоци за утврдена вредност на земјиштето и објектите, како и податоците за запишаните прибележувања,
- податоци за престанување на правото на сопственост, односно правото на користење, управување или располагање на недвижности кои се внесени во консолидационата маса, како и правата и обврските кои остануваат или кои се бришат,
- податоци за бришење/востановување на службености, товари и други ограничувања, како и податоци за пренесување на заложните права засновани на земјоделско земјиште при распределба на консолидациона маса,
- податоци за недвижностите кои се доделуваат и на кои учесникот во консолидацијата стекнува право на сопственост и податоци за заложни права кои се пренесуваат врз недвижноста и
- висината на надоместокот за разликата во вредноста на земјиштето внесено и добиено од консолидационата маса.

(6) Против решението за распределба на консолидационата маса секој учесник може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(7) Формата и содржината на геодетскиот елаборат за консолидација од став (1) на овој член ги пропишува министерот по претходно позитивно мислење на Агенцијата за катастар на недвижности.“.

Член 22

По членот 27 се додава нов член 27-а, кој гласи:

„Член 27-а

Решение за распределба на консолидационата маса во постапка за консолидација без промена на границите

(1) Врз основа на податоците од усвоениот предлог план за распределба на земјиштето, Комисијата во рок од 30 дена до Министерството доставува предлог за донесување на решение за распределба на консолидационата маса.

(2) Министерството донесува решение за распределба на консолидационата маса најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на предлогот од ставот (1) на овој член.

(3) Решението од ставот (2) на овој член особено содржи:

- име, презиме, ЕМБГ и место на живеење, односно назив, ЕМБС и седиште на учесникот на консолидацијата кај кој има промени во сопственоста,
- податоци за сите недвижности кои секој учесник кај кој има промени во сопственоста ги внел во консолидационата маса (број на парцели, култура, класа, површина и друго) со податоци за утврдена вредност на земјиштето и објектите, како и податоците за запишаните прибележувања,
- податоци за престанување на правото на сопственост, односно правото на користење, управување или располагање на недвижности кои се внесени во консолидационата маса кај учесник кај кој има промени во сопственоста, како и правата и обврските кои остануваат или кои се бришат и
- податоци за бришење/востановување на службености, товари и други ограничувања, како и податоци за пренесување на заложните права засновани на земјоделско земјиште при распределба на консолидациона маса и податоци за недвижностите кои се доделуваат и на кои учесникот во консолидацијата стекнува право на сопственост податоци за заложни права кои се пренесуваат врз недвижноста.

(4) Против решението за распределба на консолидационата маса жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен може да изјави секој учесник кај кој има промени во сопственоста.“.

Член 23

Членот 28 се менува и гласи:

„(1) По правосилноста на решението за распределба на консолидационата маса, а најдоцна во рок од шест месеци, секој учесник е должен да му го предаде владението на земјиштето кое го владеел до правосилноста на решението за распределба на консолидационата маса, на новиот сопственик. Доколку учесникот во консолидацијата не го предаде владението по истекот на рокот од шест месеци, должен е да му ја надомести целокупната штета (обична и испуштена корист) на новиот сопственик од моментот на истекокот на рокот за предавање во владение до предавањето во владението.

(2) Правосилното решение за распределба на консолидационата маса во постапка за консолидација со распределба со промена на граници заедно со геодетскиот елаборат за посебни намени за консолидацијата претставуваат основ за запишување на правото на сопственост во Јавната книга на недвижности што се води во Агенцијата за катастар на недвижности.

(3) Правосилното решение за распределба на консолидационата маса во постапка за консолидација со распределба без промена на граници претставува основ за запишување на правото на сопственост во Јавната книга на недвижности што се води во Агенцијата за катастар на недвижности.

(4) Решенијата од ставовите (2) и (3) на овој член, заедно со податоците за утврдена вредност на земјиштето и објектите, Министерството по службена должност без надоместок ги доставува до Агенцијата за катастар на недвижности по електронски пат заради запишување во катастарот на недвижности.

(5) Агенцијата за катастар на недвижности е должна решенијата од ставовите (2) и (3) на овој член да ги спроведе најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на решенијата, а при спроведување на решенијата да ја избрише прибелешката од членот 26 став (9) од овој закон.

(6) По спроведувањето на решението согласно став (4) на овој член трговецот поединец овластен геодет односно трговското друштво за геодетски работи во рок од 30 дена врши обележување на катастарските парцели.“.

Член 24

Во членот 30 став (1) зборот „консолидацијата“ се заменува со зборовите: „постапка за консолидација со распределба со промена на границите“.

Во ставот (2) зборовите: „или ако тоа го бара лицето во чија корист биле запишани“ се заменуваат со зборовите: „во постапка согласно законот со кој биле востановени.“.

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Заложните права засновани врз земјоделското земјиште кое влегува во консолидациона маса, со решението за распределба на консолидационата маса се пренесуваат и остваруваат врз земјоделското земјиште кое заложниот должник како учесник во постапката за консолидација со распределба го добил во сопственост.

(4) Реализацијата на заложни права запишани согласно ставот (3) од овој Закон се врши врз основа на договор или друга извршна исправа со кој биле истите воспоставени врз земјоделското земјиште кое било предмет на распределба во постапката за консолидација.“.

Член 25

Во член 34 во ставот (5) зборовите: „и геодетскиот елаборат врз основа на кој е изработен договорот“ се бришат.

Член 26

По членот 43 се додава нов член 43-а, кој гласи:

„Член 43-а

(1) Глоба во висина од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од Министерството ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членот 9-а став (5) од овој Закон.

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган, ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членот 9-а став (6) од овој Закон.“.

Член 27

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 28

Започнатите постапки за консолидација до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со овој закон.

Член 29

Членот 9-а од овој Закон ќе отпочне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До отпочнувањето на примената на членот 9-а од овој Закон, изработка на студија за оправданост на спроведување на постапка за консолидација како и за извршување на геодетски работи во функција на консолидацијата можат да вршат трговците поединци-овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи кои ги исполнуваат условите за вршење на геодетски работи од Законот за катастар на недвижности.

Член 30

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR KONSOLIDIMIN E TOKËS BUJQËSORE

Neni 1

Në Ligjin për konsolidimin e tokës bujqësore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 187/13 dhe 61/16), në nenin 7 paragrafi (2) fjala "bujqësore" shlyhet.

Në paragrafin (3) fjala "paraqet" zëvendësohet me fjalët: "së bashku me tokën nën infrastrukturë rrugore dhe të kanalizimit, si dhe tokat natyrore jopjellore në zonën e konsoliduar paraqesin".

Paragrafi (4) shlyhet.

Neni 2

Në nenin 8 paragrafi (1) alineja 1 ndryshohet si vijon:

" - zbatimi i procedurës për konsolidim me shpërndarjen e tokës bujqësore të vendosur në masën e konsolidimit me ndryshimin e kufijve të parcelave kadastrale (në tekstin në vijim: procedura për konsolidim me shpërndarje me ndryshimin e kufijve);".

Pas alinesë 1 shtohet aline e re 2 si vijon:

"- zbatimi i procedurës për konsolidim me shpërndarjen e tokës bujqësore të vendosur në masën për konsolidim pa ndryshimin e kufijve të parcelave kadastrale (në tekstin në vijim: procedura për konsolidim me shpërndarje pa ndryshimin e kufijve) dhe"

Në paragrafin (4) fjalët: "alineja 2" zëvendësohen me fjalët: "alinetë 2 dhe 3".

Neni 3

Në nenin 9 paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Për përpilimin e studimit për arsyeshmërinë e zbatimit të procedurës për konsolidim si dhe për kryerjen e punëve gjeodezike në funksion të konsolidimit të parashikuara me këtë ligj kur procedura zbatohet me detyrë zyrtare, Ministria angazhon tregtar individ - gjeodet të autorizuar ose shoqëri tregtare për punë gjeodezike e cila është e regjistruar në Regjistrin e kryerësve të punëve në funksion të konsolidimit.".

Neni 4

Pas nenit 9 shtohet neni i ri 9-a, si vijon:

"Neni 9-a

Regjistri i kryerësve të punëve në funksion të konsolidimit

(1) Tregtarët individë gjeodetë të autorizuar dhe shoqëritë tregtare për punë gjeodezike që të mund të kryejnë punë nga neni 9 paragrafi (2) të këtij ligji duhet të jenë të regjistruar në Regjistrin e kryerësve të punëve të funksion të konsolidimit që udhëhiqet në Ministri (në tekstin në vijim: Regjistri).

(2) Në Regjistrin nga paragrafi (1) i këtij neni mund të regjistrohen tregtarët individë gjeodetë të autorizuar dhe shoqëritë tregtare për punë gjeodezike të cilët përpos kushteve të përcaktuara në Ligjin për kadastër të patundshmërive, duhet të kenë angazhuar me marrëveshje për kojë të pa përcaktuar ose të caktuar:

- një person inxhinier i diplomuar i ndërtimtarisë me përvojë pune në profesion prej së paku tre vjet,
- një person agronom i diplomuar me përvojë pune në profesion prej së paku tre vjet dhe
- një person jurist i diplomuar me përvojë[ë pune në profesion, prej së paku tre vjet.

(3) Tregtarët individë gjeodetë të autorizuar dhe shoqëritë tregtare për punë gjeodezike për regjistrim në Regjistër duhet të paraqesin kërkesë në Ministri.

(4) Me kërkesë nga paragrafi (3) të këtij neni parashtrohet:

- dëshmi se është i regjistruar në Regjistrin Qendror të Republikës së Maqedonisë,
- dëshmi se është i licencuar për kryerjen e punëve nga fusha e punëve gjeodezike dhe
- dëshmi se i plotëson kushtet nga paragrafi (2) të këtij neni.

(5) Personi zyrtar i Ministrisë e cila e udhëheq procedurën me detyrë zyrtare siguron dëshmi se parashtruesi i kërkesës është i regjistruar në regjistrin Qendror të Republikës së Maqedonisë, në afat prej tri ditësh pune nga dita e parashtrimit të kërkesës.

(6) Personi zyrtar i autorizuar nga organi publik kompetent është i obliguar që dëshminë e kërkuar nga paragrafi (5) të këtij neni ta paraqesë në afat prej tri ditësh nga dita e pranimit të kërkesës.

(7) Ministria merr vendim për aprovimin e kërkesës, respektivisht refuzimin e kërkesës në afat prej 15 ditësh nga dita e pranimit të kërkesës.

(8) Tregtarët individë gjeodetë dhe shoqëritë tregtare për punë gjeodezike për çdo ndryshim të të dhënave në lidhje me plotësimin e kushteve nga paragrafi (2) alinetë 1, 2 dhe 3 të këtij neni, janë të obliguar që në afat prej15 ditësh nga dita e ndryshimit të paraqesin kërkesë në Ministri për ndryshimin e të dhënave në regjistër.

(9) Tregtarët individë gjeodetë të autorizuar dhe shoqëritë tregtare për punë gjeodezike të cilët e ndërprejnë plotësimin e kushteve nga paragrafi (2) të këtij neni, të cilët nuk do të parashtrojnë kërkesë për ndryshimin e afatit të përcaktuar në paragrafin (8) të këtij neni dhe të cilët do të paraqesin kërkesë për shlyerje nga Regjistri, shlyhen nga Regjistri me aktvendim të Ministrisë.

(10) Kundër aktvendimit për refuzimin e kërkesës për regjistrim në Regjistër dhe kundër aktvendimit për shlyerje nga Regjistri, parashtruesi i kërkesës ka të drejtë të paraqesë ankesë në afat prej 15 ditësh nga dita e pranimit të aktvendimit te Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë.

(11) Formën dhe përmbajtjen e kërkesës nga paragrafët (3), (8) dhe (9) të këtij neni, si dhe dokumentacionin e nevojshëm dhe mënyrën e mbajtjes së Regjistrit i përcakton ministri.".

Neni 5

Në nenin 10 pas paragrafit 1 shtohen tre paragraf të rinj (2), (3) dhe (4), si vijojnë:

"(2) Procedura për konsolidim me shpërndarje me detyrë zyrtare ose me kërkesë realizohet pas studimit paraprakisht të përpiluar për arsyeshmërinë e zbatimit të procedurës për konsolidim në zonën e konsoliduar.

(3) Studimi nga paragrafi (2) i këtij neni në veçanti përmban:

- përshkrim të përgjithshëm të zonës së konsoliduar i cili përmban informata socio - ekonomike dhe demografike dhe karakteristika gjeografike të zonës së konsoliduar,
- të dhëna për të drejtat e pronësisë dhe të drejtat tjera reale në rajonin e caktuar të konsoliduar,
- strukturën e prodhimit bujqësor,
- pasqyrën e infrastrukturës ekzistuese me rekomandime për riorganizimin ose përmirësimin e infrastrukturës,
- identifikimin e nevojave dhe interesave të pronarëve të tokës bujqësore në kuadër të zonës së konsoliduar,
- shpenzimet e vlerësuara të projektit për konsolidim dhe
- rekomandim për zbatimin e llojit përkatës të procedurës për konsolidim.

(4) Procedura për konsolidim me shpërndarje mund të zbatohet me ndryshimin e kufijve të parcelave të kadastrës në zonën e konsoliduar dhe pa ndryshimin e kufijve të parcelave të kadastrës në zonën e konsoliduar."

Neni 6

Në nenin 11 paragrafi (1) pas fjalëve: "dhe kur" shtohen fjalët: "në pajtim me studimin nga neni 10 të këtij Ligji."

Në paragrafin (2) pas fjalës "Ministria" shtohen fjalët: "në bazë të studimit nga neni 10 të këtij ligji".

Në paragrafin (3) në pikën 4 fjalët: "punë hidromeliorative" zëvendësohen me fjalët: "punë investuese".

Neni 7

Në nenin 12 paragrafi (1) pas fjalës "kërkesa" shtohen fjalët: "së bashku me studimin nga neni 10 të këtij Ligji".

Neni 8

Në nenin 13 paragrafi (2) alineja 4 shlyhet.

Neni 9

Në nenin 14 pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3) si vijon:

"(3) Vendimi nga paragrafi (1) i këtij neni mund të ndryshohet ose plotësohet gjatë procedurës për konsolidim, në veçanti nëse shkaktohen ndryshime në Librin publik të patundshmërive në lidhje me titullarin dhe të dhënat e kadastrës për tokën e përfshirë me vendim.".

Neni 10

Në neni 15 paragrafi (2) fjalët: "dorëzimi i ftesës me postë me dërgesë të rekomanduar dhe me sigurimin e provës se ftesa është pranuar në mënyrë të rregullt nga të paktën 70% e pronarëve të tokës bujqësore në zonën në të cilën realizohet konsolidimi, të cilët posedojnë në pronësi së paku 50% të sipërfaqes në zonën e konsoliduar" zëvendësohen me fjalët: "shpallje publike e publikuar në pajtim me Ligjin për procedurë të përgjithshme administrative".

Në paragrafi (5) pas pikës shtohet fjali e re, si vijon: "Kur në zonën e konsoliduar ka tokë në pronësi shtetërore, përfaqësuesi i Ministrisë e përfaqëson Republikën e Maqedonisë në Kuvendin e pjesëmarrësve."

Pas paragrafit (5) shtohet paragraf i ri (6) si vijon:

"(6) Përfaqësuesi nga paragrafi (5) i këtij neni ka obligim të sigurojë shpërndarjen e tokës bujqësore shtetërore në kuadër të zonës së konsoliduar në pajtim me vlerën e së njëjtës të zvogëluar me zbritjet për punë investuese.".

Paragrafët (6), (7) dhe (8) bëhen paragraf (7), (8) dhe (9).

Në paragrafin (9) i cili bëhet paragraf (10) pas fjalëve: "udhëheq me kuvendin" shtohen fjalët: "dhe të njëjtit arkivohen në arkivin e Ministrisë".

Në paragrafin (10) i cili bëhet paragraf (11) fjalët: "Ministria me pjesëmarrësit në konsolidim dhe Komisioni për Vlerësim të Vlerës së Tokës në Zonën e Konsoliduar" zëvendësohen me fjalët: "Komisioni për Zbatimin e Procedurës për Konsolidim.

Neni 11

Në nenin 16 paragrafi 1 alineja 2 shlyhet.

Pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri (2) si vijon:

"(2) Kuvendi i pjesëmarrësve përveç kompetencave nga paragrafi (1) të këtij neni, ka kompetencë të miratojë edhe vendime për:

- formimin e këshillit të pjesëmarrësve në konsolidim,
- zgjedhjen e vlerësuesit të autorizuar dhe të tregtarit individ dhe shoqërisë tregtare për punë gjeodezike kur procedura për konsolidim ka filluar me kërkesë dhe
- miratimin e propozimit për shpërndarjen e tokës.".

Neni 12

Neni 17 ndryshohet si vijon:

"(1) Pas formimit të trupit nga neni 15 paragrafi (11) të këtij Ligji, Ministria formon Komision për realizimin e procedurës për konsolidim (në tekstin e mëtutjeshëm: Komisioni).

(2) Komisioni nga paragrafi (1) të këtij neni, përbëhet nga kryetari dhe dy anëtarë. Kryetari dhe anëtarët janë nëpunës administrativë të punësuar në Ministri me përvojë pune prej së paku tre vjet në fushën e menaxhimit me tokën bujqësore.

(3) Komisioni nga paragrafi (1) të këtij neni i kryen punët si vijojnë:

- organizon inspektim publik kur kjo parashihet me këtë ligj,
- i shqyrton vërejtjet e pjesëmarrësve në konsolidimin,
- përpilon dhe paraqet propozim për miratimin e aktvendimit për shpërndarje, në Ministri dhe
- kryen mbikëqyrje mbi realizimin e procesit të konsolidimit me shpërndarje.

(4) Ministria si palë e interesuar, me propozim të Komisionit, mund të kërkojë të kryhet matje e tokës bujqësore në zonën e konsoliduar e cila është me të drejta të paregjistruara dhe të paraqesë fletëparaqitje për regjistrim të të drejtave të paregjistruara në bazë të elaboratit ose bazë tjetër juridike, me qëllim regjistrimin e të drejtës së pronësisë në kadastrën e patundshmërive."

Neni 13

Neni 18 ndryshohet si vijon:

"(1) Pas formimit të Komisionit nga neni 17 të këtij Ligji fillohet vlerësimi i vlerës së parcelave tokësore në masën për konsolidim.

(2) Masa e konsoliduar është lëndë e vlerësimit të vlerës së parcelave tokësre për pronar. Masa konsoliduese gjatë procedurës për konsolidim me ndryshim të kufijve vlerësohet dy herë edhe atë herën e parë për gjendjen ekzistuese dhe herën e dytë në gjendjen e re të paraqitur në draft propozim planin për shpërndarje.

(3) Vlerësimin e vlerës së tokës nga zona e konsoliduar e kryen vlerësuesi i autorizuar në pajtim me Metodologjinë për vlerësimin e mjeteve në bujqësi të miratuar në pajtim me Ligjin për vlerësim.

"- APTIS - së paku niveli B2 (B2).".

Pika 6) shlyhet.

Neni 2

Në nenin 27 paragrafi (3) alineja 5 numri "300" zëvendësohet me numrin "240".

Alineja 8 ndryshohet si vijon:

"- posedon vërtetim për njohjen e programeve kompjuterike për punë në zyrë dhe"

Alineja 9 shlyhet.

Alineja 10 bëhet aline 9.

Neni 3

Dispozitat nga neni 4-a paragrafi (4) pika 5) të Ligjit për mbrojtje nga rrezatimi jonizues dhe siguri nga rrezatimi ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 48/2002, 135/2007, 53/11, 164/13, 43/14, 149/15 dhe 37/16) dhe dispozitat nga neni 1 i këtij ligji me të cilin neni 4-a paragrafi (4) pika 5) plotësohet me aline te re 6, nuk do të zbatohen nga dita hyrjes në fuqi të këtij ligji deri më 1 shtator 2018.

Neni 4

Drejtori i cili është emëruar në periudhën nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji deri më 1 shtator të vitit 2018, është i obliguar ta plotësojë kushtin për njohjen e gjuhës angleze më së voni në afatin prej një viti nga dita e emërimit të tij.

Drejtorit i cili nuk do ta plotësojë kushtin për njohjen e gjuhës angleze në afatin e përcaktuar në paragrafin 1 të këtij neni i pushon mandati.

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

1505.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА САНИТАРНАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 мај 2018 година.

Бр. 08 – 3050/1
3 мај 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА САНИТАРНАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Член 1

Во Законот за санитарната и здравствената инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 71/2006, 139/2008, 88/10, 18/11, 53/11, 164/13, 43/14, 144/14, 51/15, 150/15 и 37/16), во членот 7 став (3) во точката 3) бројот „300“ се заменува со бројот „360“.

Во точка 5) во алинејата 4 сврзникот „или“ се заменува со запирка.

Во алинејата 5 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „или".

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

„- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).“.

Точката 6) се брише.“

Член 2

Во членот 8 став (2) алинеја 8 се менува и гласи:

„- поседува потврда за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и“.

Алинејата 9 се брише.

Алинејата 10 станува алинеја 9.

Член 3

Одредбите од членот 7 став (3) точка 5) од Законот за санитарната и здравствената инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 71/2006, 139/2008, 88/10, 18/11, 53/11, 164/13, 43/14, 144/14, 51/15, 150/15 и 37/16) и одредбите од членот 1 од овој закон со кој членот 7 став (3) точка 5) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Член 4

Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на англиски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на англиски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR INSPEKSIONIN SANITAR DHE SHËNDETËSOR

Neni 1

Në Ligjin për inspeksionin sanitar dhe shëndetësor (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 71/2006, 139/2008, 88/10, 18/11, 53/11, 164/13, 43/14, 144/14, 51/15, 150/15 dhe 37/16), në nenin 7 paragrafi (3) pika 3) numri "300" zëvendësohet me numrin "360".

Në pikën 5) në alinenë 4 lidhëza “ose” zëvendësohet me presje.

Në alinenë 5 pika në fund të fjalisë zëvendësohet me lidhëzën “ose".

Pas alinesë 5 shtohet alineja e re 6, si vijon:

“ – APTIS (APTIS) – së paku niveli B2 (B2).”.

Pika 6) shlyhet.

Neni 2

Në nenin 8 paragrafi (2) alineja 8 ndryshohet si vijon:

“ – posedon vërtetim për njohje të programeve kompjuterike për punë në zyrë dhe”.

Alineja 9 shlyhet.

Alineja 10 bëhet aline 9.

Neni 3

Dispozitat nga neni 7 paragrafi (3) pika 5) e Ligjit për inspeksionin sanitar dhe shëndetësor (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 71/2006, 139/2008, 88/10, 18/11, 53/11, 164/13, 43/14, 144/14, 51/15, 150/15 dhe 37/16) dhe dispozitat nga neni 1 i këtij ligji, me të cilin neni 7 paragrafi (3) pika 5) plotësohet me aline të re 6, nuk do të zbatohen nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligjit deri më 1 shtator 2018.

Neni 4

Drejtori i cili është emëruar në periudhën nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji deri më 1 shtator 2018, është i obliguar ta plotësojë kushtin për njohje të gjuhës së huaj më së voni në afat prej një viti nga dita e emërimit të tij.

Drejtorit, i cili nuk do ta plotësojë kushtin për njohje të gjuhës së huaj në afatin e përcaktuar në paragrafin 1 të këtij neni i ndërpritet mandati.

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

1506.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛЕКОВИТЕ И МЕДИЦИНСКИТЕ СРЕДСТВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 мај 2018 година.

Бр. 08-3051/1
3 мај 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛЕКОВИТЕ И МЕДИЦИНСКИТЕ СРЕДСТВА

Член 1

Во Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ број 106/2007, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16 и 53/16), во членот 4-а став 1 точка 5) во алинејата 4 сврзникот „или“ се заменува со запирка.

Во алинејата 5 сврзникот „и“ се заменува со сврзникот „или“.

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6 која гласи:

„- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).“.

Точка 6) се брише.

Член 2

Во членот 142 став 1 алинејата 8 се менува и гласи:

„- поседува потврда за работа со компјутерски програми за канцелариско работење и“.

Алинејата 9 се брише.

Алинејата 10 станува алинеја 9.

Член 3

Одредбите од членот 4-а став 1 точка 5) од Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ број 106/2007, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16 и 53/16) и одредбите од членот 1 од овој закон со кој во членот 4-а став 1 точка 5) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Член 4

Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на англиски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на англиски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR BARNA DHE MJETE MJEKËSORE

Neni 1

Në Ligjin për barna dhe mjete mjekësore („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ numër 106/2007, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16 dhe 53/16), në nenin 4-a paragrafi 1 pika 5) në alinenë 4 lidhëza "ose" zëvendësohet me presje.

Në alinenë 5 lidhëza "dhe" zëvendësohet me lidhëzën "ose".

Pas alinesë 5 shtohet aline e re 6 si vijon:

“- APTIS (APTIS) - së paku niveli B2 (B2).”.

Pika 6) shlyhet .

Neni 2

Në alinenë 142 paragrafi 1 alineja 8 ndryshohet si vijon:

"- posedon vërtetim për punë me programe kompjuterike për punë në zyrë dhe".

Alineja 9 shlyhet.

Alineja 10 bëhet aline 9.

Neni 3

Dispozitat nga neni 4-a paragrafi 1 pika 5) nga Ligji për barna dhe mjete mjekësore (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 106/2007, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16 dhe 53/16) dhe dispozitat nga neni 1 i këtij ligji me të cilin në nenin 4-a paragrafi 1 pika 5) plotësohet me aline të re 6, nuk do të zbatohen nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji deri më 1 shtator 2018.

Neni 4

Drejtori i cili është emëruar në periudhën nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji deri më 1 shtator 2018, është i obliguar që ta plotësojë kushtin për njohje të gjuhës angleze më së voni në afat prej një viti nga dita e emërimit të tij.

Drejtorit i cili nuk do ta plotësojë kushtin për njohje të gjuhës angleze në afatin e përcaktuar në paragrafin 1 të këtij neni i pushon mandati.

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë“.

1507.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ

Се прогласува Законот за за финансиска поддршка на инвестиции,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 мај 2018 година.

Бр. 08-3053/1
3 мај 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

З А К О Н
ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ

Предмет на законот

Член 1

Со овој закон се уредуваат видовите, висината, условите, начинот и постапката за доделување на финансиска поддршка на инвестициите на деловните субјекти кои ќе инвестираат во Република Македонија.

Член 2

Овој закон претставува шема на помош согласно прописите со кои се уредува контролата на државната помош.

Цел на законот

Член 3

Целта на овој закон е поттикнување на економскиот раст и развој во Република Македонија преку поддршка на инвестициите за зголемување на конкурентноста на македонската економија и вработувањето.

Значење на употребени поими

Член 4

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Давател на државна помош“ е Владата на Република Македонија,

2. „Деловен субјект“ е трговец регистриран во Регистар на трговски друштва во Централен Регистар на Република Македонија,

3. „Добавувач“ е секој деловен субјект кој не е капитално или на кој било друг начин согласно закон поврзан со корисникот на финансиската поддршка од овој закон и кој врши претходни процеси и операции врз производот кој се доставува и вградува во производот на корисникот на финансиската поддршка,

4. „Државна помош“ е помош доделена од давателот на државната помош во форма на финансиска поддршка согласно овој закон,

5. „Оправдани трошоци“ се трошоци за вложувања во материјални и нематеријални средства и/или трошоци за плата за новосоздадените работни места,

6. „Оправдани инвестициски трошоци“ се трошоци за вложувања во материјални и нематеријални средства за потребите на инвестицискиот проект,

7. „Материјални средства“ се сите средства како земјиште, згради, опрема, постројки и машини потребни за реализација на инвестицискиот проект,

8. „Нематеријални средства“ се вложувања во трансфер на технологија, стекнување патенти, лиценци, знаење и искуство (know-how), други права од интелектуална сопственост признаени во националното законодавство во земјата на потекло на правото односно во Република Македонија или непатентирано техничко знаење потребни за реализација на инвестициски проект,

9. „Трошоци за плата“ претставува вкупниот износ на средства кој како бруто плата корисникот на финансиската поддршка треба да ја плати за работните места директно создадени за реализација на инвестицискиот проект,

10. „Висина на финансиска поддршка“ е износ на поддршката изразен како процент од оправдани инвестициски трошоци или од оправдани трошоци за исплата на плати за ново создадени работни места,

11. „Корисник на финансиска поддршка“ е секој деловен субјект на кој му е доделена финансиска поддршка за реализација на инвестициски проект согласно овој закон,

12. „Продуктивни почетни инвестиции“ се инвестиции во материјални и/или нематеријални средства поврзани со:

- основање на нов деловен субјект;
- проширување на капацитетот на производството на постојниот деловен субјект;
- воведување на нови производи;
- суштинска промена во целокупниот процес на производство на постојниот деловен субјект и
- стекнување на основни средства од деловен субјект кој е во постапка на стечај или ликвидација, под услов истите да се купени од субјект којшто не е во капитална или друга поврзаност согласно закон со субјектот од кој се купуваат средствата.

13. „Нова машина“ е секоја машина, опрема или постројка произведена не порано од две години од датумот на купување, која не е претходно користена (неамортизирана) и е набавена од корисникот на финансиската поддршка под реални пазарни услови и цена утврдени согласно меѓународни сметководствени стандарди прифатени во Република Македонија,

14. „Инвестициски проект“ се сите активности кои ќе бидат превземени од деловниот субјект и кои вклучуваат инвестиции во изградба на нови односно адаптација, реконструкција или доградба на веќе постоечки објекти, набавка на опрема, машини и постројки и отворање на нови работни места согласно деловниот план.

15. „Голем инвестициски проект“ е инвестициски проект со вредност над 50.000.000 евра во денарска противвредност,

16. „Почеток на реализација на инвестициски проект“ е почетокот на градежни работи поврзани со инвестицискиот проект во кои не спаѓаат обезбедување дозволи, изработка на физибилити студии и слични активности за што корисникот на финансиската поддршка го известува барателот; првиот правно обврзувачки акт за нарачка на опрема; односно правно обврзувачки акт со кој се превземаат обврски поради кои инвестицијата не може да се врати во поранешна состојба.

Времетраење на инвестициски проект

Член 5

Инвестицискиот проект за кој се доделува финансиска поддршка согласно овој закон не може да трае подолго од пет години од денот на почетокот на реализација на инвестицискиот проект.

Учество на корисникот на финансиска поддршка во финансирањето

Член 6

Учеството на корисникот на финансиската поддршка во инвестицијата треба да изнесува најмалку 25% од вкупните оправдани инвестициски трошоци преку сопствени средства или од други извори на финансирање кое не претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.

Обврска за пријавување на големи проекти

Член 7

За секој голем инвестициски проект, давателот на државната помош задолжително ја известува Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно закон.

Кумулација на финансиската поддршка

Член 8

(1) Вкупната финансиска поддршка која може да биде исплатена согласно овој и друг закон не може да надмине 50% од висината на реализираните оправдани трошоци.

(2) За големи инвестициски проекти висината на финансиска поддршка од овој закон изнесува:

- до 50% од оправданите инвестициски трошоци за инвестициски проект до 50.000.000 евра;
- до 25% за делот на оправданите инвестициски трошоци за инвестициски проекти од 50.000.000,00 евра до 100.000.000 евра и
- до 17% за делот на оправданите инвестициски трошоци за инвестициски проект кои надминуваат 100.000.000 евра.

(3) Ограничувањето од ставот (1) на овој член не се однесува на финансиска поддршка која се доделува и исплатува за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување.

Субјекти кои можат да бидат корисници на финансиска поддршка

Член 9

(1) Субјекти кои можат да бидат корисници на финансиска поддршка се деловни субјекти:

- кои вршат производствени дејности и
- кои остариле пораст на приходи од дејност во последната година во однос на просекот од претходните три години или за пократок период доколку деловниот субјект е регистриран и започнал со дејност во период пократок од четири години сметано од денот на доставување на барање за доделување на финансиска поддршка и
- кои имаат ист просечен број односно пораст на просечниот број на вработени во последната година во однос на просекот од претходните три години или за пократок период доколку деловниот субјект е регистриран и започнал со дејност во период пократок од четири години сметано од денот на доставување на барање за доделување на финансиска поддршка.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член финансиска поддршка согласно овој закон не може да биде доделена на деловни субјекти кои вршат производствени дејности и воедно се вршители на:

- дејност од јавен интерес утврдени со закон;
- лиценцирана дејност;
- регулирана дејност;
- корисници на право на концесии, ако им е тоа доминантна дејност;
- кои вршат дејности поврзани со наменско производство (вооружување и воена опрема);
- кои произведуваат акцизна стока.

(3) Деловниот субјект кој ќе се стекне со право да користи финансиска поддршка согласно овој закон ќе го користи правото ако постојано и кумулативно ги исполнува условите предвидени во ставот (1) на овој член.

Субјекти кои не можат да бидат корисници на финансиска поддршка

Член 10

Финансиска поддршка согласно овој закон не може да биде доделена и на субјекти:

- кои користат субвенции, а кои вршат дејности од областа земјоделство и рибарство;
- кои вршат градежни дејности поврзани со изградба и продажба на станови и станбени згради и тоа само за делот на градежната дејност изградба и продажба на станови;
- кои вршат дејности од областа на информацискокомуникациски услуги освен ако дејноста е поврзана со воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување.

Ограничување на финансиска поддршка

Член 11

Финансиска поддршка за реализација на инвестициски проект согласно овој закон не може да се додели на деловен субјект во технолошки индустриски развојни зони за исти оправдани трошоци како и на други деловни субјекти надвор од технолошко индустриски развојни зони за исти оправдани трошоци за кои веќе е доделена државна помош.

Реализација на финансиската поддршка

Член 12

(1) Финансиската поддршка се доделува за инвестиции и подобрување на конкурентноста, а се исплаќа во тековната година согласно членот 9 став (1) алинеја 2 од овој закон.

(2) Финансиската поддршка која се доделува на деловните субјекти согласно овој закон ќе се реализира на годишно ниво со директна исплата на сметката на корисникот во постапката утврдена со овој закон и согласно склучениот договор за финансиска поддршка.

Враќање на примена финансиската поддршка во случај на неисполнување на преземени обврски

Член 13

Во случај на неисполнување на преземени обврски врз основа склучен договор за доделување на финансиска поддршка согласно овој закон, корисникот на финансиската поддршка е должен да ја врати примената финансиска поддршка во обем, рок и на начин уредени со договорот за финансиска поддршка.

Видови на финансиска поддршка

Член 14

(1) Видови на финансиска поддршка за инвестиции се:

а) Поддршка за нови вработувања;

б) Поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи од Република Македонија;

в) Поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување;

г) Поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес;

д) Поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи и

ѓ) Поддршка за откуп на средства од претпријатија во потешкотии.

(2) Видови на финансиска поддршка за конкурентност се:

а) Поддршка за зголемување на конкурентност на пазарот;

б) Поддршка за освојување на пазари и пораст на продажба.

Финансиска поддршка за нови вработувања

Член 15

(1) Финансиска поддршка за нови вработувања се доделува за нови вработувања на државјани на Република Македонија со полно работно време.

(2) Деловен субјект кој ќе исплаќа континуирано месечна нето плата која е најмалку за 50% повисока од минималнатата нето плата предвидена со Законот за минимална плата во Република Македонија има право на финансиска поддршка во износ од 20% од исплатената месечна нето плата за секое ново вработување во текот на претходната година.

(3) Максималниот годишен износ на финансиската поддршка од ставот (2) на овој член кој може да се додели за едно ново вработување изнесува 4.400 евра. Максималниот годишен износ на финансиската поддршка се утврдува сразмерно за периодот од денот на вработување.

(4) Финансиската поддршка од ставот (2) на овој член не може да се доделува за временски период подолг од пет години сметано од денот на првото вработување на конкретното работно место.

Член 16

За доделување на финансиска поддршка од членот 15 од овој закон деловниот субјект треба да ги исполни следните услови и тоа:

1. Да оствари раст на приходи од дејноста и на просечниот број на вработените согласно членот 9 од овој закон и

2. Најмалку 75% од нововработените лица во текот на годината за која се бара финансиска поддршка треба да се лица кои исполнуваат најмалку еден од следните услови и тоа:

- најмалку 3 месеци пред вработувањето да немале засновано работен однос и најмалку 12 месеци пред вработувањето да не биле вработени кај корисникот на финансиската поддршка или во поврзан деловен субјект; или

- прв пат засноваат работен однос со него или

- последниот работен однос да им престанал поради отворање на стечајна или ликвидациска постапка или

- непосредно пред вработувањето да бил вработен во јавна или државната администрација.

Финансиска поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи регистрирани во Република Македонија

Член 17

(1) Финансиската поддршка за воспоставување и унапредување на деловната соработка со добавувачи регистрирани во Република Македонија се однесува на деловни субјекти кои вршат дејност во технолошко индустриските развојни зони, кои ќе набават и вградат производи во крајниот производ наменет за извоз од добавувачи регистрирани во Република Македонија кои вршат производствена дејност.

(2) Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член изнесува 1% од вредноста на вкупно извршените набавки под услов 15% од вкупниот производ кој се доставува и вградува во производот на корисникот на финансиската поддршка во претходната година, да биде извршен од добавувачи регистрирани во Република Македонија.

(3) Максималниот годишен износ на финансиската поддршка од ставот (2) на овој член не може да изнесува повеќе од 300.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на исплатата.

(4) Деловната соработка од ставот (1) на овој член се утврдува согласно процентуалниот удел на набавките на производите кои се доставуваат и вградуваат во производот на корисникот на финансиската поддршка од добавувачите. При тоа не се земаат во предвид набавки извршени од јавни претпријатија (електрична енергија, горива, гас, вода, комуналии, телеком услуги, и сл.) како и адвокатски, сметководствени или консултантски услуги.

(5) Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член не може да се доделува за временски период подолг од седум години од датумот на започнувањето на користење на поддршката.

Член 18

За остварување на правото на финансиска поддршка од членот 17 од овој закон треба да бидат исполнети следните услови и тоа:

- корисникот да оствари раст на приходи од дејноста и на просечниот број на вработените согласно членот 9 од овој закон и

- корисникот да реализирал набавка од добавувач регистриран во Република Македонија кој не е капитално или на кој било начин согласно закон поврзан со корисникот на финансиската поддршка и кој врши

претходни процеси и операции врз производот кој се доставува и вградува во производот на корисникот на финансиската поддршка.

Член 19

Корисникот на финансиската поддршка од членот 17 од овој закон има обврска да ја одржи дејноста најмалку три години сметано од последната година за која е исплатена финансиската поддршка.

Финансиска поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување

Член 20

(1) Финансиска поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување се доделува за воспоставување на одделенија, центри или друг облик на организациска структура, во кои се реализираат одржливи истражувачки и развојни проекти и се ангажира висококвалификуван персонал со цел стекнување на нови знаења и вештини за развој на нови производи, производни процеси или услуги, или за значително подобрување на постојните производи, производните процеси и услуги во производните дејности.

(2) Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член се доделува на деловни субјекти кои ќе формираат самостојни организациони облици за технолошки развој и истражување, или ќе ги формираат како дел од постојната организациона структура.

(3) Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член изнесува до 50% од вкупните оправдани трошоци за индустриско истражување по корисник од кои 30% се доделуваат за инвестициски трошоци од ставот (4) алинеја 1 на овој член, но не повеќе од 1.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на исплатата по проект за кој се генерирани инвестициски трошоци.

(4) Оправдани инвестициски трошоци од ставот (1) на овој член се:

- трошоци за инструменти и опрема кои се користат за потребите на истражувачкиот проект;
- трошоци за згради и земјиште на кое ќе се воспостави организационен облик за технолошки развој;
- трошоци за договорно истражување, техничко знаење и патенти купени или лиценцирани од страна на надворешни извори по пазарни цени;
- дополнителни трошоци настанати директно како резултат на истражувачки проекти и
- други оперативни трошоци, вклучувајќи ги и трошоците за материјали, набавки и слични производи настанати директно како резултат на истражувачката дејност.

(5) Финансиската поддршка од ставот (3) на овој член се доделува за временски период не подолг од пет години сметано од годината во кое е поднесено барање за доделување на финансиска поддршка.

Член 21

(1) За остварување на правото на финансиска поддршка од членот 20 од овој закон деловниот субјект треба да ги исполни следните услови и тоа:

- да оствари раст на приходи од дејноста и на просечниот број на вработените во однос на остварениот приход и просечниот број на вработени согласно член 9 од овој закон;
- претежната дејност на деловниот субјект да е од областа на производството; и
- активностите и резултатите на организациониот облик за технолошки развој и истражување да се применливи во производство.

(2) Корисникот на финансиската поддршка треба да го задржи просечниот број на нововработени доколку користел финансиска поддршка за исплата на нето платите од членот 15 од овој закон, за период од најмалку три години од последната година за која е исплатена финансиска поддршка.

Финансиска поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес за Република Македонија

Член 22

Инвестициски проекти од значаен економски интерес за Република Македонија се:

- инвестициски проекти чија инвестиција изнесува најмалку 4.000.000 евра и обезбедува најмалку 300 нови работни места или
- инвестициски проекти чија инвестиција изнесува најмалку 20.000.000 евра.

Член 23

(1) Финансиската поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес за Република Македонија се состои од:

а) исплата на средства во висина на платен персонален данок на доход од платите на вработени државјани на Република Македонија;

б) исплата на средства во висина на платен данок на добивка;

в) парични средства во износ до 10% од реализираниот износ на инвестицијата (материјални и нематеријални средства) предвидена со договор реализирана по склучување на Договорот за доделување на финансиска поддршка, но не повеќе од 1.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на исплатата;

г) исплата на парични средства за секој вработен за кој е исплатена нето плата повисока за најмалку 50% повисока од висината на минималната нето плата пропишана со Законот за минимална плата во Република Македонија и тоа:

- износ од 2.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на исплатата за деловен субјект кој вработува до 300 лица;
- износ од 3.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на исплатата за деловен субјект само за делот на вработените од 301 до 500 лица;
- износ од 3.500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на исплатата за деловен субјект само за делот на вработените од 501 - 1000 лица;
- износ од 4.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на исплатата за деловен субјект само за делот на вработените од 1001 - 2000 лица.

(2) Финансиската поддршка од ставот (1) точки а) и б) од овој член не може да се додели на корисници кои користат финансиска поддршка од ист вид согласно закон.

(3) Финансиската поддршка од ставот (1) точка в) од овој член не може да се додели на корисници кои користат финансиска поддршка од членот 25 од овој закон.

(4) Финансиската поддршка од ставот (1) точка г) алинеи 1, 2, 3 и 4 на овој член не се доделува на корисници кои користат финансиска поддршка од членот 15 од овој закон.

Член 24

(1) Финансиската поддршка од членот 23 став (1) точка а) од овој закон се остварува на годишно ниво во времетраење од 10 години сметано од месецот за кој прв пат била исплатена плата на вработените, но не подоцна од една година сметано од датумот на склучување на договорот за финансиска поддршка.

(2) Финансиската поддршка од членот 23 став (1) точка б) од овој закон се остварува на годишно ниво во времетраење од 10 години сметано од датумот кога деловниот субјект започнал со дејност, односно не подоцна од една година сметано од годината на склучување на договорот за финансиска поддршка.

(3) Финансиската поддршка од членот 23 став (1) точка в) од овој закон се остварува на годишно ниво за период од три години сметано од годината на склучување на договорот за финансиска поддршка, односно не подоцна од годината на започнување на инвестициският проект.

(4) Финансиската поддршка од членот 23 став (1) точка г) алинеи 1, 2, 3 и 4 на овој закон ќе се исплатува еднократно за секое ново создадено работно место на годишно ниво за период од четири години сметано од годината на склучување на договорот, односно од годината на започнување на инвестициският проект.

(5) Корисникот на финансиската поддршка треба ја одржи инвестицијата и новосоздадените работни места за период од најмалку пет години од последната година во која е завршен инвестициският проект.

Финансиска поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи

Член 25

(1) Финансиска поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи е поддршка за деловни субјекти кои реализираат почетни или дополнителни инвестициски вложувања за набавка на нови машини и опрема или за инвестиции во објекти и земјиште неопходни за дејноста на корисникот во рамките на инвестициският проект.

(2) Максималниот годишен износ на финансиската поддршка од ставот (1) на овој член ќе изнесува 10% од реализираната инвестиција, но не повеќе од 1.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на исплатата вкупно за времетраењето на целиот инвестициски проект.

(3) Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член ќе се исплатува на годишно ниво за временски период од пет години од датумот на започнување на инвестициският проект.

Член 26

(1) За остварување на финансиска поддршка од членот 25 од овој закон деловниот субјект треба да не го намали просечниот број на вработени и приходите од дејноста на работењето под просекот во претходните три години, или за пократок период во зависност од датумот на кој деловниот субјект е основан или започнал со дејност.

(2) Корисникот на финансиската поддршка треба ја одржи инвестицијата за период од најмалку пет години од последната година во која е завршен инвестициският проект.

Финансиска поддршка за откуп на материјални средства од деловни субјекти со потешкотии

Член 27

(1) Финансиска поддршка за откуп на материјални средства од деловни субјекти со потешкотии се доделува на деловни субјекти кои ќе започнат инвестициски проект и откупиле материјални средства на деловен субјект во постапка на стечај или ликвидација кои ќе ги користат исклучиво во производствениот процес во рамки на инвестициският проект.

(2) Максималниот износ на финансиската поддршка од ставот (1) на овој член ќе изнесува 10% од трошоците за купување на материјални средства на деловниот субјект во стечај или ликвидација, но не повеќе од 1.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на исплатата.

(3) Финансиската поддршка од став (1) на овој член се исплатува еднократно во рок од 12 месеци сметано од денот на започнување на производствениот процес.

(4) Користењето на финансиската поддршка од ставот (1) на овој член го исклучува користењето на финансиска поддршка од членот 25 од овој закон.

Член 28

(1) За остварување на финансиската поддршка од членот 27 од овој закон корисникот треба да ги исполни следните услови и тоа:

- да е деловен субјект кој во периодот од последните три години пред отворањето на стечајната или ликвидациската постапка освен преку деловна соработка не бил поврзан на кој било начин со деловниот субјект кој е во постапка на стечај или ликвидација и
- да откупи материјални средства од деловниот субјект кој е во постапка на стечај или ликвидација и кој пред отворањето на постапката на стечај или ликвидација имало најмалку 50 вработени.

(2) Корисникот на финансиската поддршка треба да го одржи инвестициският проект за кој се откупени материјалните средства најмалку пет години по датумот на започнување на инвестициският проект.

Финансиска поддршка за зголемување на конкурентност на пазарот

Член 29

(1) Финансиската поддршка за деловни субјекти кои ја зголемиле својата конкурентност на пазарот се доделува за остварување на пораст на продадени количини или пораст на приход од дејност за продадени производи на пазарот.

(2) Максималниот износ на финансиската поддршка од ставот (1) на овој член изнесува 10% од оправданите инвестициските трошоци но не повеќе од 1.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на исплатата годишно.

(3) Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член ќе се доделува на годишно ниво, но не повеќе од пет години сметано од датумот на започнување на инвестициски проект.

Член 30

За остварување на финансиска поддршка од членот 29 од овој закон корисникот на финансиската поддршка треба да ги исполни следните услови и тоа:

- да оствари пораст на продадени количини или пораст на приход од дејност за продадени производи на пазарот во годината за која аплицира, за најмалку 5% повеќе од просекот во последните три години и
- да задржи или да оствари пораст на просечниот број на вработени и пораст на приходите од дејноста на работењето од најмалку 5% над просекот во претходните три години, или за пократок период во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со дејност утврдено согласно договорот за финансиска поддршка.

Финансиска поддршка за освојување на нови пазари и пораст на продажба

Член 31

(1) Финансиската поддршка за освојување на нови пазари и пораст на продажба се доделува на деловни субјекти за оправдани трошоци за освојување на нови пазари и остварување на пораст во продажбата на новите пазари кои се однесуваат на:

- заеднички (организиран) настап на саеми во странство;
- заеднички (организиран) настап на деловни настани при посети на држави;
- деловни средби со фирми на странски пазари;
- истражување на странски пазари;
- сертифицирање на производите согласно барањата на странски пазари и
- подготовка за маркетиншки настап на странски пазари (изработка на промотивен материјал, каталози, брошури, дизајн на веб - страници)

(2) Максималниот износ на финансиската поддршка од ставот (1) на овој член ќе изнесува 20% од оправданите трошоци за освојување на нови пазари, но не повеќе од 30.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на исплатата.

(3) Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член не се однесува на корисниците на технолошко - индустриските развојни зони.

(4) Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член се исплаќа на годишно ниво, а ќе се доделува континуирано се до достигнување на максималниот износ од ставот (2) на овој член.

Член 32

За остварување на финансиската поддршка од членот 31 од овој закон корисникот треба да задржи ист или да оствари пораст на просечниот број на вработени и да оствари пораст на приходите од дејноста на работењето согласно членот 9 од овој закон.

Член 33

За почетни инвестициски вложувања на деловни субјекти основани од државјани на Република Македонија, коишто имаат живеалиште или привремен престој надвор од Република Македонија, износот на финансиската поддршка од членот 23 став (1) под в), членот 25 став (2), членот 27 став (2) и членот 29 став (2) од овој закон, се зголемува за 10% од реализираната инвестиција, но не повеќе од 1.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на исплатата.

Постапка за доделување на финансиска поддршка

Член 34

(1) Финансиската поддршка согласно овој закон ја доделува Владата на Република Македонија.

(2) Договорите за финансиска поддршка во име на Владата ги потпишува еден од следните потписници:

- Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори;
- Министерот за економија;
- Министрите без ресор задолжени за странски инвестиции;
- Министерот без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија;
- Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони;
- Директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.

Средства за финансиска поддршка

Член 35

Финансиската поддршка од членовите 15, 17, 20, 23, 25, 27, 29, 31 и 33 од овој закон се одобрува до износот на средства за таа цел утврдени во буџетот за тековната година на институциите надлежни за исплата.

Надлежни органи за спроведување на постапката за доделување на финансиска поддршка

Член 36

(1) Надлежни органи за спроведување на постапката за доделување на финансиска поддршка се Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот.

(2) За инвестициски проекти во технолошко индустриски развојни зони деловните субјекти поднесуваат барања за користење на финансиска поддршка до Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони.

(3) За инвестициски проекти надвор од технолошко индустриски развојни зони деловните субјекти поднесуваат барања за користење на финансиска поддршка до Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.

Постапка за доделување на финансиска поддршка

Член 37

(1) За доделување на финансиска поддршка согласно овој закон, деловниот субјект поднесува барање за доделување на финансиска поддршка до надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон.

(2) Кон барањето се доставува Писмо на намери, деловен план за инвестициски проект и финансиски извештај за последните три години или за пократок период во зависност од датумот на кој деловниот субјект е основан или започнал со дејност.

(3) Освен документите од став (1) на овој член надлежниот орган од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон може да побара од подносителот на барањето да достави и други документи со кои се потврдуваат податоци и факти наведени во барањето за финансиска поддршка.

(4) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член како и потребната документација од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за економија.

Член 38

(1) Надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон најдоцна до крајот на тековниот месец ги разгледуваат барањата пристигнати во претходниот месец и доставената документација при што ја утврдува комплетноста на барањето и доставената документација како и дали поднесените барања ги исполнуваат условите за доделување финансиска поддршка согласно овој закон врз основа на што составува писмен извештај за разгледаните барања.

(2) Доколку доставените барања и документацијата од ставот (1) на овој член не се комплетни надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон достaвуваат известување во рок од осум дена од разгледувањето на барањето, до барателот со укажување за дополнување на поднесеното барање со потребна документација во рок од 15 дена од денот на доставувањето на известувањето.

(3) Доколку барателот не постапи согласно ставот (2) на овој член надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон ќе го известат барателот во рок од осум дена од истекот на рокот за дополнување на барањето, дека барањето поради некомплетност нема да биде предмет на разгледување во постапката за доделување на финансиска поддршка.

(4) Доколку барањето од ставот (1) на овој член не ги исполнува условите за доделување на финансиска поддршка согласно овој закон, на барателот во рок од осум дена од разгледување на доставеното комплетно барање му се доставува известување дека нема да биде предмет на разгледување во постапката за доделување на финансиска поддршка.

(5) Надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон до Комисијата за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции формирана од Владата на Република Македонија (во понатамошниот текст: Комисија за евалуација) во рок од 15 дена го доставува писмениот извештај од ставот (1) на овој член со сите барања со потребната документација кои ги исполнуваат условите согласно овој закон за доделување на финансиска поддршка.

(6) Комисијата за евалуација од ставот (5) на овој член ја сочинуваат по еден член од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, кабинетите на министрите без ресор задолжени за странски инвестиции, Кабинетот на министерот без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, Министерството за економија, Министерството за финансии, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.

На членовите на Комисијата за евалуација им следува надоместок, кој го определува Владата на Република Македонија, врз основа на бројот на разгледани барања и бројот на одржани состаноци. Со работата на Комисијата претседава членот од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

(7) За начинот на својата работа Комисијата за евалуација донесува Деловник за работа.

(8) Комисијата за својата работа најмалку двапати годишно доставува Извештај за својата работа до Владата на Република Македонија.

(9) Комисијата за евалуација го разгледува писмениот извештај со добиените барања и документацијата од ставот (5) на овој член и во рок од 15 дена од приемот на истите изготвува Извештај. Извештајот содржи: број на добиени барања, видот на финансиската поддршка и висината на финансиските средства потребни за доделување на истата, листа на деловните субјекти и инвестициските проекти чии барања ги исполнуваат условите за склучување на договор за финансиска поддршка, како и мислење за исполнетост на услови за добивање финансиска поддршка согласно овој закон. Извештајот треба да биде потпишан од најмалку две третини од сите членови на Комисијата.

(10) Извештајот од ставот (9) на овој член, се доставува до надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон во рок од 15 дена од изготвување на Извештајот од ставот (9) на овој член.

Член 39

Надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон врз основа на Извештајот на Комисијата за евалуација од членот 38 став (9) од овој закон, најдоцна во рок од 30 дена од добивањето на Извештајот до Владата на Република Македонија достaвуваат нацрт договор за добивање согласност за доделување на финансиска поддршка.

Договор за финансиска поддршка

Член 40

(1)Договорот за доделување на финансиска поддршка особено ги содржи следните елементи:

- договорни страни;
- предмет на Договор за доделување на финансиска поддршка;
- видот на финансиската поддршка која се доделува со Договор за доделување на финансиска поддршка;
- права и обврски на договорни страни;
- рокови за исполнување на превземни права и обврски;
- начин на исплата на финансиската поддршка;
- одредби во случај на неисполнување на преземени обврски;
- одредби за престанок;
- одредби за раскинување на договорот;
- одредби за решавање на спорови.

(1) Subjektet afariste të industries së përpunimit të lëkurave dhe të tekstilit, më së voni në afat prej dy vitesh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, mund të parashtrojnë kërkesa për pagesën e mbështetjes financiare për realizimin e shpenzime të arsyeshme investuese me ç'rast për këto subjekte afariste nuk zbatohen kufizimet nga neni 9 paragrafi (1) alineja 3 të këtij ligji.

(2) Subjektet afariste nga paragrafi (1) i këtij neni mund të parashtrojnë kërkesa për pagesën e mbështetjes financiare për realizimin e shpenzimeve të arsyeshme investuese, vetëm në rastin kur kanë realizuar rritje të të hyrave nga veprimtaria në vitin e fundit në raport me mesataren nga tri vitet paraprake ose për periudhë më të shkurtër nëse subjekti afarist është regjistruar dhe ka filluar me veprimtari në periudhë më të shkurtër se katër vite, duke llogaritur nga dita e dorëzimit të kërkesës për ndarjen e mbështetjes financiare.

Miratimi i akteve nënligjore

Neni 46

Aktet nënligjore, të parapara me këtë ligj, do të miratohen në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Zbatimi i dispozitave të caktuara

Neni 47

(1) Subjektet afariste që janë shfrytëzues të zonave zhvillimore teknologjike industriale dhe të cilat deri në hyrjen në fuqi të këtij ligji kanë lidhur marrëveshje për ndihmë shtetërore në pajtim me Ligjin për zonat zhvillimore teknologjike industriale dhe të cilët i plotësojnë kushtet e parapara me këtë ligj mund të parashtrojnë kërkesë për ndarjen e mbështetjes financiare.

(2) Subjektet afariste të cilat deri në hyrjen në fuqi të këtij ligji që kanë lidhur marrëveshje për ndihmë shtetërore në pajtim me Ligjin për kontroll të ndihmës shtetërore dhe të cilët i plotësojnë kushtet e parapara me këtë ligj mund të parashtrojnë kërkesë për ndarjen e mbështetjes financiare.

Hyrja në fuqi

Neni 48

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë“.

1508.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЕН ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за државен пазарен инспекторат,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 мај 2018 година.

Бр. 08-3054/1
3 мај 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЕН ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ

Член 1

Во Законот за државен пазарен инспекторат („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2007, 81/2007, 36/11, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 152/15 и 53/16), во членот 9 став 1 алинејата 3 се брише.

Член 2

Во членот 10 став 3 во точката 3 бројот „300“ се заменува со бројот „240“.

Во точката 5) алинеја 5 сврзникот „и“ се заменува со сврзникот „или“.

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

„- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).“.

Точката 6) се брише.

Член 3

Членот 13-а се менува и гласи:

„Министерство за економија е прекршочен орган, а постапката пред прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок.

Министерот формира прекршочни комисии кои ќе бидат надлежни за водење на прекршочна постапка за прекршоци од одделни области и за одделни подрачја во Република Македонија во согласност со надлежноста на апелационите судови определена со Законот за судовите.

Прекршочната комисија (во натамошен текст: Комисијата) е составена од три члена и нивни заменици од кои: два дипломирани правници со пет години искуство во струката од кои еден со положен правосуден испит и еден член со висока стручна спрема подготовка со три години работно искуство во струката.

Комисијата се избира за времетраење од три години со право на реизбор на членовите.

Претседател на Комисијата треба да биде лице со завршен правен факултет и положен правосуден испит.

Комисијата донесува деловник за својата работа.

Против одлуките на прекршочната комисија може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.“

Член 4

Одредбите од членот 10 став 3 точка 5) од Законот за државен пазарен инспекторат („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2007, 81/2007, 36/11, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 152/15 и 53/16) и одредбите од членот 2 од овој закон со кој членот 10 став 3 точка 5) се дополнува со нова алинеја 6 нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Член 5

Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

Член 6

Сите документи архивски заведени во Државниот пазарен инспекторат по однос на поднесените прекршочни пријави и за започнатите постапки, Државниот пазарен инспекторат е должен со записник да ги достави до писарницата на Министерство за економија најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 7

Прекршочните постапки кои се започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат во рок од шест месеци од денот на доставувањето на документите и записникот од членот 6 на овој закон.

Член 8

Министерот за економија ќе ја формира Комисијата за прекршоци во рок од 20 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR INSPEKTORATIN SHTETËROR TË TREGUT

Neni 1

Në Ligjin për Inspektoratin Shtetëror të Tregut ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 24/2007, 81/2007, 36/11, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 152/15 dhe 53/16) në nenin 9 paragrafi 1 alineja 3 shlyhet.

Neni 2

Në nenin 10 paragrafi 3 në pikën 3) numri "300" zëvendësohet me numrin "240".

Në pikën 5 në alinenë 5 lidhëza "dhe" zëvendësohet me lidhëzën "ose".

Pas alinesë 5 shtohet aline e re 6, si vijon:

„- APTIS (APTIS) - së paku niveli B2 (B2).“.

Pika 6) shlyhet.

Neni 3

Neni 13-a ndryshohet si vijon:

"Ministria e Ekonomisë është organ kundërvajtës, ndërsa procedura para organit të kundërvajtjes e mban Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje.

Ministri formon komisione të kundërvajtjes të cilat do të jenë kompetente për mbajtje të procedurës së kundërvajtjes për kundërvajtje nga sfera të veçanta dhe për rajone të veçanta në Republikën e Maqedonisë në pajtim me kompetencën e gjykatave të apelit të përcaktuar me Ligjin për gjykata.

Komisioni i kundërvajtjes (në tekstin e mëtejmë: Komisioni) është i përbërë nga tre anëtare dhe zëvendës të tyre prej të cilëve: dy juristë të diplomuar me pesë vjet përvojë pune në profesion prej të cilëve njëri me provim të dhënë të jurisprudencës dhe një anëtar me përgatitje të lartë profesionale me tre vjet përvojë pune në profesion.

Komisioni zgjidhet për kohëzgjatje për tre vjet me të drejtë të rizgjedhjes së anëtarëve.

Kryetari i Komisionit duhet të jetë person me fakultet të kryer juridik dhe provim të dhënë të jurisprudencës.

Komisioni miraton rregullore për punën e vet.

Kundër vendimeve të komisionit të kundërvajtjes mund të parashtrohet ankesë te Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Shkallë të Dytë në Sferën e Mbikëqyrjes Inspektuese dhe Procedurës Kundërvajtëse".

Neni 4

Dispozitat e nenit 10 paragrafi 3 pika 5) të Ligjit për Inspektoratin Shtetëror të Tregut ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 24/2007, 81/2007, 36/11, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 152/15 dhe 53/16) dhe dispozitat e nenit 2 të këtij ligji me të cilin neni 10 paragrafi 3 pika 5) plotësohet me aline të re 6 nuk ka të zbatohen nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji deri më 1 shtator 2018.

Neni 5

Drejtori i cili është i emëruar në periudhën nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji deri më 1 shtator 2018, është i obliguar ta plotësojë kushtin për njohje të gjuhës së huaj më së voni në afat prej një viti nga dita e emërimit të tij.

Drejtorit i cili nuk do ta plotësojë kushtin për njohje të gjuhës së huaj në afatin e përcaktuar në paragrafin 1 të këtij neni i pushon mandati.

Neni 6

Të gjitha dokumentet e regjistruara në arkiv në Inspektoratin Shtetëror të Tregut në lidhje me fletëparaqitjet e parashtruara të kundërvajtjes dhe për procedurat e filluara, Inspektorati Shtetëror i Tregut është i obliguar t'i dorëzojë te sekretaria e Ministrisë së Ekonomisë më së voni në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 7

Procedurat e kundërvajtjes të cilat kanë filluar para ditës së hyrjes në fuqi të këtij ligji do të përfundohen në afat prej gjashtë muajsh nga dita e dorëzimit të dokumenteve dhe procesverbalit nga neni 6 të këtij ligji.

Neni 8

Ministri i Ekonomisë do ta formojë Komisionin për Kundërvajtje në afat prej 20 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 9

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

_____

1509.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 мај 2018 година.

Бр. 08-3062/1
3 мај 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Горге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА

Член 1

Во Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ број 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15 и 23/16), во членот 4 став (1) во точката 4 зборовите: „ревизија согласно со Законот за трговските друштва“ се заменуваат со зборовите: „законска ревизија или договорна ревизија“.

Во точката 25 сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка и се додава нова точка 26, која гласи:

„26. „Партнер“ е овластен ревизор кој во согласност со внатрешната организација на друштвото за ревизија има одредени овластувања и одговорности за организацијата, управувањето и контролата на вршењето на ревизорските услуги и“.

Точката 26 станува точка 27.

Член 2

Во членот 8 став (1) во точката 4) по зборот „иницира“ се додаваат зборовите: „и учествува во“.

Член 3

Во членот 10 став (1) во алинејата 4 сврзникот „и” се заменува со сврзникот „или”.

Во алинејата 5 во точката 4) сврзникот „или“ се заменува со точка и запирка.

Во точката 5) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „или“ и се додава нова точка 6), која гласи:

„6) АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2),“.

Алинејата 6 се брише.

Член 4

Во членот 19-а по ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Институтот е должен на својата интернет страница да објави годишен извештај за вкупните резултати од контролата и преземените мерки, најдоцна четири месеци по спроведувањето на годишната Програма за контрола од ставот (6) на овој член.“.

Член 5

Членот 20 се менува и гласи:

„(1) Контролата од членот 19-а од овој закон ја спроведува лице вработено во Институтот.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член за спроведување на контролата од членот 19-а од овој закон мора да ги исполнува следниве услови:

1) да има лиценца за овластен ревизор;

2) да поседува сертификат за завршена обука за контрола издаден од Институтот не постар од три години;

3) најмалку три години пред почетокот на контролата лицето престанало да биде партнер или вработен во друштвото за ревизија или во овластениот ревизор-трговец поединец-субјект на контрола или на друг начин е поврзан со субјектот на контрола;

4) да е независно и да нема конфликт на интереси со субјектот на контрола. Во однос на независноста и постоењето конфликт на интереси соодветно се применуваат одредбите од членот 31 од овој закон и

5) пред почетокот на контролата да даде писмена изјава дека не постои конфликт на интерес меѓу него и субјектот на контрола во смисла на ставот (2) точка 4) на овој член.

(3) Доколку е потребно, по претходна согласност на Управниот одбор на Институтот, покрај лицето од ставот (1) на овој член, во контролата можат да бидат вклучени и проценители и/или други домашни и странски експерти.

(4) Во случај кога контролата се врши на барање на Советот, назначувањето на лицата од ставовите (1) и (3) на овој член се врши по претходна согласност од претседателот на Советот и во контролата учествува и вработен во стручната служба на Советот, кој дава писмена изјава согласно со ставот (2) точка 5) на овој член.

(5) Формата и содржината на образецот на писмената изјава од ставот (2) точка 5) на овој член ги пропишува Советот.“.

Член 6

Во членот 20-а став (1) зборовите: „(1) и (3)“ се заменуваат со зборовите: „(1), (3) и (4)“.

Во ставот (2) зборовите: „(1) и (3)“ се заменуваат со зборовите: „(1), (3) и (4)“.

Во ставот (5) зборовите: „и го објавува на својата веб страница“ се бришат.

Член 7

Во членот 22-г став (1) во точката 5) сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додава нова точка 6), која гласи:

„6) дал некомплетна или невистинита писмена изјава, согласно со членот 20 став (2) точка 5) од овој закон и“.

Точката 6) станува точка 7).

Член 8

Насловот пред членот 26 се менува и гласи:

„Услови и постапка за стекнување на звање ревизор“.

Член 9

Во членот 26 став (4) зборовите: „министерот за финансии“ се заменува со зборот „Советот“.

Член 10

Насловот пред членот 27 се брише.

Член 11

Членот 27-а се менува и гласи:

„(1) Полагањето на испитот за стекнување на звањето ревизор се спроведува според Програма за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор која ја донесува Институтот, а за која Советот дава согласност.

(2) Со програмата од ставот (1) на овој член се пропишуваат предметите, градивото, прописите и литературата за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор.

(3) Предметите од програмата од ставот (1) на овој член треба да ги опфати следниве области:

1) општа сметководствена теорија и основни сметководствени принципи;

2) законска рамка во врска со подготовката на годишни сметки и финансиски извештаи и на консолидирани годишни сметки и финансиски извештаи;

3) меѓународни стандарди за финансиско известување;

4) финансиска анализа;

5) сметководство на трошоци и управувачко сметководство;

6) управување со ризик и внатрешна контрола;

7) ревизија и професионални вештини;

8) меѓународни стандарди на ревизија;

9) професионална етика и независност и

10) законска рамка и професионални стандарди во врска со вршењето на ревизијата.

(4) Освен областите од ставот (3) на овој член, програмата од ставот (1) на овој член треба да ги опфати и следниве области во делот кој се однесува на ревизијата:

1) право на трговските друштва и корпоративно управување;

2) стечајни и слични правни постапки;

3) трудово право;

4) даночен систем;

5) граѓанско право и деловно право;

6) информатичка технологија и компјутерски системи;

7) деловна, општа и финансиска економија;

8) финансиска математика и статистика и

9)основните принципи на финансиски менаџмент и управување на трговските друштва.

(5) Испитот за стекнување на звањето ревизор се полага пред испитна комисија формирана од Институтот. Испитната комисија се состои од пет члена од кои претседателот на Комисијата е претставник од Советот и четири члена кои се овластени ревизори.

(6) Начинот на спроведување на испитот за стекнување на звањето ревизор поблиску ги пропишува Институтот, по претходна согласност од Советот.“.

Член 12

Членот 27-б се менува и гласи:

„(1) Институтот може да спроведе обука за секој предмет од програмата од членот 27-а став (1) од овој закон, доколку постои интерес од страна на кандидатите.

(2) Обуката од ставот (1) на овој член ја спроведуваат едукатори ангажирани од Институтот. Едукатор може да биде лице кое има завршено четиригодишно високо образование (VII/1 степен) или завршени студии со 240 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) и работно искуство од десет години од соодветната област за која ќе држи предавања. Во спроведувањето на обуката може да учествуваат и признати стручњаци од праксата од земјата и од странство.

(3) Начинот на спроведување на обуката од ставот (1) на овој член ги пропишува Институтот, по претходна согласност од Советот.“.

Член 13

Членот 27-в се менува и гласи:

„(1) За обуката од членот 27-б од овој закон и за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор од членот 26 од овој закон, кандидатот плаќа надоместок.

(2) Висината на надоместокот ја утврдува Институтот по претходна согласност од Советот.

(3) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член се определува врз основа на реално направените трошоци за обука и полагање на стручниот испит, изготвување на материјали и уверенија.“.

Член 14

Членовите 27-г, 27-д, 27-ѓ, 27-е, 27-ж, 27-з, 27-ѕ, 27-и, 27-ј, 27-к, 27-л, 27-љ, 27-м, 27-н, 27-њ, 27-о, 27-п, 27-р, 27-с, 27-т, 27-ќ и 27-у се бришат.

Член 15

Во членот 39 став (1) зборовите: „во согласност со одредбите на овој член, освен ако со друг закон не е поинаку уредено“ се бришат.

Во ставот (2) зборот „пет“ се заменува со зборот „три“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Одборот за ревизија може да го сочинуваат:

1) сите членови на надзорниот одбор, односно на одборот на директори, или

2) дел од членовите на надзорниот одбор, односно на одборот на директори, при што мнозинството од нив мора да бидат независни членови, или

3) лица избрани од страна на собирот на содружници или собранието на правното лице, при што мнозинството членови на одборот за ревизија мора да бидат независни членови, или

4) лица избрани од страна на надзорниот одбор на правното лице при што мнозинството членови на одборот за ревизија мора да бидат независни членови.“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Членовите на одборот за ревизија избираат претседател од редот на независните членови на одборот. Најмалку еден член на одборот за ревизија мора да има познавања од сметководството и/или ревизијата. Членовите на одборот за ревизија како целина мора да имаат познавања (компетенции) релевантни за секторот во кој работи правното лице.“.

Во ставот (4) кој станува став (5) по зборот „врши“ се додава зборот „особено“.

Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (6) и (7).

Член 16

Членовите 43-б, 43-в и 43-г се бришат.

Член 17

Членовите 44-а и 44-б се бришат.

Член 18

Во членот 44-в став (1) во точката 2) зборовите: „и не го објави“ се бришат.

По точката 5) се додава нова точка 6), која гласи:

„6) не го објави извештајот согласно со членот 19-а став (8) од овој закон;“.

Точките 6), 7), 8), 9) и 10) стануваат точки 7), 8), 9), 10) и 11).

Член 19

Во членот 44-г став (1) зборовите: „членовите 43-б, 43-в, 43-г, 44-а и“ се заменуваат со зборот „член“.

Член 20

Во членот 45 зборовите: „42, 43-а, 44, 44-б и 44-е“ се заменуваат со зборовите: „42, 43-а, 44 и 44-е“.

Член 21

Одредбите на членот 5 од овој закон со кои се менува членот 20 став (2) точка 2) ќе започнат да се применуваат две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 22

Одредбите на членот 10 став (1) алинеја 5 од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ број 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15 и 23/16) и одредбите на членот 3 од овој закон со кој членот 10 став (1) алинеја 5 се дополнува со нова точка 6), нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Член 23

Претседателот и членовите на Советот кои се именувани во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, се должни да го исполнат условот за активно познавање на англиски јазик најдоцна во рок од една година од денот на нивното именување.

На претседателот и членовите на Советот кои нема да го исполнат условот за активно познавање на англиски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член им престанува мандатот.

Член 24

Правните лица од јавен интерес се должни да се усогласат со одредбите на овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 25

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 26

Започнатите постапки за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ број 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15 и 23/16).

Член 27

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR REVIZION

Neni 1

Në Ligjin për revizion (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15 dhe 23/16), në nenin 4 paragrafi (1) në pikën 4 fjalët: "revizion në pajtim me Ligjin për shoqëritë tregtare" zëvendësohen me fjalët: "revizion ligjor ose revizion kontraktues".

Në pikën 25 lidhëza “dhe” zëvendësohet me pikëpresje dhe shtohet pikë e re 26 si vijon:

„26. “Partner” është revizor i autorizuar i cili në pajtim me organizimin e brendshëm të shoqërisë për revizion ka autorizime të caktuara dhe përgjegjësi për organizimin, menaxhimin dhe kontrollin e kryerjes së shërbimeve të revizorit dhe".

Pika 26 bëhet pikë 27.

Neni 2

Në nenin 8 paragrafi (1) në pikën 4) pas fjalës “inicion” shtohen fjalët: "dhe merr pjesë në".

Neni 3

Në nenin 10 paragrafi (1) në alinenë 4 lidhëza “dhe” zëvendësohet me lidhëzën “ose”.

Në alinenë 5 në pikën 4) lidhëza “ose” zëvendësohet me pikëpresje.

Në pikën 5) pika në fund të fjalisë zëvendësohet me lidhëzën “ose” dhe shtohet pika e re 6), si vijon:

“6) APTIS (APTIS) – së paku niveli B2 (B2),”.

Alineja 6 shlyhet.

Neni 4

Në nenin 19-a pas paragrafit (7) shtohet paragrafi i ri (8), si vijon:

“(8) Instituti është i detyruar në internet faqen e vet ta shpall raportin vjetor për rezultatet e përgjithshme nga kontrolli dhe masat e ndërmarra, më së voni katër muaj pas zbatimit të Programit vjetor për kontroll nga paragrafi (6) i këtij neni.”.

Neni 5

Neni 20 ndryshohet si vijon:

“(1) Kontrollin nga neni 19-a të këtij ligji e zbaton personi i punësuar në Institut.

(2) Personi nga paragrafi (1) i këtij neni për zbatimin e kontrollit nga neni 19-a nga ky ligj doemos duhet t'i plotësojë kushtet në vijim:

1) të ketë licencë për revizor të autorizuar;

2) të posedojë certifikatë për trajnim të përfunduar për kontroll të lëshuar nga Instituti jo më të vjetër se tre vjet;

3) së paku tre vjet para fillimit të kontrollit personi ka psuhuar të jetë partner ose i punësuar në shoqërinë për revizion ose në revizorin e autorizuar – tregtar individ - subjekt i kontrollit ose në mënyrë tjetër është i lidhur me subjektin e kontrollit;

4) të jetë i pavarur dhe të mos ketë konflikt të interesave me subjektin e kontrollit. Në lidhje me pavarësinë dhe ekzistimin e konfliktit të interesave në mënyrë përkatëse zbatohen dispozitat nga neni 31 të këtij ligji dhe

5) para fillimit të kontrollit të japë deklaratë me shkrim se nuk ekziston konflikt të interesit ndërmjet tij dhe subjektit të kontrollit sipas paragrafit (2) pika 4) të këtij neni.

(3) Nëse është e nevojshme, me pëlqim paraprak të Këshillit Drejtues të Institutit, përveç personit nga paragrafi (1) i këtij neni, në kontrollmund të përfshihen edhe vlerësues dhe/ose ekspertë tjerë të vendit dhe të huaj.

(4) Në rast kur kontrolli kryhet me kërkesë të Këshillit, caktimi i personave nga paragrafët (1) dhe (3) të këtij neni bëhet me pëlqim paraprak nga kryetari i Këshillit dhe në kontroll merr pjesë edhe i punësuari në shërbimin profesional të Këshillit, i cili jep deklaratë me shkrim në pajtim me paragrafin (2) pika 5) të këtij neni.

(5) Formën dhe përmbajtjen e formularit të deklaratës me shkrim nga paragrafi (2) pika 5) të këtij neni i përcakton Këshilli.".

Neni 6

Në nenin 20-a në paragrafin (1) fjalët: "(1) dhe (3)" zëvendësohen me fjalët: "(1), (3) dhe (4)".

Në paragrafin (2) fjalët: "(1) dhe (3)" zëvendësohen me fjalët: "(1), (3) dhe (4)".

Në paragrafin (5) fjalët: "dhe e shpall në ueb faqen e vet" shlyhen.

Neni 7

Në nenin 22-g paragrafi (1) në pikën 5) lidhëza "dhe" në fund të fjalisë zëvendësohet me pikëpresje dhe shtohet pikë e re 6), si vijon:

"6) ka dhënë deklaratë jo të kompletuar ose të pavërtetë me shkrim, në pajtim me nenin 20 paragrafi (2) pika 5) të këtij ligji dhe".

Pika 6) bëhet pikë 7).

Neni 8

Titulli para nenit 26 ndryshohet si vijon:

"Kushtet dhe procedura për marrjen e titullit revizor".

Neni 9

Në nenin 26 në paragrafin (4) fjalët: "ministri i Financave" zëvendësohet me fjalën "Këshilli".

Neni 10

Titulli para nenit 27 shlyhet.

Neni 11

Neni 27-a ndryshohet si vijon:

"(1) Dhënia e provimit për marrjen e titullit revizor zbatohet sipas Programit për dhënien e provimit për marrjen e titullit revizor të cilin e miraton Instituti, ndërsa për të cilin Këshilli jep pëlqim.

(2) Me programin nga paragrafi (1) i këtij neni përcaktohen lëndët, materiali, rregullat dhe literatura për dhënien e provimit për marrjen e titullit revizor.

(3) Lëndët e programit nga paragrafi (1) i këtij neni duhet t'i përfshijnë sferat si vijon:

1) teorinë e përgjithshme të kontabilitetit dhe parimet themelore kontabiliste;

2) kornizën ligjore në lidhje me përgatitjen e llogarive vjetore dhe raporteve financiare dhe të llogarive të konsoliduara vjetore dhe raporteve financiare;

3) standarde ndërkombëtare për njoftim financiar;

4) analizën financiare;

5) kontabilitet të shpenzimeve dhe kontabilitet menaxhues;

6) menaxhim me rrezik dhe kontroll të brendshëm;

7) revizion dhe aftësi profesionale;

8) standarde ndërkombëtare të revizionit;

9) etikë profesionale dhe pavarësi dhe

10) kornizë ligjore dhe standarde profesionale në lidhje me kryerjen e revizionit.

(4) Përveç sferave nga paragrafi (3) të këtij neni, programi nga paragrafi (1) i këtij neni duhet t'i përfshijë edhe sferat në vijim në pjesën e cila ka të bëjë me revizionin:

1) e drejta e shoqërive tregtare dhe menaxhimi korporativ;

2) procedura falimentimi dhe procedura të ngjashme juridike;

3) e drejta e punës;

4) sistemi tatimor;

5) e drejta civile dhe e drejta afariste;

6) teknologji informatike dhe sisteme kompjuterike;

7) ekonomi afariste, e përgjithshme dhe financiare;

8) matematikë financiare dhe statistikë dhe

9) parimet themelore të menaxhmentit financiar dhe menaxhimi i shoqërive tregtare.

(5) Provimi për marrjen e titullit revizor jepet para komisionit të provimeve të formuar nga Instituti. Komisioni i provimeve përbëhet prej pesë anëtarëve prej të cilëve kryetari i Komisionit është përfaqësues nga Këshilli dhe katër anëtarë të cilët janë revizorë të autorizuar.

(6) Mënyrën e zbatimit të provimit për marrjen e titullit revizor më afërsisht i përcakton Instituti, me pëlqim paraprak nga Këshilli.".

Neni 12

Neni 27-b ndryshohet si vijon:

"(1) Instituti mund të zbatojë trajnim për secilën lëndë nga programi nga neni 27-a paragrafi (1) i këtij ligji nëse ekziston interes nga ana e kandidatëve.

(2) Trajnimin nga paragrafi (1) i këtij neni e zbatojnë edukatorë të angazhuar nga Instituti. Edukator mund të jetë personi i cili ka përfunduar arsimin e lartë katërvjeçar (shkalla VII/1) ose studime të përfunduara me 240 kredi sipas sistemit evropian për transfer të kredive (SETK) dhe përvojës së punës prej dhjetë vjet nga sfera përkatëse për të cilën do të mbajë ligjërata. Në zbatimin e trajnimit mund të marrin pjesë edhe ekspertë të njohur nga praktika nga vendi dhe nga jashtë.

(3) Mënyrën e zbatimit të trajnimit nga paragrafi (1) i këtij neni i përcakton Instituti, me pëlqim paraprak nga Këshilli.".

Neni 13

Neni 27-v ndryshohet si vijon:

“(1) Për trajnimin nga neni 27-b i këtij ligji dhe për dhënien e provimit për marrjen e titullit revizor nga neni 26 i këtij ligji, kandidati paguan kompensim.

(2) Lartësinë e kompensimit e përcakton Instituti me pëlqim paraprak nga Këshilli.

(3) Lartësia e kompensimit nga paragrafi (1) i këtij neni caktohet në bazë të shpenzimeve të bëra reale për trajnim dhe dhënien e provimit profesional, përpilimit të materialeve dhe dëshmive.”.

Neni 14

Nenet 27-g, 27-d, 27-gj, 27-e, 27-zh, 27-z, 27-x, 27-i, 27-j, 27-k, 27-ll, 27-l, 27-m, 27-n, 27-nj, 27-o, 27-p, 27-r, 27-s, 27-t, 27-q dhe 27-u shlyhen.

Neni 15

Në nenin 39 në paragrafin (1) fjalët: "në pajtim me dispozitat e këtij neni, përveç nëse me ligj tjetër nuk është rregulluar ndryshe" shlyhen.

Në paragrafin (2) fjala “pesë” zëvendësohet me fjalën “tre”.

Paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

“Këshillin për revizion mund ta përbëjnë:

1) të gjithë anëtarët e këshillit mbikëqyrës, përkatësisht të këshillit të drejtorëve, ose

2) një pjesë e anëtarëve të këshillit mbikëqyrës, përkatësisht të këshillit të drejtorëve, me ç'rast shumica prej tyre patjetër duhet të jenë anëtarë të pavarur, ose

3) persona të zgjedhur nga ana tubimi i bashkëpronarëve ose kuvendi i personit juridik, me ç'rast shumica e anëtarëve të këshillit për revizion patjetër duhet të jenë anëtarë të pavarur ose

4) persona të zgjedhur nga ana e këshillit mbikëqyrës të personit juridik me ç'rast shumica e anëtarëve të këshillit për revizion patjetër duhet të jenë anëtarë të pavarur.”.

Pas paragrafit (3) shtohet paragraf i ri (4), si vijon:

“(4) Anëtarët e këshillit për revizion zgjedhin kryetar nga radhët e anëtarëve të pavarur të këshillit. Së paku një anëtar i këshillit për revizion patjetër duhet të ketë njohuri nga kontabiliteti dhe/ose revizioni. Anëtarët e këshillit për revizion si tërësi patjetër duhet të kenë njohuri (kompetenca) relevante për sektorin në të cilin punon personi juridik.”.

Në paragrafin (4) i cili bëhet paragrafi (5) pas fjalës “kryen” shtohet fjala “posaçërisht”.

Paragrafët (5) dhe (6) bëhen paragrafë (6) dhe (7).

Neni 16

Nenet 43-b, 43-v dhe 43-g shlyhen.

Neni 17

Nenet 44-a dhe 44-b shlyhen.

Neni 18

Në nenin 44-v paragrafi (1) në pikën 2) fjalët: "dhe nuk e shpall” shlyhen.

Pas pikës 5) shtohet pikë e re 6), si vijon:

“6) nuk e shpall raportin në pajtim me nenin 19-a paragrafi (8) të këtij ligji;".

Pikat 6), 7), 8), 9) dhe 10) bëhen pika 7), 8), 9), 10) dhe 11).

Neni 19

Në nenin 44-g në paragrafin (1) fjalët: "nenet 43-b, 43-v, 43-g, 44-a dhe” zëvendësohen me fjalën “neni”.

Neni 20

Në nenin 45 fjalët: "42, 43-a, 44, 44-b dhe 44-e“ zëvendësohen me fjalët: "42, 43-a, 44 dhe 44-e“.

Neni 21

Dispozitat e nenit 5 të këtij ligji me të cilat ndryshohet neni 20 paragrafi (2) pika 2) do të fillojnë të zbatohen dy vjet nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 22

Dispozitat e nenit 10 paragrafi (1) alineja 5 nga Ligji për revizion (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15 dhe 23/16) dhe dispozitat e nenit 3 të këtij ligji me të cilin neni 10 paragrafi (1) alineja 5 plotësohet me pikë të re 6), nuk do të zbatohen nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji deri më 1 shtator 2018.

Neni 23

Kryetari dhe anëtarët e Këshillit të cilët janë emëruar në periudhën nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji deri më 1 shtator 2018, janë të detyruar ta plotësojnë kushtin për njohje aktive të gjuhës angleze më së voni në afat prej një viti nga dita e emërimit të tyre.

Kryetarit dhe anëtarëve të Këshillit të cilët nuk do ta plotësojnë kushtin për njohje aktive të gjuhës angleze në afatin e përcaktuar në paragrafin 1 të këtij neni u pushon mandati.

Neni 24

Personat juridikë me interes publik janë të detyruar të harmonizohen me dispozitat e këtij ligji në afat prej një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 25

Aktet nënligjore të parapara me këtë ligj do të miratohen në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 26

Procedurat e filluara për dhënien e provimit për marrjen e titullit revizor deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji do të përfundojnë në pajtim me Ligjin për revizion (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15 dhe 23/16).

Neni 27

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

1510.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 мај 2018 година.

Бр. 08-3063/1
3 мај 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Горге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15 и 23/16), во членот 32 став (1) во точката г) зборовите: „според принципот испорака наспроти плаќање“ се бришат.

Во точката е) сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката ж) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и”, и се додава нова точка з), која гласи:

„з) вршење на услуги во постапки за преземање на акционерски друштва согласно со Законот за преземање на акционерските друштва.“.

Во ставот (2) зборовите: „во име на“ се заменуваат со зборот „за“.

Член 2

Во членот 38 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, членки на депозитарот можат да бидат и банки без дозвола за работа со хартии од вредност од Комисијата, доколку банката ги користи услугите на депозитарот само за поранмување на трансакции со хартии од вредност склучени на пазари преку шалтер организирани од страна на Народната банка на Република Македонија и банки со добиена согласност од Народната банка на Република Македонија за давање на услуги на чување на имот.”.

Ставовите (2), (3), (4), (5), (6), (7) и (8) стануваат ставови (3), (4), (5), (6), (7), (8) и (9).

Член 3

Во членот 54 во точката 3) сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 4) точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додаваат четири нови точки 5), 6), 7) и 8), кои гласат:

„5) вложување на хартии од вредност како непаричен влог при основања или зголемување на основна главнина во трговски друштва и статусни промени согласно со Законот за трговските друштва;

6) распределба на хартии од вредност по завршување на постапки за стечај и ликвидација;

7) отстапување на хартии од вредност за време на живот и

8) закон во кој е предвидена обврска за пренос на сопственост на хартии од вредност.“.

Член 4

По членот 60 се додаваат четири нови наслови и четири нови члена 60-а, 60-б, 60-в и 60-г, кои гласат:

„Нетрговски пренос преку вложување како непаричен влог при основања и зголемување на основна главнина во трговски друштва и статусни промени

Член 60-а

Нетрговски пренос преку вложување како непаричен влог при основање и зголемување на основна главнина на трговски друштва и стекнување и отуѓување на правата на сопственост на хартиите од вредност врз основа на статусни промени на трговските друштва се врши врз основа на актите донесени од надлежните органи на трговските друштва согласно со Законот за трговските друштва и решение за спроведен упис во Трговскиот регистар.

Нетрговски пренос по пат на распределба по завршување на постапки за стечај и ликвидација

Член 60-б

Нетрговскиот пренос по пат на распределба по завршување на постапки за стечај и ликвидација се врши врз основа на правосилна судска одлука и одлука за ликвидација донесена од надлежен суд или ликвидатор.

Нетрговски пренос по пат на отстапување на имот за време на живот

Член 60-в

Нетрговски пренос по пат на отстапување на имот за време на живот се врши врз основа на договор за отстапување на имот за време на живот, склучен во писмена форма и заверен од нотар.

Нетрговски пренос наложен врз основа на закон

Член 60-г

Стекнување и отуѓување на права на сопственост на хартии од вредност се врши кога нетрговскиот пренос е обврска превидена со закон.“.

Член 5

Во членот 62 став (2) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и поранмување на склучени прекугранични трансакции со хартии од вредност.“.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) За поранмување на склучени прекугранични трансакции со хартии од вредност од ставот (2) на овој член, депозитарот може врз основа на склучен договор да се поврзува со странски депозитари, односно странски институции кои вршат поранмување на хартии од вредност.“.

Член 6

Во членот 63 насловот на членот се менува и гласи: „Принцип на поранмување“.

Во ставот (1) по зборовите: „испорака наспроти плаќање“ се додаваат зборовите: „или со користење на други принципи на поранмување (испорака наспроти испорака, испорака без плаќање).“.

Член 7

Во членот 64 зборот „три“ се заменува со зборот „два“.

Член 8

Во членот 66-а став (2) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „на трансакции склучени на овластена берза“.

Член 9

Во членот 25 од Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 13/13), зборовите: „30 април 2018 година“ се заменуваат со зборовите: „30 април 2020 година“.

Член 10

Одредбите на членовите 2 и 5 од овој закон, ќе започнат да се применуваат од 1 ноември 2018 година.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

_____

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR LETRA ME VLERË

Neni 1

Në Ligjin për letra me vlerë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15 dhe 23/16), në nenin 32, paragrafi (1) në pikën g) fjalët: “sipas parimit dërgim kundrejt pagesës” shlyhen.

Në pikën e) lidhëza “dhe” në fund të fjalisë zëvendësohet me pikëpresje.

Në pikën zh) pika në fund të fjalisë zëvendësohet me lidhëzën “dhe” dhe shtohet pikë e re 3) si vijon:

“z) kryerje e shërbimit në procedura për marrjen e shoqërive aksionare në pajtim me Ligjin për marrje të shoqërive aksionare. “

Në paragrafin (2) fjalët: “në emër të” zëvendësohen me fjalën “për”.

Neni 2

Në nenin 38 pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2), si vijon:

"(2) Me përjashtim nga paragrafi (1) i këtij neni, anëtarë të depozitarit mund të jenë dhe banka pa leje për punë me letrat me vlerë nga Komisioni, nëse banka i shfrytëzon shërbimet e depozitarit vetëm për nivelim të transaksioneve me letra me vlerë të lidhura në tregje përmes sportelit të organizuara nga Banka Popullore e Republikës së Maqedonisë dhe bankat me pëlqim të marrë nga Banka Popullore e Republikës së Maqedonisë për dhënie të shërbimeve për ruajtje të pronës.”.

Paragrafët (2), (3), (4), (5), (6), (7) dhe (8) bëhen paragraf (3), (4), (5), (6), (7), (8) dhe (9).

Neni 3

Në nenin 54 në pikën 3) lidhëza “dhe” në fund të fjalisë zëvendësohet me pikëpresje.

Në pikën 4) pika në fund të fjalisë zëvendësohet me pikëpresje dhe shtohen katër pika të reja 5), 6), 7) dhe 8), si vijojnë:

"5) investimi në letra me vlerë si investim jomonetar gjatë krijimit ose rritjes së kryegjësë themelore në shoqëritë tregtare dhe ndryshimet e statusit në pajtim me Ligjin për shoqëri tregtare;

6) ndarja e letrave me vlerë pas përfundimit të procedurave për falimentim dhe likuidim;

7) lëshimi i letrave me vlerë gjatë jetës dhe

8) ligj në të cilin është paraparë detyrim për bartje të pronësisë së letrave me vlerë. “.

Neni 4

Pas nenit 60 shtohen katër tituj të rinj dhe katër nene të reja 60-a, 60-b, 60-v dhe 60-g, si vijojnë:

“Bartja jotregtare përmes depozitimit si investim jomonetar gjatë themelimit dhe rritjes së kryegjësë themelore në shoqëri tregtare dhe ndryshime statusore

Neni 60-a

Bartja jotregtare përmes depozitimit si investim jomonetar gjatë themelimit dhe rritjes së kryegjësë themelore në shoqëri tregtare dhe fitimi dhe tjetërsimi të të drejtave mbi pronësinë e letrave me vlerë në bazë të ndryshimeve statusore të shoqërive tregtare kryhet në bazë të akteve të miratuara nga organet kompetente të shoqërive tregtare në pajtim me Ligjin për shoqëritë tregtare dhe aktvendim për regjistrim të realizuar në Regjistrin tregtar.

Bartja jotregtare nëpërmjet ndarjes pas përfundimit të procedurave për falimentim dhe likuidim

Neni 60-b

Bartja jotregtare nëpërmjet ndarjes pas përfundimit të procedurave për falimentim dhe likuidimit kryhet në bazë të vendimit të plotfuqishëm gjyqësor dhe vendim për likuidim të lëshuar nga gjykata kompetente ose likuiduesi.

Bartja jotregtare nëpërmjet të lëshimit të pronës gjatë jetës

Neni 60-v

Bartje jotregtare nëpërmjet lëshimit të pronës gjatë jetës kryhet në bazë të marrëveshjes për lëshim të pronës gjatë jetës, e lidhur në formë të shkruar dhe të vërtetuar në noter.

Bartja jotregtare e imponuar në bazë të ligjit

Neni 60-g

Fitimi dhe tjetërsimi i të drejtave të pronësisë së letrave me vlerë kryhet kur bartja jotregtare është detyrim i paraparë me ligj.”.

Neni 5

Në nenin 62 paragrafi (2) pika në fund të fjalisë zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: "si dhe nivelim i transaksioneve të lidhura tej kufitare me letrat me vlerë."

Pas paragrafit (4) shtohet paragraf i ri (5) si vijon:

"(5) Për nivelim të transaksioneve të lidhura tej kufitare me letrat me vlerë nga paragrafi (2) i këtij neni, depozitari mundet në bazë të marrëveshjes së lidhur, të lidhet me depozitarët e huaj përkatësisht me institucione të huaja që kryejnë nivelim të letrave me vlerë.".

Neni 6

Në nenin 63 titulli i nenit ndryshon si vijon: “Parimi i nivelimit”.

Në paragrafin (1) pas fjalëve "dërgim kundrejt pagesës" shtohen fjalët: "ose me shfrytëzim të parimeve të tjera të nivelimit (dërgim kundrejt dërgimit, dërgim pa pagesë)."

Neni 7

Në nenin 64 fjala “tre” zëvendësohet me fjalën “dy”.

Neni 8

Në nenin 66-a, në paragrafin (2) pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: “transaksione të lidhura në bursë të autorizuar”.

Neni 9

Në nenin 25 të Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për letra me vlerë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 13/13), fjalët: "30 prill 2018" zëvendësohen me fjalët: "30 prill 2020".

Neni 10

Dispozitat nga nenet 2 dhe 5 të këtij ligji, do të fillojnë të zbatohen nga 1 nëntori 2018 .

Neni 11

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

1511.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КРЕДИТНО БИРО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Кредитно биро,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 мај 2018 година.

Бр. 08-3064/1
3 мај 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КРЕДИТНО БИРО

Член 1

Во Законот за Кредитно биро („Службен весник на Република Македонија" број 81/2008, 24/11, 199/14 и 192/15), во членот 2 точка 1 зборовите: „задолженоста и редовноста во исполнување на обврските од страна на" се бришат.

Во точката 6 зборовите: „обврските на субјектите на податоци" се заменуваат со зборовите: „субјектот на податоци и тоа: кредитен извештај и извештај за кредитно рангирање", а сврзникот „и" на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додаваат две нови точки 7 и 8, кои гласат:

„7. „Кредитен извештај" е извештај за кредитната историја кој содржи податоци за задолженоста и редовноста во исполнувањето на обврските од страна на субјектот на податоци;

8. „Извештај за кредитно рангирање" е извештај со нумерички или алфабетски знак доделен на субјектот на податоци кој укажува на нивото на ризик од неплаќање на финансиските обврски од страна на субјектот на податоци и".

Точката 7 станува точка 9.

Член 2

Во членот 6 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Покрај податоците од ставот (1) на овој член, во кредитното биро се доставуваат и податоци за секоја блокада и деблокада на трансакциска сметка во реално време преку Единствениот регистар на трансакциски сметки.".

Ставот (2) станува став (3).

Член 3

Членот 7 се менува и гласи:

„(1) Кредитното биро врз основа на добиените податоци од давателите на податоци од членот 11 од овој закон изготвува и издава кредитен извештај и/или извештај за кредитно рангирање за субјектот на податоци.

(2) Кредитниот извештај може да содржи и податоци обезбедени согласно со членот 11-а од овој закон.

(3) Извештајот за кредитно рангирање се изготвува врз основа на податоците од членот 6 ставови (1) и (2) од овој закон и не смее да ги има во предвид расата, полот, религијата, националноста, брачната состојба, староста, платата, занимањето, работодавачот, датумот на вработување, титулата, местото на живеење, договорите за наем, обврските за алиментација и која било друга информација која не е обезбедена во согласност со членовите 6 и 11 од овој закон.".

Член 4

По членот 7 се додава нов член 7-а, кој гласи:

„Член 7-а

(1) За изготвување на извештај за кредитно рангирање, кредитното биро користи еден или повеќе модели изработени согласно со стандардите што ги применуваат меѓународно активни кредитни бироа.

(2) Кредитното биро е должно на својата интернет страница да ги објави моделите врз основа на кои ги изготвува извештаите за кредитно рангирање, со објаснување и примери.

(3) Корисникот на податоци, односно субјектот на податоци во барањето за добивање извештај за кредитно рангирање избира еден или повеќе модели за изготвување на извештајот за кредитно рангирање.".

Член 5

Во членот 11 алинеја 4 зборовите: „друштва за" се заменуваат со зборовите: „даватели на".

Алинеите 7, 9 и 10 се бришат.

Член 6

По членот 11 се додава нов член 11-а, кој гласи:

„Член 11-а

Кредитното биро може, во согласност со закон, да обезбедува и податоци од јавни книги и регистри и други јавно достапни податоци за субјектите на податоци.".

Член 7

Во членот 12 по зборот „податоците" се додаваат зборовите: „од давателите на податоци од членот 11 од овој закон".

Член 8

Во член 13 по алинејата 10 се додава нова алинеја 11, која гласи:

„- податок за блокада/деблокада на трансакциска сметка,".

Член 9

Во член 14 по алинејата 9 се додава нова алинеја 10, која гласи:

„- податок за блокада/деблокада на трансакциска сметка,".

Член 10

Во членот 17 зборот „или" се заменува со зборовите: „а може и".

Член 11

Во членот 18 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Извештаите за субјектите на податоци изготвени од кредитното биро можат да се издаваат на корисници на податоци преку банка со седиште во Република Македонија како дел од активноста за посредување во склучување договори за кредити и заеми, врз основа на договор склучен со кредитното биро.

(4) Извештаите од ставот (3) на овој член кредитното биро ги доставува до банките во електронска форма, заштитени на начин така што да не бидат читливи при преносот.".

Член 12

Во членот 20 став (1) во алинејата 1 зборовите: „Централниот регистар на Република Македонија, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија," се бришат, а сврзникот „и" на крајот од реченицата се заменува со запирка.

Во алинејата 2 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и", и се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- кредитни бироа или субјекти од други земји кои прибираат и обработуваат податоци за обврските и други податоци и изготвуваат извештаи за субјектите на податоци, со кои кредитното биро има склучено договор за размена на податоци.".

Член 13

Во членот 21 став (3) по зборот „суд" се додаваат зборовите: „и по барање на извршител согласно со закон.".

Член 14

Во членот 25 по зборот „лажни" се додаваат зборовите: „или неточни".

Член 15

Во членот 28 став (1) зборовите: „ја оспори" се заменуваат со зборовите: „поднесе писмено известување со кое ја оспорува".

Член 16

Во член 40 по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

„- по барање на извршител.".

Член 17

Членот 41 се менува и гласи:

„Кредитното биро ги доставува податоците и извештаите единствено на барање на субјектот на податоци, на корисник на податоци, на суд или на извршител.''.

Член 18

Во член 45-а во ставот (1) зборот „податоците" се заменува со зборот „извештаите", а по зборот „кредитни бироа" се додаваат зборовите: „или субјекти од други земји кои прибираат и обработуваат податоци за обврските и други податоци и изготвуваат извештаи за субјектите на податоци".

Во ставот (2) зборот „податоците" се заменува со зборот „извештаите".

Член 19

По главата III се додава нова глава III-а и три нови члена 45-б, 45-в и 45-г,кои гласат:

„III-а Надоместоци, сметководство и извештаи

Член 45-б

(1) Кредитното биро за издавање на извештаите од членот 7 став (1) од овој закон наплатува надоместоци.

(2) Висината на надоместоците од ставот (1) на овој член се утврдува со Тарифник кој го донесува органот на управување на кредитното биро.

(3)Тарифникот од ставот (2) на овој член се објавува на интернет страницата на кредитното биро.

Член 45-в

Кредитното биро го води сметководството и ги изготвува финансиските извештаи согласно со Законот за трговските друштва и усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување.

Член 45-г

(1) Кредитното биро еднаш годишно изготвува извештај кој особено содржи:

1) број на субјекти на податоци за кои има оформено досие, вкупно и поединечно за правни и физички лица;

2) број на субјекти кои имаат обврски по кредити и лизинг, вкупно и поединечно за правни и физички лица;

3) поднесени барања за сопствени извештаи, вкупно и поединечно за правни и физички лица;

4) поднесени барања од корисници на податоци, вкупно и поединечно за правни и физички лица;

5) поднесени писмени известувања за оспорување на податоци, вкупно и поединечно за правни и физички лица и за исходот од постапката и

6) субјекти на податоци со доцнење во исполнување на обврските, вкупно и поединечно за правни и физички лица, со просечен период на доцнење и износ што е во задоцнување.

(2) Кредитното биро го објавува на својата интернет страница извештајот од ставот (1) на овој член најдоцна до 30 јуни во тековната година за претходната година.".

Член 20

Во членот 48 став (1) точката 1) се менува и гласи:

„извештаите содржат податоци спротивно на членот 7 од овој закон;".

По точката 1) се додава нова точка 2), која гласи:

„2) обезбеди податоци спротивно на членот 11-а од овој закон;".

Точките 2) и 3) стануваат точки 3) и 4).

По точката 4) која станува точка 5) се додава нова точка 6), која гласи:

„6) достави лажни или неточни податоци (член 25);".

Точките 5), 6), 7), 8), 9), 10), 11), 12) и 13) стануваат точки 7), 8), 9), 10), 11), 12), 13), 14) и 15).

Во точката 14) која станува точка 16) сврзникот „и" на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 15) која станува точка 17) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и", и се додава нова точка 18), која гласи:

„18) не го води сметководството и не ги изготвува финансиските извештаи во согласност со членот 45-в од овој закон.".

Член 21

Во членот 48-а став (1) во точката 2) сврзникот „и" се заменува со точка и запирка.

Во точката 3) точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додаваат две нови точки 4) и 5), кои гласат:

„4) не го објави тарифникот на начин пропишан со членот 45-б став (3) од овој закон и

5) не го објави извештајот во рок (член 45-г став (2)).".

Член 22

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR BYRO KREDITORE

Neni 1

Në Ligjin për Byro Kreditore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 81/2008, 24/11, 199/14 dhe 192/15), në nenin 2 pika 1 fjalët: "detyrimi dhe rregullshmëria në plotësimin e detyrimeve nga ana e " shlyhen.

Në pikën 6 fjalët: "detyrimet e subjekteve të të dhënave" zëvendësohen me fjalët: "subjekti i të dhënave edhe atë: raport kreditor dhe raport për renditjen kreditore", ndërsa lidhëza "dhe" në fund të fjalisë zëvendësohet me pikëpresje dhe shtohen dy pika të reja 7 dhe 8, si vijojnë:

"7. "Raport kreditor" është raporti për historinë kreditore që përmban të dhëna për detyrimin dhe rregullshmërinë në plotësimin e obligimeve nga subjekti i të dhënave;

8. "Raport për renditjen kreditore" është raporti me shenjë numerike dhe alfabetike të ndarë subjektit të të dhënave që sugjeron për nivelin e rrezikut nga mospagesa e detyrimeve financiare nga ana e subjektit të të dhënave dhe".

Pika 7 bëhet pikë 9.

Neni 2

Në nenin 6 pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2), si vijon:

"(2) Krahas të dhënave nga paragrafi (1) të këtij neni, në byronë kreditore dorëzohen dhe të dhënat për çdo bllokim dhe zhbllokim të llogarisë së transaksionit në kohën reale përmes Regjistrit unik të llogarive të transaksionit.".

Paragrafi (2) bëhet paragraf (3).

Neni 3

Neni 7 ndryshon si vijon:

"(1) Byroja kreditore në bazë të të dhënave të mara nga dhënësit e të dhënave nga neni 11 të këtij ligji përgatit dhe publikon raport kreditor dhe/ose raport për renditjen kreditore për subjektin e të dhënave.

(2) Raporti kreditor mund të përmbajë edhe të dhëna të siguruara në pajtim me nenin 11-a të këtij ligji.

(3) Raporti për renditjen kreditore përgatitet në bazë të të dhënave nga neni 6 paragrafët (1) dhe (2) të këtij ligji dhe nuk guxon t'i ketë parasysh racën, gjininë, fenë, kombësinë, statusin martesor, moshën, rrogën, profesionin, punëdhënësin, datën e punësimit, titullin, vendin e jetesës, marrëveshjet e qirasë, obligimet për alimentacion dhe çdo informacion tjetër që nuk është siguruar në pajtim me nenet 6 dhe 11 të këtij ligji.".

Neni 4

Pas nenit 7 shtohet nen i ri 7-a, si vijon:

"Neni 7-a

(1) Për përgatitjen e raportit për renditje kreditore, byroja kreditore shfrytëzon një ose më shumë modele të përpunuara në pajtim me standardet që i zbatojnë byrotë kreditore aktive ndërkombëtare.

(2) Byroja kreditore është e detyruar në faqen e saj të internetit t'i publikojë modelet në bazë të të cilave i përgatit raportet për renditje kreditore, me shpjegim dhe shembuj.

(3) Shfrytëzuesi i të dhënave, përkatësisht subjekti i të dhënave në kërkesën për marrjen e raportit për renditje kreditore zgjedh një ose më shumë modele për përgatitjen e raportit për renditje kreditore.".

Neni 5

Në nenin 11 alineja 4 fjalët: "shoqëri për" zëvendësohen me fjalët: "dhënës të"

Alinetë 7, 9 dhe 10 shlyhen.

Neni 6

Pas nenit 11 shtohet nen i ri 11-a, si vijon:

"Neni 11-a

Byroja kreditore mund, në pajtim me ligj, të sigurojë edhe të dhëna nga librat publikë dhe regjistrat dhe të dhëna tjera të arritshme publikisht për subjektet e të dhënave.".

Neni 7

Në nenin 12 pas fjalës "të dhënat" shtohet fjalët: "nga dhënësit e të dhënave nga neni 11 të këtij ligji".

Neni 8

Në nenin 13 pas alinesë 10 shtohet aline e re 11, si vijon:

"- e dhënë për bllokimin / zhbllokimin e llogarisë së transaksionit,"

Neni 9

Në nenin 14 pas alinesë 9 shtohet aline e re 10, si vijon:

"- e dhënë për bllokimin / zhbllokimin e llogarisë së transaksionit, "

Neni 10

Në nenin 17 fjala "dhe" zëvendësohet me fjalët: "ndërsa mundet edhe"

Neni 11

Në nenin 18 pas paragrafit (2) shtohen dy paragrafë të rinj (3)dhe (4), si vijojnë:

"(3) Raportet për subjektet e të dhënave të përgatitura nga byroja kreditore mund t'u lëshohen shfrytëzuesve të të dhënave përmes bankës me seli në Republikën e Maqedonisë si pjesë e aktivitetit për ndërmjetësim në lidhje të marrëveshjeve për kredi dhe hua, në bazë të marrëveshjes së lidhur me byronë kreditore.

(4) Raportet nga paragrafi (3) të këtij neni byroja kreditore i dorëzon deri te bankat në formë elektronike, të mbrojtura në mënyrë që të mos jenë të lexueshme gjatë bartjes.".

Neni 12

Në nenin 20 paragrafi (1) në alineja 1 fjalët: "Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë, Fondi për Sigurim Pensional dhe Invalidor të Republikës së Maqedonisë," shlyhen, ndërsa lidhëza "dhe" në fund të fjalisë zëvendësohet me presje.

Në alinenë 2 pika në fund të fjalisë zëvendësohet me lidhëzën "dhe" dhe shtohet aline e re 3, si vijon:

"- Byroja kreditore ose subjektet nga vendet tjera që grumbullojnë dhe përpunojnë të dhëna për obligimet dhe të dhëna tjera dhe përgatisin raporte për subjektet e të dhënave, me të cilat byroja kreditore ka lidhur marrëveshje për këmbim të të dhënave.".

Neni 13

Në nenin 21 paragrafi (3) pas fjalës "gjykatë" shtohen fjalët: "dhe me kërkesë të përmbaruesit në pajtim me ligjin.".

Neni 14

Në nenin 25 pas fjalëve: "të rreme" shtohen fjalët: "ose të pasakta".

Neni 15

Në nenin 28 në paragrafin (1) fjalët: "e konteston" zëvendësohet me fjalët: "parashtron njoftim me shkrim me të cilin e konteston".

Neni 16

Ne nenin 40 pas alinesë 1 shtohet aline e re 2, si vijon:

"- me kërkesë të përmbaruesit.".

Neni 17

Neni 41 ndryshon si vijon:

"Byroja kreditore i dorëzon të dhënat dhe raportet vetëm me kërkesë të subjektit të të dhënave, të shfrytëzuesit të të dhënave, të gjykatës ose të përmbaruesit.".

Neni 18

Në nenin 45-a në paragrafin (1) fjalët: "të dhënat" zëvendësohen me fjalën "raportet " ndërsa pas fjalëve "byrotë kreditore" shtohen fjalët: "ose subjektet nga vende tjera që grumbullojnë dhe përpunojnë të dhëna për obligimet dhe të dhëna tjera dhe përgatisin raporte për subjektet e të dhënave.".

Në paragrafin (2) fjalët: "të dhënat" zëvendësohet me fjalën "raportet".

Neni 19

Pas kreut III shtohet kreu i ri III-a dhe tre nene të reja 45-b, 45-v dhe 45-g, si vijojnë:

"III-a Kompensimet, kontabiliteti dhe raportet

Neni 45-b

(1) Byroja kreditore për botimin e raporteve nga neni 7 paragrafi (1) të këtij ligji arkëton kompensime.

(2) Lartësia e kompensimeve nga paragrafi (1) të këtij neni përcaktohet me Listë tarifore që e miraton organi drejtues i byrosë kreditore.

(3) Lista tarifore nga paragrafi (2) i këtij neni shpallet në faqen e internetit të byrosë kreditore.

Neni 45-v

Byroja kreditore e mban kontabilitetin dhe i përgatit raportet financiare në pajtim me Ligjin për shoqëri tregtare dhe standardet e miratuara ndërkombëtare për njoftim financiar.

Neni 45-g

(1) Byroja kreditore njëherë në vit përgatit raport i cili veçanërisht përmban:

1) numër të subjekteve të të dhënave për të cilat ka formuar dosje, në total dhe veçmas për persona juridikë dhe fizikë;

2) numër të subjekteve të cilat kanë obligime për kredi dhe lizing, në total dhe veçmas për persona juridikë dhe fizikë;

3) kërkesa të parashtruara për raporte personale, në total dhe veçmas për persona juridikë dhe fizikë;

4) kërkesa të parashtruara nga shfrytëzuesit e të dhënave, në total dhe veçmas për persona juridikë dhe fizikë;

5) njoftime me shkrim të parashtruara për kontestim të të dhënave, në total dhe veçmas për persona juridikë dhe fizikë;

6) subjektet e të dhënave me vonesë në plotësimin e obligimeve, në total dhe veçmas për persona juridikë dhe fizikë, me periudhë mesatare të vonesës dhe shumë që është në vonesë.

(2) Byroja kreditore e shpall në faqen e saj të internetit raportin nga paragrafi (1) të këtij neni më së voni deri me 30 qershor në vitin rrjedhës për vitin paraprak.".

Neni 20

Në nenin 48 në paragrafin (1) pika 1 ndryshohet si vijon:

"1) raportet përmbajnë të dhëna në kundërshtim me nenin 7 të këtij ligji;".

Pas pikës 1) shtohet pikë e re 2), si vijon:

"2) siguron të dhëna në kundërshtim me nenin 11-a të këtij ligji;".

Pikat 2) dhe 3) bëhen pika 3) dhe 4).

Pas pikës 4) që bëhet pikë 5) shtohet pikë e re 6), si vijon:

"6) dorëzon të dhëna të rreme ose të pasakta (neni 25);".

Pikat 5), 6), 7), 8), 9), 10), 11), 12) dhe 13) bëhen pika 7), 8), 9), 10), 11), 12), 13), 14) dhe 15).

Në pikën 14) që bëhet pika 16), lidhëza "dhe" në fund të fjalisë zëvendësohet me pikëpresje.

Në pikën 15) që bëhet pika 17), pika në fund të fjalisë zëvendësohet me lidhëzën "dhe" dhe shtohet pikë e re 18), si vijon:

"18) nuk e mban kontabilitetin dhe nuk i përgatit raportet financiare në pajtim me nenin 45-v të këtij ligji.".

Neni 21

Në nenin 48-a paragrafi (1) në pikën 2) lidhëza "dhe" zëvendësohet me pikëpresje.

Në pikën 3) pika në fund të fjalisë zëvendësohet me pikëpresje dhe shtohen dy pika të reja 4) dhe 5), si vijojnë:

"4) nuk e shpall listën tarifore në mënyrë të përcaktuar me nenin 45-b paragrafi (3) të këtij ligji dhe

5) nuk e shpall raportin në afat (neni 45-g paragrafi (2))."

Neni 22

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

1512.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 мај 2018 година.

Бр. 08-3065/1
3 мај 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Член 1

Во Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" број 14/2007, 103/2008, 130/2008, 139/2009, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15 и 30/16), во членот 1 став (1) по зборовите: „постапката за издавање на одобрение за градење," сврзникот „и" се брише, и се додаваат зборовите: „постапка за давање закуп на земјиште во технолошко индустриска развојна зона на закупец на земјиште кој ќе изгради објект за потребите на корисник,".

Член 2

Во членот 4 став (1) точка 29 зборовите: „закупците и сопствениците на земјиштето" се заменуваат со зборовите: „сопствениците на земјиштето, закупците на земјиште и закупците на објект".

По точката 31 се додаваат две нови точки 32. и 33., кои гласат:

„32. „Закупец на земјиште" во технолошко индустриска развојна зона е домашно или странско физичко или правно лице, кое:

- склучува Договор за закуп на земјиште во технолошко индустриска развојна зона на кое ќе изгради објект заради вршење на дејност согласно со овој закон и

- склучува Договор за закуп на земјиште во технолошко индустриска развојна зона на кое ќе изгради објект за потребите на корисник кој ќе врши дејност согласно со овој закон;

33. „Закупец на објект" во технолошко индустриска развојна зона е домашно или странско физичко или правно лице кое склучува Договор за закуп на објект во технолошко индустриска развојна зона заради вршење на дејност согласно со овој закон;".

Член 3

Во членот 8 став (6) зборовите: „корисници на зона" се заменуваат со зборовите: „закупците на земјиштето од членот 4 став (1) точка 32 од овој закон".

Ставот (10) се менува и гласи:

„Закупецот на земјиште е должен на доделеното земјиште во закуп да започне со градба во рок од девет месеци од склучувањето на договорот за закуп на земјиште. Закупецот кој склучува Договор за закуп на земјиште во технолошко индустриска развојна зона на кое ќе изгради објект заради вршење на дејност согласно со овој закон е должен најдоцна за 30 месеци од денот на склучување на договорот за закуп на земјиште да заврши со градбата и да почне со производство, односно со вршење на дејностите од членот 11-а став (2) и членот 35 став (1) од овој закон. Закупецот кој склучува Договор за закуп на земјиште во технолошко индустриска развојна зона на кое ќе изгради објект за потребите на корисник кој ќе врши дејност согласно со овој закон е должен најдоцна за 30 месеци од денот на склучување на договорот за закуп на земјиште да заврши со градбата и на корисникот за чии потреби го гради објектот да му го предаде објектот за да корисникот започне со производство, односно со вршење на дејностите од членот 11-а став (2) и членот 35 став (1) од овој закон.".

Ставот (11) се менува и гласи:

„Договорот за закуп на земјиштето едностранo се раскинува, доколку:

- закупецот на земјиште во рок од девет месеци од склучувањето на договорот за закуп не започне со градба,

- закупецот кој склучува Договор за закуп на земјиште во технолошко индустриска развојна зона на кое ќе изгради објект заради вршење на дејност согласно со овој закон најдоцна за 30 месеци од денот на склучување на договорот за закуп на земјиште не започне со производство, односно со вршење на дејностите од членот 11-а став 2 и членот 35 став 1 од овој закон и

- закупецот кој склучува Договор за закуп на земјиште во технолошко индустриска развојна зона на кое ќе изгради објект за потребите на корисник кој ќе врши дејност согласно со овој закон најдоцна за 30 месеци од денот на склучување на договорот за закуп на земјиште не му го предаде објектот на корисникот за чии потреби го гради објектот за да корисникот започне со производство, односно со вршење на дејностите од членот 11-а став 2 и членот 35 став 1 од овој закон.".

По ставот (12) се додава нов став (13), кој гласи:

„(13) Раскинувањето на договорот за закуп на земјиштето согласно со ставовите 11 и 12 на овој член, е основ за едностране раскинување и на Договорот за доделување на државна помош од страна на давателот на државната помош.“.

Член 4

Во членот 12 став (2) точките 26) и 27) се менуваат и гласат:

„врши контрола врз работењето на основачите, закупците на земјиште, закупците на објекти и корисниците во зоните;

издава одобрение за градење и одобрение за употреба за објектите кои ги градат сопствениците и закупците на земјиштето во технолошките индустриски развојни зони освен за инфраструктурните објекти во рамки на зоната, кои ги градат субјектите-даватели на јавни услуги кои се надлежни за изградба на електроенергетската, водоводната, канализационата, гасоводната и телекомуникациската инфраструктура;“.

Во став (4) алинејата 1 се менува и гласи:

„- склучува договори за закуп за земјиштето и објектите во зоната со закупци на земјиштето и закупците на објектите и раскинува договори за закуп за земјиштето и објектите во зоната со закупци на земјиштето и закупци на објектите, за кои Владата на Република Македонија дава претходна согласност;“.

Член 5

По членот 38-а се додаваат четири нови члена 38-б, 38-в, 38- г и 38-д и три нови наслови, кои гласат:

„Постапка за давање закуп на земјиште во технолошко индустриска развојна зона на закупец на земјиште кој ќе изгради објект за потребите на корисник

Член 38-б

(1) Постапката за давање под долготраен закуп на градежно земјиште во рамките на зоната на закупец на земјиште од членот 4 став (1) точка 32 алинеја 2 од овој закон ја спроведува Дирекцијата.

(2) За започнување на постапката од ставот (1) на овој член, идниот корисник кој ќе врши дејност во објектот кој ќе биде изграден од страна на закупец на земјиште до Дирекцијата треба да достави:

- писмо за намери во кое е наведена дејноста што сака да ја врши како и парцелата на која ќе ја врши истата,
- деловен план и
- склучен преддоговор со избраниот закупец на земјиште од членот 4 став (1) точка 32 алинеја 2 од овој закон.

(3) Врз основа на доставената документација од ставот (2) на овој член и доколку се исполнети условите за вршење дејност согласно со овој закон, основачот на зоната, односно приватниот партнер во случај на склучен договор за јавно приватно партнерство, склучува договор за долготраен закуп на градежно земјиште со закупецот на земјиште од членот 4 став (1) точка 32 алинеја 2 од овој закон кој ќе гради објект за потреби на корисник по претходна согласност од Владата на Република Македонија.

(4) Периодот на закуп на земјиштето и висината на закупнината на земјиштето за закупецот на земјиште кој ќе гради објект за потреби на иден корисник ги определува Владата на Република Македонија за секој поединечен случај.

(5) Во случај на раскинување на договорот за закуп на земјиште согласно со одредбите од овој закон, закупецот на земјиште кој ќе гради објект за потреби на иден корисник му ги пренесува на основачот без надоместок, а основачот ги прима сите изградени или делумно изградени објекти на градежното земјиште во тој момент во состојба во која се наоѓаат.

(6) Дирекцијата ќе склучи договор за вршење на дејност со идниот корисник, врз основа на склучениот договор за долготраен закуп на градежно земјиште со закупецот на земјиште од членот 4 став (1) точка 32 алинеја 2 од овој закон.

Промена на закупецот кој гради објект за потреби на корисник кој ќе врши дејност

Член 38-в

(1) Во случај корисникот на зоната да го раскине договорот за вршење на дејност и му е одземено решението за корисник, во првите осум години од склучувањето на договорот за закуп на земјиште, закупецот на земјиштето од членот 4 став (1) точка 32 алинеја 2 од овој закон има рок до крајот на десетата година сметано од денот на потпишувањето на договорот за закуп на земјиште да го пренесе правото на сопственост на објектот или да најде нов корисник на зоната кој ќе врши дејност. Новиот сопственик на објектот ќе ги преземе правата и обврските од договорот за закуп за земјиште се до истекот на преостанатиот период од договорот за закуп на земјиште.

(2) Во случај корисникот на зоната да го раскине договорот за вршење на дејност и му е одземено решението за корисник, после осмата година од договорот за закуп на земјиште, закупецот на земјиште од членот 4 став (1) точка 32 алинеја 2 од овој закон има рок од две години да го пренесе правото на сопственост на објектот или да најде нов корисник кој ќе врши дејност. Новиот сопственик на објектот ќе ги преземе правата и обврските од договорот за закуп за земјиште се до истекот на рокот на преостанатиот период од договорот за закуп на земјиште.

(3) По истекот на рокот од ставовите (1) и (2) на овој член, доколку закупецот на земјиште од членот 4 став (1) точка 32 алинеја 2 од овој закон не најде корисник кој ќе врши дејност во објектот, односно не го пренесе правото на сопственост на објектот, објектот преминува во сопственост на Република Македонија, а договорот за закуп престанува да важи.

(4) Во случај да биде пренесено правото на сопственост на објектот согласно со ставовите (1) и (2) на овој член, новиот сопственик на објектот ги презема обврските и роковите за наоѓање на нов корисник кој ќе врши дејност во тој објект. Новиот сопственик на објектот ќе ги преземе правата и обврските од договорот за закуп за земјиште се до истекот на преостанатиот период од договорот за закуп на земјиште.

Пренос на сопственоста на објектот

Член 38-г

(1) Пред истекот на рокот за којшто е склучен договорот за закуп на градежно земјиште со основачот на зоната, закупецот на земјиште од членот 4 став (1) точ-

ка 32 алинеја 2 од овој закон има право да го пренесе правото на сопственост на објектот на корисникот кој врши дејност во објектот.

(2) Сопственикот на објектот од ставот (1) на овој член ги презема правата и обврските од договорот за закуп за земјиште се до истекот на рокот на преостанатиот период од договорот за закуп на земјиште.

Член 38-д

(1) Во случај правото на сопственост на објектот да биде пренесено на правно лице кое согласно со овој закон не може да врши дејност во зона, новиот сопственик е должен да го пренесе правото на сопственост на објектот или да го даде во закуп во рок од две години на нов корисник кој ќе врши дејност во објектот согласно со овој закон.

(2) По истекот на рокот од ставот (1) на овој член, доколку новиот сопственик на објектот не најде корисник или не го даде под закуп објектот согласно со овој закон објектот преминува во сопственост на Република Македонија.“.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR ZONA ZHVILLIMORE INDUSTRIALE TEKNOLOGJIKE

Neni 1

Në Ligjin për zona zhvillimore industriale teknologjike („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ numër 14/2007, 103/2008, 130/2008, 139/2009, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15 dhe 30/16), në nenin 1 paragrafi (1) pas fjalëve: "procedurën për lëshimin e lejes për ndërtim", lidhëza "dhe" shlyhet, dhe shtohen fjalët: "procedura për dhënie me qira të tokës në zonën zhvillimore industriale teknologjike të qiramarrësit të tokës i cili do të ndërtojë objekt për nevojat e shfrytëzuesit,".

Neni 2

Në nenin 4 paragrafi (1) pika 29, fjalët: “qiramarrësit dhe pronarët e tokës” zëvendësohen me fjalët: “pronarët e tokës, qiramarrësit e tokës dhe qiramarrësit e objektit”.

Pas pikës 31 shtohen dy pika të reja 32. dhe 33., si vijojnë:

„32. “Qiramarrësi i tokës” në zonën zhvillimore industriale teknologjike është person fizik ose juridik i vendit ose i juaj i cili:

- lidh Marrëveshje për qira të tokës në zonë zhvillimore industriale teknologjike në të cilën do të ndërtohet objekt për kryerje të veprimtarisë në pajtim me këtë ligj; dhe

- lidh Marrëveshje për qira të tokës në zonë zhvillimore industriale teknologjike në të cilën do të ndërtohet objekt për nevojat e shfrytëzuesit i cili do të kryejë veprimtari në pajtim me këtë ligj;

33. “Qiramarrësi i objektit” në zonën zhvillimore industriale teknologjike është person fizik ose juridik i vendit ose i huaj i cili lidh Marrëveshje për qiramarrje të objektit në zonën zhvillimore industriale teknologjike për kryerje të veprimtarisë në pajtim me këtë ligj;".

Neni 3

Ne nenin 8 paragrafi (6) fjalët: “shfrytëzues i zonës” zëvendësohen me fjalët: “qiramarrësit e tokës nga neni 4 paragrafi (1) pika 32 të këtij ligji”.

Paragrafi (10) ndryshon si vijon:

“Qiramarrësi i tokës është i obliguar që në tokën e ndarë për qira të fillojë me ndërtim në afat prej nëntë muajsh nga lidhja e marrëveshjes për qiramarrje të tokës. Qiramarrësi i cili lidh Marrëveshje për qira të tokës në zonë zhvillimore industriale teknologjike në të cilën do të ndërtohet objekt për kryerje të veprimtarisë në pajtim me këtë ligj është i obliguar që më së voni për 30 muaj nga dita e lidhjes së marrëveshjes për qira të tokës të përfundojë me ndërtim dhe të fillojë prodhimi, përkatësisht me kryerjen e veprimtarive nga neni 11-a paragrafi (2) dhe neni 35 paragrafi (1) të këtij ligji. Qiramarrësi i cili lidh Marrëveshje për qira të tokës në zonë zhvillimore industriale teknologjike në të cilën do të ndërtohet objekt për nevojat e shfrytëzuesit i cili do të kryejë veprimtari në pajtim me këtë ligj është i obliguar që më së voni deri më 30 muaj nga dita e lidhjes së marrëveshjes për qira të tokës të përfundojë me ndërtim dhe shfrytëzuesit për nevojat e të cilit ndërtohet objekti t'ia dorëzojë objektin që shfrytëzuesi të fillojë me prodhim, përkatësisht me kryerjen e veprimtarive nga neni 11-a paragrafi (2) dhe neni 35 paragrafi 35 (1) të këtij ligji.”.

Paragrafi (11) ndryshon si vijon:

“Marrëveshja për qira të tokës ndërpritet në mënyrë të njëanshme, nëse:

- qiramarrësi i tokës në afat prej nëntë muajve nga lidhja e marrëveshjes për qira nuk fillon me ndërtim,

- qiramarrësi i cili lidh Marrëveshje për qira të tok;s në zonë zhvillimore industriale teknologjike në të cilën do të ndërtohet objekt për kryerje të veprimtarisë në pajtim me këtë ligj më së voni deri më 30 muaj nga dita e lidhjes së marrëveshjes për qira të tokës nuk fillon me prodhim, përkatësisht me kryerjen e veprimtarive nga neni 11-a paragrafi 2 dhe neni 35 paragrafi 1 të këtij ligji dhe

- qiramarrësi i cili lidh Marrëveshje për qira të tokës në zonë zhvillimore industriale teknologjike në të cilën do të ndërtohet objekt për nevojat e shfryt;zuesit i cili do të kryejë veprimtari në pajtim me këtë ligj më së voni deri më 30 muaj nga dita e lidhjes së marrëveshjes për qira të tokës nuk ia dorëzon objektin shfrytëzuesit për nevojat e të cilit e ndërton objektin që shfrytëzuesi të fillojë me prodhim, përkatësisht me kryerjen e veprimtarive nga neni 11-a paragrafi 2 dhe neni 35 paragrafi 1 të këtij ligji.”.

Pas paragrafit (12) shtohet paragraf i ri (13), si vijon:

“(13) Shfuqizimi i marrëveshjes për qira të tokës në pajtim me paragrafët 11 dhe 12 të këtij neni, është bazë për shfuqizimin e njëanshëm edhe të Marrëveshjes për dhënien e ndihmës shtetërore nga ana e ofruesit të ndihmës shtetërore.".

Neni 4

Në nenin 12 paragrafi (2), pikat 26) dhe 27) ndryshojnë si vijon:

“kryen mbikëqyrje mbi punën e themeluesve, qiramarrësve të tokës, qiramarrësve të objekteve dhe shfrytëzuesve të zonave;

lëshon leje për ndërtim dhe leje për përdorimin e objekteve të cilat i ndërtojnë pronarët dhe qiramarrësit e tokës në zonat zhvillimore industriale teknologjike përveç për objektet infrastrukturore në korniza të zonës, të cilat i ndërtojnë subjektet–ofrues të shërbimeve publike të cilët janë kompetentë për ndërtimin e infrastrukturës elektroenergjetike, të ujësjellësit, kanalizimit, gazpërçuesit dhe telekomunikimit;”.

Në paragrafin (4) alineja 1 ndryshon si vijon:

"-lidh marrëveshje për qira të tokës dhe objekteve në zonë me qiramarrës të tokës dhe qiramarrës të objekteve dhe shfuqizon marrëveshje për qira për tokën dhe objektet në zonë me qiramarrës të tokës dhe qiramarrës të objekteve, për të cilët Qeveria e Republikës së Maqedonisë paraprakisht jep pëlqim;".

Neni 5

Pas nenit 38-a shtohen katër nene të reja 38-b, 38-v, 38-g dhe 38-d dhe tre tituj të rinj, si vijojnë:

"Procedura për dhënie me qira të tokës në zonat hvillimore industriale teknologjike të qiramarrësit të tokës i cili do të ndërtojë objekt për nevojat e shfrytëzuesit

Neni 38-b

(1) Procedurën për dhënien e qirasë afatgjate të tokës ndërtimore në korniza të zonës së qiramarrësit të tokës nga neni 4 paragrafi (1) pika 32. alineja 2 e këtij ligji e zbaton Drejtoria.

(2) Për fillimin e procedurës nga paragrafi (1) i këtij neni, shfrytëzuesi i ardhshëm i cili do të kryejë veprimtari në objektin i cili do të ndërtohet nga ana e qiramarrësit të tokës në Drejtori duhet të dorëzojë:

- letër për qëllimet në të cilën është theksuar veprimtaria që dëshiron ta ushtrojë si dhe parcela në të cilën do ta kryejë të njëjtën,
- plan afarist, dhe
- paramarrëveshje të lidhur me qiramarrësin e tokës nga neni 4 paragrafi (1) pika 32 alineja 2 të këtij ligji.

(3) Në bazë të dokumentacionit të dorëzuar nga paragrafi (2) i këtij neni, nëse plotësohen kushtet për kryerjen e veprimtarisë në pajtim me këtë ligj, themeluesi i zonës, përkatësisht partneri privat në rast të lidhjes së marrëveshjes për partneritet publik-privat, lidh marrëveshje për qiramarrje afatgjatë të tokës ndërtimore me qiramarrësin e tokës nga neni 4 paragrafi (1) pika 32 alineja 2 të këtij ligji i cili do të ndërtojë objekt për nevojat e shfrytëzuesit pas pëlqimit paraprak nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë.

(4) Periudhën e qiramarrjes së tokës dhe shumën e qirasë së tokës për qiramarrësin e tokës i cili do të ndërtojë objekt për nevojat e shfrytëzuesit të ardhshëm i përcakton Qeveria e Republikës së Maqedonisë për secilin rast individualisht.

(5) Në rast të shfuqizimit të marrëveshjes për qira të tokës në pajtim me dispozitat e këtij ligji, qiramarrësi i tokës i cili do të ndërtojë objekt për nevojat e shfrytëzuesit të ardhshëm ia bart themeluesit pa kompensim, ndërsa themeluesi i pranon të gjitha objektet e ndërtuara ose të ndërtuara pjesërisht në atë moment në gjendjen në të cilën gjenden.

(6) Drejtoria do të lidhë marrëveshje për kryerjen e veprimtarisë me shfrytëzuesin e ardhshëm, në bazë të marrëveshjes së lidhur për qira afatgjatë të tokës ndërtimore me qiramarrësin e tokës nga neni 4 paragrafi (1) pika 32 alineja 2 të këtij ligji.

Ndryshimi i qiramarrësit i cili ndërton objekt për nevojat e shfrytëzuesit i cili do të kryejë veprimtari

Neni 38-v

(1) Në rast shfrytëzuesi i zonës ta ndërpresë marrëveshjen për kryerjen e veprimtarisë dhe i është hequr aktvendimi për shfrytëzues, në tetë vitet e para të lidhjes së marrëveshjes për qira të tokës, qiradhënësi i tokës nga neni 4 paragrafi (1) pika 32 alineja 2 të këtij ligji ka afat deri në fund të vitit të dhjetë të llogaritur nga dita e nënshkrimit të marrëveshjes për qira të tokës ta bartë të drejtën e pronësisë së objektit apo të gjejë shfrytëzues të ri të zonës i cili do të kryejë veprimtarinë. Pronari i ri i objektit do t'i marrë të drejtat dhe obligimet e marrëveshjes për qira të tokës deri në skadimin e periudhës së mbetur të marrëveshjes për qira të tokës.

(2) Në rast se shfrytëzuesi i zonës do ta ndërpresë marrëveshjen për kryerjen e veprimtarisë dhe i është hequr aktvendimi për shfrytëzues, pas vitit të tetë të marrëveshjes për qira të tokës, qiradhënësi i tokës nga neni 4 paragrafi (1) pika 32 alineja 2 të këtij ligji ka afat prej dy vitesh ta bartë të drejtën e pronësisë së objektit apo të gjejë shfrytëzues të ri i cili do të kryejë veprimtarinë. Pronari i ri i objektit do t'i marrë te drejtat dhe obligimet e marrëveshjes për qira të tokës deri në skadimin e afatit të periudhës së mbetur të marrëveshjes për qira të tokës.

(3) Pas skadimit të afatit nga paragrafët (1) dhe (2) të këtij neni, nëse qiradhënësi i tokës nga neni 4 paragrafi (1) pika 32 alineja 2 të këtij ligji nuk gjen shfrytëzues i cili do të kryejë veprimtari në objekt përkatësisht nuk e bart të drejtën e pronësisë së objektit, objekti kalon në pronësi të Republikës së Maqedonisë, kurse marrëveshja për qira shfuqizohet.

(4) Në rast se bartet e drejta e pronësisë së objektit në pajtim me paragrafët (1) dhe (2) të këtij neni, pronari i ri i objektit i merr obligimet dhe afatet për gjetjen e shfrytëzuesit të ri i cili do të kryejë veprimtarinë në këtë objekt. Pronari i ri i objektit do t'i marrë të drejtat dhe obligimet e marrëveshjes për qira të tokës deri në skadimin e periudhës së mbetur të marrëveshjes për qira të tokës.

Bartja e pronësisë së objektit

Neni 38-g

(1) Para skadimit të afatit për të cilin është lidhur marrëveshja për qira të tokës ndërtimore me themeluesin e zonës, qiramarrësi i tokës nga neni 4 paragrafi (1) pika 32 alineja 2 të këtij ligji ka të drejtë ta bartë të drejtën e pronësisë së objektit të shfrytëzuesit i cili kryen veprimtari në objekt.

(2) Pronari i objektit nga paragrafi (1) i këtij neni i merr të drejtat dhe obligimet e marrëveshjes për qira të tokës deri në skadimin e afatit të periudhës së mbetur të marrëveshjes për qira të tokës.

Neni 38-d

(1) Në rast se e drejta e pronësisë së objektit i bartet personit juridik i cili në pajtim me këtë ligj nuk mund të kryejë veprimtari në zonë, pronari i ri ka për detyrë ta bartë të drejtën e pronësisë së objektit apo t'ia japë me qira në afat prej dy vitesh shfrytëzuesit të ri i cili do të kryejë veprimtari në objekt në pajtim me këtë ligj.

(2) Pas skadimit të afatit nga paragrafi (1) të këtij neni, nëse pronari i ri i objektit nuk gjen shfrytëzues apo nuk e jep me qira objektin në pajtim me këtë ligj objekti kalon në pronësi të Republikës së Maqedonisë.".

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2018 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

Цената на овој број е 250 денари.

ISSN 0354-1622
2018083